# ИСАИЈА:
# „ТЕШЕТЕ ГО МОЈОТ НАРОД“

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јануари, февруари, март 2021

**ИСАИЈА: „ТЕШЕТЕ ГО МОЈОТ НАРОД“**
Автор: *д-р Ој Гејн*

Број 1/2021

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Криза на идентитетот ........................................................... 7

2. Криза на водството ................................................................ 14

3. Кога твојот свет се распаѓа .................................................. 21

4. На потешкиот начин............................................................... 28

5. Благородниот Кнез на мирот ................................................. 35

6. Преземање на Божјата улога ................................................. 42

7. Пораз на Асирците ................................................................ 49

8. „Тешете го мојот народ“ ........................................................ 56

9. Да служи и да спаси ............................................................... 63

10. Да се направи незамисливото .............................................. 70

11. Давање љубов...................................................................... 77

12. Копнежот на народот ........................................................... 84

13. Новото раѓање на планетата Земја ..................................... 91

**Додаток**

Утрински стихови - јануари ........................................................ 98

Утрински стихови - февруари........................................................ 99

Утрински стихови - март............................................................... 100

Секојдневно читање на Библијата.................................................. 102

Текстови за вечерно Богослужение................................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија.................... 104-106

# „ТЕШЕТЕ ГО МОЈОТ НАРОД“



Од моментот кога за прв пат биле изговорени, тие зборови на пророкот Исаија биле врежани, па дури и всадени во нашата свест. Постојат незаборавни зборови кои изобилуваат не само со значење, туку и со надеж и ветување – зборови како што се: „Емануил – со нас е Бог“ (Исаија 7,14) (или во некои преводи Емануел; заб. на прев.); „Зашто дете ни се роди“ (Исаија 9,6); „секој дол да се исполни“ (Исаија 40,4); и „Тој беше изнаранет за нашите гревови и мачен заради нашите беззаконија; казната за нашиот мир падна врз Него, а преку Неговите рани ние се излекувавме“ (Исаија 53,5).

Зборовите создаваат слики, претстави, призвуци. Слабите, празни зборови предизвикуваат слаби, невпечатливи слики, но силните, префинети, вешто осмислени зборови произведуваат моќни, префинети слики и гласни, остри призвуци. Ова, се разбира, објаснува зошто зборовите на Исаија ни говорат толку гласно и јасно – дури и по 27 векови.

На пример, во неговата песна за слугата што страда (Исаија 52,13 – 53,12), Исаија ја пренесува сликата за Месија во подобра резолуција отколку на кое било друго место во Стариот завет. Само тој пасус е доволен да го оправда неговиот прекар „пророк евангелист“.

Освен тоа, неговото пророштво за Кир, кого го спомнува по име еден и пол векови пред персискиот цар да го освои Вавилон (Исаија 44,28 – 45,6), е толку зачудувачки прецизно што некои научници му припишуваат голем дел од неговата книга на подоцнежен, „друг Исаија“ – што е само шуплива измислица на оние кои не се во состојба да видат ништо повеќе од строгите интелектуални ограничувања на човечката имагинација.

Со својата единствена мешавина од живописни слики, неспоредлив поетски ритам и хармонија, драматични контрасти слични на Бетовен и богато ткаење на длабоки теми повторувани во еден префинет, симфониски процес на постојана разработка и развој, вдахновената книга на Исаија е вредно книжевно средство за пренесување на божествените ми-

сли, кои се толку повозвишени од човечките, колку што е небото повисоко од земјата (види Исаија 55,9). Дури и кога станува збор за преводот, во кој се изгубени некои изразни игри со зборови и ритмичко повторување на слоговите карактеристично за еврејскиот јазик, во целата историја на книжевноста има многу малку дела, било да се религиозни или световни, што можат да се споредат со Книгата на пророк Исаија.

Ние ги знаеме неговите зборови – толку експресивни, толку поетски, толку емотивни и силни, но дали го познаваме човекот Исаија и светот во кој тој пишувал, се молел и пророкувал? Додека суровото Асирско царство било на врвот на својата моќ, тоа било време на голема опасност, и што е уште полошо, народот на Јуда, избраниот народ, тонел сè подлабоко во моралната пустош. Алчноста и бедата се соочувале на улиците. Во својата борба за богатство или за опстанок, некои биле замаени од напразната еуфорија, додека други венееле во очај. Во обид да го зачува идентитетот на својот народ – со изведување на остатокот од состојбата на негирање и закотвување во реалноста – Исаија ги повикувал луѓето да го набљудуваат својот Бог, Светецот Израел, Создателот на небото и земјата, Оној што ги познавал по име и ветил дека ќе ги избави од оган, но само ако слушаат – и бидат послушни.

Исаија ги советувал царевите. Кога тенката нишка на Божјата лоза на остатокот дошла до степен на еден град опколен од асирските легии, токму пророчките зборови на Исаија го зајакнале царот Езекија да бара чудо кое претставувало единствена надеж за Ерусалим (Исаија 36; 37) Ако Ерусалим паднел тогаш, наместо пред Вавилонците еден век подоцна, асирската политика за раселување на поробените народи би довела до целосно истребување на еврејскиот национален идентитет. Тогаш повеќе не би постоел еврејскиот народ од кого требало да дојде Месија, Спасителот на светот.

Ова тримесечје ќе ги посматраме Исаија, неговите зборови, неговото време, неговите предвидувања, но најмногу неговиот Бог – Бог кој од тогаш до денес нè повикува: „Не плаши се, зашто Јас те откупив, по име те повикав; ти си Мој“ (Исаија 43,1).

*Д-р Рој Гејн, стручњак за еврејски јазик, работи како професор по Стар завет на Теолошкиот факултет при универзитетот Ендрус во Бериен Спрингс, во државата Мичиген.*

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 1**
**Од 26 декември до 1 јануари 2021**

# КРИЗА НА ИДЕНТИТЕТОТ – изгубен во земјата на заборавот



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 1,1-9; Исаија 1,10-17; Исаија 1,18; Исаија 1,19-31; Исаија 5,1-7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш дојдете и ќе се пресуди, вели Господ. Гревовите ваши да се и алово црвени – како снег ќе ги побелам; да бидат црвени и како пурпур - како волна ќе станат бели“ (Исаија 1,18).**

Ако возите во Ирска по тесен селски пат, ограничен со жива ограда, може да се случи патот да ви го попречи стадо крави, кои полека се враќаат дома по пасење. Дури и ако пастирот не е со нив, тие ќе си дојдат во шталата на нивниот сопственик. Тие знаат каде и кому припаѓаат.

Ако мало момче во продавница се оддалечи од својата мајка и почне да вика: „Ја изгубив мајка ми!“, тоа можеби не знае точно каде е неговата мајка, но во морето мајки што минуваат низ таа продавница, тој ќе ја препознае единствената што е негова.

Жално е да се каже, но, за разлика дури и од ирските крави (а особено од малото изгубено момче), Евреите заборавиле дека му припаѓаат на Господа, својот небесен Господар, и затоа го изгубиле својот вистински идентитет како народ на заветот. „Чујте небеса и слушај земјо, зашто Господ вели: ‘Јас воспитав и подигнав синови, а тие се побунија против Мене. Волот го познава стопанот свој, и магарето – јаслите на господарот свој, а Израел не Ме познава, Мојот народ не разбира’“ (Исаија 1,2.3).

Оваа седмица ќе разгледаме што прави Бог за да го врати својот народ кај себе.

## „ЧУЈТЕ НЕБЕСА!“ (ИСАИЈА 1,1-9)

Книгата на пророк Исаија започнува со краток вовед во кој тој го претставува својот автор („син на Амоц“), изворот на неговата порака („видение“) и темата (Јуда и нејзиниот главен град, Ерусалим, за време на владеењето на четирите цареви). Текстот ја препознава и првобитната публика на Исаија како народ на неговата земја во времето во кое тој живеел. Пророкот им зборува за нивната состојба и судбина.

Спомнувајќи ги царевите за време на чие владеење бил активен, Исаија ја стеснува публиката и ја врзува својата книга со историски, политички настани од одреденото време. Оваа временска рамка нѐ упатува на извештаите од текстовите 2. Царевите 15-20 и 2. Летописи 26-32.

**Прочитајте го текстот Исаија 1,2. Која е суштината на таа порака? Што кажува Господ? Како се повторува истата оваа мисла низ целата света историја? Може ли истото да се каже и за денешната христијанска црква? Објаснете го вашиот одговор.**

____________________________________________

____________________________________________

Забележете дека пораката на пророк Исаија започнува со зборовите: „Чујте небеса и слушај земјо“ ( споредете со текстовите: 5. Мојсеева 30,19; 5. Мојсеева 31,28). Со тоа Господ не мисли дека небото и земјата можат сами по себе да слушаат и да разберат, туку сака да нагласи нешто.

Кога древниот владетел на Блискиот исток, како што бил царот на Хетитите, склучувал политички договор со подреден владетел, тој се повикувал на своите богови како сведоци, за да нагласи дека секое кршење на тој договор сигурно ќе се забележи и казни. Меѓутоа, кога божествениот Цар над царевите воспоставил завет со Израелците во времето на Мојсеј, тој не се повикувал на други богови како сведоци. Како единствен вистински Бог, Тој, наместо тоа, ги повикува небото и земјата да ја одиграат таа улога (види исто така 5. Мојсеева 4,26).

**Внимателно прочитајте го текстот Исаија 1,1-9. На линиите подолу, накратко наведете ги гревовите на Јуда. Обрнете посебно внимание на последиците од овие гревови. Која била вината на Јуда и што се случило поради тоа? Во исто време, каква надеж е наведена во 9. стих?**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

## РАСИПАНИ ОБИЧАИ (ИСАИЈА 1,10-17)

**Прочитајте Исаија 1,10. Што мислите, зошто тука се користи сликата на Содом и Гомора? Што сакал да порача Господ со тоа?**

______________________________________________

______________________________________________

**Прочитајте Исаија 1,11-15. Што му кажува Бог на народот овде? Зошто Бог го отфрлил обожавањето на својот народ?**

______________________________________________

______________________________________________

Истите раце што ги принесувале жртвите и се подигале во молитва биле „полни со крв“, односно биле виновни за насилство и угнетување на другите (Исаија 1,15; Исаија 58,3.4). Со злоупотреба на другите членови на заветната заедница, тие покажале презир кон Заштитникот на сите Израелци. Гревовите против другите луѓе биле гревови против Господа.

Се разбира, Бог лично ги воспоставил обредите на жртвениот систем (3. Мојсеева 1-16) и одредил ерусалимскиот храм да биде место каде што требало истите да се извршуваат (1. Царевите 8,10.11). Но, целта на обредот била да дејствува како дел од заветот што Бог го воспоставил со тој народ. Токму Божјиот завет со Израел му овозможувал да живее меѓу нив во светилиштето/храмот. Затоа, ритуалите што се вршеле таму и молитвите што се упатувале имале вредност само како израз на верност кон Него и Неговиот завет. Луѓето кои принесувале жртви, а не се покајале за неправедните постапки кон другите членови на заветната заедница, всушност изведувале лажни обреди. Оттука, нивните жртви не само што не биле прифатени, туку претставувале и грев! Нивните ритуални постапки ги прикажувале како верни, но нивното однесување откривало дека тие го прекршиле заветот.

**Прочитајте го текстот Исаија 1,16.17. Што му заповеда Господ на својот народ да прави? Во која смисла овие стихови, во овој контекст, можат да се споредат со она што Исус го кажал во Матеј 23,23-28? Каква порака можеме да најдеме за нас лично денес во овие стихови и во контекстот во којшто се дадени?**

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

## ПОНУДА ЗА ПРОШТАВАЊЕ (ИСАИЈА 1,18)

**Прочитајте го текстот Исаија 1,18. Откако ќе го прочитате неколку пати, запишете што мислите дека Господ зборува тука (прочитајте неколку стихови пред и по него, за да добиете претстава за целиот контекст).**

---

Бог изнел силен доказ дека Јудејците – обвинетите – биле виновни за кршење на заветот (Исаија 1,2-15) и ги повикал на реформа (Исаија 1,16. 17). Тој повик навестувал дека сè уште има надеж. Впрочем, зошто би охрабриле злосторник осуден на смрт да го промени своето однесување? Како може еден затвореник, кој чека извршување на смртна казна, „да им помага на угнетените, да им дава правда на сиромашните и да ја брани вдовицата“ (Исаија 1,17, парафразирано)? Но, кога Бог ќе рече: „Тогаш дојдете и ќе се пресуди“ (Исаија 1,18), можеме да видиме дека Тој сè уште се обидува да го вразуми својот народ, сè уште се обидува да ги натера да се покаат и да се одвратат од своите зли патишта, колку и да се расипани.

Господ им кажува дека нивните црвени гревови ќе станат бели. Зошто гревовите се црвени? Бидејќи црвената боја е симбол на „крвта“ (вина за крвта), која ги покрива рацете на народот (Исаија 1,15). Белата, од друга страна, е боја на чистотата, отсуство на вина за крвта. Тука Бог нуди да ги промени. Ваков говор употребил царот Давид кога повикал кон Господа да му го прости гревот што го сторил кога ја зел Витсавеја и го убил нејзиниот сопруг (читај Псалм 51,7.14). Во Исаија 1,18, Божјиот аргумент е понуда да му биде простено на Неговиот народ!

**Како Божјата понуда за проштавање им служи како аргумент за промена на однесувањето? Споредете Исаија 1,18 со Исаија 44,22.**

---

Сега гледаме која била целта на грубите зборови на предупредување што Бог му ги упатил на својот народ. Тие не биле дадени со цел да го осудат Неговиот народ, туку да го вратат кај Него. Неговата понуда за проштавање е силен аргумент во прилог на Неговиот повик народот морално да се исчисти (Исаија 1,16.17). Неговото проштавање им овозможува да се преобразат со Неговата сила. Овде го гледаме семето на „новиот завет“ проречено во текстот на Еремија 31,31-34, во кој проштавањето е основа за обновениот однос на срцето со Бога. Почнуваме од „црвената зона“, со долг што никогаш не можеме да го отплатиме. Но, кога заземаме скромен став, признавајќи ја нашата потреба за проштавање, ќе станеме подготвени да прифатиме сè што ни нуди Бог.

## ДА ЈАДЕШ ИЛИ ДА БИДЕШ ИЗЕДЕН (ИСАИЈА 1,19-31)

**Прочитајте го текстот Исаија 1,19-31. Која тема се појавува овде, а ја гледаме во целата Библија?**

________________________________________________________

Забележете ја логичката структура на текстот Исаија 1,19.20: Ако народот избере да му биде послушен на Бога, ќе јаде од благодетите на земјата (Исаија 1,19). Спротивно на тоа, ако ја одбијат Неговата понуда за проштавање и обновување, ако се побунат против Него, ќе ги изеде меч (Исаија 1,20). Изборот останува на нив. Овие стихови, според тоа, содржат условен благослов и проклетство.

Во првата глава во Книгата на пророк Исаија се повторуваат и се применуваат зборовите на Мојсеј запишани во 5. Мојсеева 30,19.20, во миговите кога бил воспоставен заветот со израелскиот народ: „Ги земам денес за сведоци против вас небото и земјата дека пред вас ставам: живот и смрт, благослов и проклетство. И така, избери го животот.“

**Обратете внимание на овие зборови на Мојсеј. Забележете дека тука нема неутрален терен. Или живот или смрт, или благослов или проклетство. Што мислите, зошто имаме само една од тие две можности? Зошто овде не може да има некој вид компромис?**

________________________________________________________

Овие зборови на Мојсеј ги сумираат предупредувањата, благословите и проклетствата со кои се заокружува воспоставувањето на заветот опишан во 5. Мојсеева 27-30 (5. Мојсеева 26). Елементите на тој завет вклучуваат: (1) потсетник за тоа што Бог го направил за нив, (2) услови/одредби (заповеди) што треба да се спроведат за заветот да се зачува, (3) повикување на сведоци и (4) благослови и проклетства. како предупредување до народот за тоа што ќе се случи ако ги прекрши условите на заветот.

Научниците откриле дека овие елементи се појавуваат по ист редослед во политичките договори во кои се вклучени нееврејските народи, како што биле Хетите. Така, при воспоставувањето завет со Израелците, Бог употребил образец што тие би го разбрале и што ќе остави кај нив најсилен можен впечаток за природата и последиците од таа заемно обврзувачка врска во која тие избрале да влезат. Можните придобивки од тој завет биле неверојатни, но ако Израелците го прекршат, ќе им биде полошо од кога било.

**Како вие сте го искусиле во вашиот христијански живот принципот на благослов и проклетство што го видовме во претходниот текст?**

## ЗЛОКОБНА ЉУБОВНА ПЕСНА (ИСАИЈА 5,1-7)

**Прочитајте ја песната во текстот што го цитиравме. Кое е значењето на таа парабола?**

Бог го објаснува неговото значење дури на крајот, во 7. стих. Користејќи парабола, Тој му помага на народот објективно да се согледа себеси, за да ја признае својата вистинска состојба. Бог успешно го искористил овој пристап во случајот со царот Давид (види 2. Самоилова 12,1-13). Нарекувајќи ја „љубовна песна", тој веднаш на почетокот му ги открива своите мотиви кон народот. Неговиот однос кон нив произлегува од неговиот карактер кој е љубов (1. Јованово 4,8). За возврат, тој очекува и одговор проникнат со љубов. Но, наместо „грозје", тој добива „комиње", што на еврејски значи „нешто што смрди".

**Што сака да каже Господ кога во Исаија 5,4 вели: „Што можев уште да направам за Своето лозје па што веќе не го направив? Се надевав дека ќе роди добро грозје, а ете, роди кисело грозје?"**

Во следните стихови, Бог вели: „Но, сега ќе ви кажам што ќе направам од Своето лозје: ќе му го отстранам плетот, за да го опустат, ќе го разурнам ѕиданото, за да го изгазат" (Исаија 5,5.6).

Кога грешиме, Бог не нè одвојува веднаш од Себеси отстранувајќи ја Неговата заштита и дозволувајќи да бидеме уништени. Тој стрпливо ни дава можности да добиеме проштавање (види 2. Петрово 3,9). Тој не отфрла никој што ќе се одзвие на неговите повици. Тој повикува сè додека има надеж за одговор. Тој не прифаќа „не" како одговор, зашто знае дека сме неуки и измамени од гревот. Но, ако тоа не постигне ништо, Тој конечно го потврдува нашиот избор и ни дозволува да останеме такви какви што сме одбрале да бидеме (види Откровение 22,11).

Ако упорно ги отфрламе повиците што Бог ни ги упатува преку својот Дух, конечно можеме да ја преминеме точката по која нема враќање (Матеј 12,31.32). Опасно е да се оддалечиме од Христа (Евреите 6,4-6). Господ може да стори само толку, затоа што ја почитува нашата слободна волја.

**Прашањето што се наоѓа во текстот Исаија 5,4, „Што можев уште да направам за Своето лозје па што веќе не го направив?...", согледајте го во светлината на Крстот, на кој Бог се принел себеси како жртва за нашите гревови и со својата крв го платил тоа што сме го прекршиле Неговиот Законот. Што друго може да се направи за нас, освен она што Тој веќе го направил таму? Како размислувањето за Крстот ни дава сигурност во спасението и како нè поттикнува да се покаеме и да се промениме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во врска со текстот Исаија 1,4, Елена Вајт напишала: „Оние што се претставувале како Божји народ се одвоиле од Бога, ја изгубиле својата мудрост и ги извртеле своите сфаќања. Тие не можеле да ги согледаат работите оддалеку бидејќи заборавиле дека се очистени од своите стари гревови. Тие напредувале неспокојно и несигурно под закрилата на темнината, обидувајќи се да го избришат од нивниот ум сеќавањето на слободата, сигурноста и среќата во кои претходно уживале. Тие тонеле во секакво дрско, непромислено лудило, спротивставувајќи се на Божјото провидение и продлабочувајќи ја вината што веќе била на нив. Тие ги слушале обвинувањата на сатаната против Божјиот карактер и го претставувале Бога како некој кој е безмилосен и не проштава“ (*The SDA Bible Commentary,* vol. 4, p. 1137).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Како можете да се „измиете“? Што значи тој израз? (Видете Филипјаните 2,12.13).**
2. **Како Исус ја прилагодил, проширил и применил љубовната песна за лозјето? Матеј 21,33-45; Марко 12,1-12; Лука 20,9-19. Кои поуки ги наоѓаме во таа приказна за нас како христијани адвентисти?**
3. **Која е врската меѓу проштавањето што Бог ни го нуди и преобразбата што Тој ја остварува во нашиот живот? Што доаѓа прво – преобразба а потоа проштавање или проштавање а потоа преобразба? И зошто е важно да се знае што е на прво место?**
4. **Во горниот цитат, Елена Вајт вели дека народот се спротивставил на „Божјото провидение“. Што значи тоа?**

### ЗАКЛУЧОК

Кога припадниците на Божјиот народ ќе го заборават Него и небрежно ќе се однесуваат кон Неговите благослови, Тој ги потсетува дека тие се одговорни за заветот што го склучиле со Него. Тој милостиво им укажува на нивната состојба, ги предупредува за катастрофалните последици од напуштањето на Неговата заштита и ги убедува да му дозволат да ги исцели и очисти.

**Поука 2**
**Од 2 – 8 јануари 2021**

# КРИЗА НА ВОДСТВОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 6,1-4; Исаија 6,5-7; Исаија 6,8; Исаија 6,9-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во годината кога умре цар Озија, јас Го видов Господа, седнат на престолот висок и издигнат, а полите на облеката Негова го исполнија целиот храм“ (Исаија 6,1).**

Кога Конфучиј прашал еден од неговите ученици кои се факторите на доброто владетелство, тој одговорил: „Доволно храна, доволно оружје и доверба на обичниот народ“.

„Но“, прашал ученикот понатаму, „замислете дека сте принудени да изоставите едно од овие три работи. Од што би се откажале?‘

’Од оружјето‘, рекол Конфучиј.

„Но, замислете дека сте принудени да изоставите дури и едно од двете работи што останаа“, упорно продолжил студентот. ’Од што би се откажале?‘

На ова Конфучиј одговорил: ’Од храната. Бидејќи гладот од дамнешни времиња влијае на сите луѓе, но народот кој повеќе не им верува на своите владетели е навистина изгубен‘ (Michael P. Green, 1500 Illustrations for Biblical Preaching; Grand Rapids, Mich.: Baker Books, 1989, p. 215).

На луѓето навистина им треба силно, сигурно водство. Кога еден војник се пријавил на должност по втор пат, го прашале зошто го прави тоа. „Го пробав граѓанскиот живот“, одговорил тој, „но таму надвор никој не е надлежен“.

Оваа седмица, ќе ја разгледаме кризата на водството во Јуда и нејзините тажни последици.

## ЦАРОТ Е МРТОВ. ДА ЖИВЕЕ ЦАРОТ!

**Текстот Исаија 6,1 зборува за смртта на царот Озија. Прочитајте 2. Летописи 26 глава, а потоа одговорете на прашањето: Што значела смртта на царот Озија?**

Смртта на тој цар може да се разледа од различни агли.

1. Иако владеењето на Озија било долго и успешно, „но кога стана силен, се возгордеа срцето негово за негово загинување, и тој стана престапник пред Господ, неговиот Бог, зашто влезе во храмот Господов за да запали темјан на кадилниот жртвеник“ (2. Летописи 26,16). Кога свештениците со право го запреле, бидејќи тој не бил потомок на Ароновото свештеничко семејство, и затоа не бил овластен да го прави тоа (2. Летописи 26,18), царот се налутил. Во моментот кога царот го одбил укорот, Господ го удрил со лепра што не го напуштила „до денот на смртта своја, и живееше во посебна куќа и беше отстранет од домот Господов“ (2. Летописи 26,21). Колку иронично е што Исаија добил визија за чист, бесмртен, божествен Цар во неговиот дом/храм истата година кога овоземниот нечист цар починал!

2. Постои остар контраст меѓу Озија и Исаија. Озија дрско посегнал по светоста, од погрешни причини (горделивост), а за возврат станал ритуално нечист, лишен од светоста. Од друга страна, Исаија дозволил Божјата светост да го досегне. Тој понизно ја признал својата слабост и копнеел за морална чистота, и ја добил (Исаија 6,5-7). Како собирачот на данок во Исусовата парабола, тој се правдал: „Зашто секој што самиот себе се возвишува, ќе биде понизен, а кој се понизува себе самиот, ќе биде возвишен“ (Лука 18,14).

3. Постои неверојатна сличност меѓу лепрозното тело на Озија и моралната состојба на народот: „...Од главата до петите нема во тој народ здраво место, модрици, гнојни рани“ (Исаија 1,6).

4. Смртта на Озија околу 740 година пред н.е. означува почеток на голема криза на водството меѓу Божјиот народ. Смртта на кој било апсолутистички владетел ја прави неговата земја ранлива за време на промената на власта. Но, Јудеја била во посебна опасност затоа што Телгат-Фелнасар III (или во некои преводи Телгат-Пелнасар/Тилгат-Пилнесер; заб. на прев.) се искачил на престолот во Асирија неколку години порано, во 745 г. пред н.е., и веднаш започнал со воени походи кои го направиле неговиот народ непобедлива велесила што ја загрозувала независноста на сите народи на Блискиот Исток. Во тоа време на криза, Бог го охрабрил Исаија покажувајќи му дека сè уште држи сè под контрола.

**Внимателно прочитајте 2. Летописи 26,16. На кои начини секој од нас се соочува со оваа опасност од истите причини? Како размислувањето за Крстот може да нè заштити од таа стапица?**

## „СВЕТ, СВЕТ, СВЕТ“ (ИСАИЈА 6,1-4)

Забележете што се случувало во првите четири стиха од шестата глава на Книгата на пророк Исаија. Царот умира во време на големи политички немири (Асирците се во воен поход). Можело да биде застрашувачко време за Исаија ако не бил сигурен кој ја има целосната контрола.

И тогаш што се случило? Додека бил во визија, тој ја гледал блескавата Божја слава над неговиот престол, го слушал наизменичното пеење на сјајните серафими („оние што се горе“) како воскликнуваат: „Свет, свет, свет“, го почувствувал сеизмичкото тресење на земјата под него и ѕиркал низ вителите од чад што го исполнувале храмот. Тоа сигурно било величествено искуство за пророкот. Исаија сега сигурно знаел кој ја има контролата, и покрај надворешните настани.

**Каде е Господ во таа визија? (Види Исаија 6,1.) Зошто Господ се појавил пред Исаија токму тука, а не на некое друго место? Види 2. Мојсеева 25,8; 40,34-38.**

---

Езекиел, Даниел и Јован биле во прогонство кога ги добиле своите визии (Езекиел 1; Даниел 7,9.10; Откровение 4,5). Како и на пророкот Исаија, и ним им била потребна посебна утеха и охрабрување за да знаат дека Бог сè уште е надлежен, иако нивниот свет се распаѓа. (Даниел и Езекиел биле заробеници на пагански народи кои ја уништиле нивната земја, додека Јован бил протеран на пуст остров од непријателска политичка сила). Без сомнение, овие виденија им помогне да го добијат она што им било потребно за да останат верни, дури и во кризни ситуации.

„Додека го посматрал ова откровение на славата и Господовото величие, бил обземен со свесност за Божјата чистота и светост. Колку ли само огромна била разлика меѓу неспоредливото совршенство на неговиот Творец и грешното однесување на оние кои заедно со него се вбројувале во избраниот народ на Израел и Јуда!“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 307, оригинал).

Божјата трансцендентална светост, нагласена во визијата на Исаија, претставува основен аспект на неговата порака. Бог е свет Бог и Тој бара светост од својот народ, светост што Тој ќе им ја даде ако се покаат, ако се вратат од своите зли патишта и му се потчинат со вера и послушност.

**Сите сме се нашле во некои обесхрабрувачки ситуации, кога, однадвор гледано, се чинело како сè да е изгубено. Па дури и ако тогаш не сте добиле визија за „славата Господова“ како Исаија, потсетете се на сите начини на кои Господ успевал да ве одржи вас и вашата вера за време на тие кризи. Какви поуки сте извлекле од тие искуства што можете да ги споделите со другите?**

## НОВА ЛИЧНОСТ (ИСАИЈА 6,5-7)

Во светилиштето/храмот, само првосвештеникот можел да влезе во Божјето присуство, во Светињата над Светињите на Денот на помирување и под заштитната димна завеса создадена од темјанот („кадиво“) – во спротивно тој би умрел (3. Мојсеева 16,2.12.13). Меѓутоа, Исаија го видел Господа, иако тој не бил првосвештеник и не палел темјан! Храмот бил исполнет со дим (Исаија 6,4), потсетувајќи нè на облакот во кој се појавувала Божјата слава на Денот на помирувањето (3. Мојсеева 16,2). Совладан од страхопочит и мислејќи дека му дошол крајот (спореди ги текстовите: 2. Мојсеева 33,20; Судии 6,22.23), Исаија повикал признавајќи ги своите гревови и гревовите на својот народ (Исаија 6,5), што потсетува на признавањето на гревовите на првосвештеникот на Денот на помирувањето (3. Мојсеева 16,21).

„Стоејќи тука, при полна светлина на Божјата присутност на светињата, тој сфатил дека нема да биде во состојба да ја изврши должноста на која е повикан ако биде препуштен на својата несовршеност и неспособност. Меѓутоа, еден од серафимите бил пратен да го ослободи очајувањето и да го подготви за неговата возвишена мисија“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 308 ориг.).

**Зошто серафимот го зел живиот, запален јаглен од олтарот за да ги исчисти усните на Исаија? Исаија 6,6,7.**

Серафимот објаснил дека со допирање на усните на пророкот, неговата вина и грев биле отстранети (Исаија 6,7). Гревот не се споменува конкретно, но не мора да биде ограничен на говорот, бидејќи усните не значат само зборови, туку и целокупната личност што ги изговара. Откако примил морално прочистување, Исаија сега бил во можност да му принесе чиста слава на Бога.

Огнот е средство што прочистува бидејќи ја согорува сета нечистотија (види 4. Мојсеева 31,23). Но, серафимот употребил јаглен од посебен, свет оган од олтарот, кој лично Бог го запалил и кој продолжува вечно таму да гори (3. Мојсеева 6,12). Според тоа, серафимот направил Исаија да стане и свет и чист. Има уште нешто. За време на богослужбата во светилиштето или храмот, главната причина за земање јаглен од олтарот била да се запали темјанот. Споредете го ова со текстот во 3. Мојсеева 16,12.13, каде што првосвештеникот требало да ја земе кадилницата полна со јаглен од олтарот и да ја употреби за да го запали темјанот. Но, во текстот Исаија 6, серафимот го става јагленот на Исаија наместо на темјанот. Додека Озија сакал да принесе темјан, Исаија станал како темјан! Како што светиот оган ќе го запали темјанот за да го наполни Божјиот дом со свет мирис, така го запалил и пророкот да ја шири светата порака. Не е случајно што во следните стихови од шестата глава (Исаија 6,8 и натаму), Бог го испраќа Исаија кај својот народ.

**Прочитајте го, со молитва, одговорот на Исаија (Исаија 6,5) на неговата визија за Бога. Како во ова го гледаме изразот на основниот проблем – дека постојат грешни луѓе во вселената создадена од Бог, кој е „свет, свет, свет“? (Исаија 6,3). Зошто Христос на крстот бил единственото можно решение за овој проблем? Што се случило на Крстот што го решило тој проблем?**

## ЦАРСКИ НАЛОГ (ИСАИЈА 6,8)

„И го чув гласот на Господ, Кој рече: ’Кого да испратам и кој ќе отиде за нас?‘ А јас реков: ’Еве ме мене, испрати ме мене!‘“ (Исаија 6,8).

Откако се очистил, Исаија веднаш одговорил на Божјиот повик да биде претставник кого Тој ќе го испрати во Негово име. Кажано со новозаветни термини, Исаија би бил повикан за апостол, односно „оној што е испратен“.

Интересно е што Книгата на пророкот Исаија не започнува, како и некои други пророчки книги, со опис на неговиот пророчки повик (спореди со текстовите: Еремија 1,4-10; Езекиел 1-3). Со други зборови, тој сигурно веќе бил наречен пророк, дури и пред настаните од 6-та глава. Библијата покажува дека божествената средба може да го охрабри пророк дури и по почетокот на неговата служба (Мојсеј: 2. Мојсеева 34; Илија: 1. Царевите 19). Исто така, за разлика од другите примери во кои Бог им кажува на луѓето дека ќе бидат пророци, во текстот Исаија 6 глава, пророкот доброволно се јавува во посебна мисија. Се чини дека текстот од 1. до 5. глава во Книгата на пророк Исаија ги претставува условите што владееле во времето кога Исаија бил за првпат повикан, по што Бог силно ја поттурнал неговата служба охрабрувајќи го во храмот и потврдувајќи го неговиот повик како Божји пророчки гласник.

**Бог го охрабрил Исаија во својот храм. Постојат ли и на друго место во Библијата докази дека Божјото светилиште е место за охрабрување? Псалм 73 (види Псалм 73,17); Евреите 4,14-16; Евреите 10,19-23; Откровение 5. Што ни кажуваат овие текстови?**

Не само што Божјото светилиште пулсира со неверојатна моќ, туку е и место каде што слабите и грешни луѓе како нас можат да најдат засолниште. Можеме да се охрабриме од сознанието дека Бог работи на нашето спасение преку Исуса Христа, нашиот Првосвештеник.

Јован, исто така, го видел Христа, претставен како жртвено јагне кое е заклано, со пресечено грло (Откровение 5,6). Тоа не била пријатна глетка. Овој опис ја испраќа пораката дека Христос, иако воскреснал од мртвите и се вознел на небото, постојано со себе го носи искуството на Крстот. Тој сè уште е воздигнат за да ги привлече сите луѓе кон себе на својот олтар.

**Како вие најдовте охрабрување влегувајќи со вера, со молитва, во Божјиот небесен храм? Евреите 4,16 нè повикува слободно да му пристапиме на Божјиот престол „за да примиме милост и да најдеме благодат за благовремена помош“. Ако некој ве праша како сте нашле благодат и милост во време на потреба, што би одговориле?**

## ЗАСТРАШУВАЧКИ ПОВИК (ИСАИЈА 6,9-13)

Зошто Бог, кога повторно го повикал во служба, му дал толку необична порака на Исаија да му ја однесе на Неговиот народ (Исаија 6,9.10)?

За да не помислиме дека Исаија слушнал нешто погрешно или дека таа порака била неважна, Исус го цитирал токму овој текст за да објасни зошто го поучува народот преку параболи (Матеј 13,13-15).

Бог не сака никој да загине (2. Петрово 3,9), а тоа објаснува зошто го испратил Исаија кај народот на Јуда – а Исуса на светот. Бог не сака да уништи, туку да спаси засекогаш. Но, додека некои луѓе одговараат позитивно на Неговите повици, други стануваат поупорни во нивниот отпор. И покрај тоа, Бог продолжува да ги повикува за да им дава сѐ повеќе можности да се покаат. Да, колку повеќе се спротивставуваат, толку потврдокорни стануваат. Значи, во таа смисла, она што Бог го прави за нив резултира со стврднување на нивните срца, иако Тој повеќе сака овие постапки да ги омекнат. Божјата љубов кон нас не се менува. Нашиот одговор на Неговата љубов е главната променлива варијабла.

Улогата на проповедниците, како Мојсеј, Исаија, Еремија, Езекиел, па дури и Христос, е да продолжат да повикуваат, дури и ако народот ја отфрлува пораката. Бог му рекол на Езекиел: „Дали ќе те послушаат или нема да те послушаат, бидејќи тие се дом отстапнички – но нека знаат дека меѓу нив имало пророк“ (Езекиел 2,5). Божјата улога и улогата на Неговите слуги е да им дадат на луѓето можност за избор на тој начин што ќе добијат соодветно предупредување (споредете Езекиел 3,16-21), дури и ако на крајот изберат уништување и прогонство (Исаија 6,11-13).

**Имајќи го тоа на ум, како ја разбираме Божјата улога во стврднувањето на срцето на фараонот?**

Во 2. Мојсеева 4,21, Бог вели: „Јас ќе го направам кораво неговото срце“. Ова е првата од деветте прилики во кои Тој вели дека ќе го закорави срцето на фараонот. Но, имало уште девет прилики во кои срцето на фараонот само стврднало (на пример, видете 2. Мојсеева 8,15.32; 9,34).

Јасно е дека фараонот поседувал некој вид слободна волја, бидејќи во спротивно неговото срце не би можело само да се стврдне. Меѓутоа, фактот дека Бог исто така го стврднал срцето на фараонот навестува дека Бог ги придвижил околностите на кои фараонот реагирал при донесувањето на своите одлуки – одлуки да ги отфрли знаците што Бог му ги давал. Да бил фараонот отворен за овие знаци, неговото срце ќе омекнело и не би се стврднало поради нив.

**Дали во вашето лично искуство со Господа некогаш сте почувствувале дека срцето ви е стврднато кон Светиот Дух? Размислете што довело до тоа. Ако тогаш не ви изгледала застрашувачка таа мисла (впрочем, тоа е дел од тоа што значи да се има тврдо срце), како гледате на тоа сега? Кој е начинот на избавување? Видете 1. Коринќаните 10,13.**

## ЗА НАТАМОШНО ИСТРАЖУВАЊЕ

„Безбожноста завладеала меѓу сите општествени слоеви до таа мера што малкутемина, кои му останале верни на Бога, често доаѓале во искушение да паднат во малодушност и да му попуштат на обесхрабрувањето и очајот. Изгледало како да нема да се оствари Божјата намера со Израел и дека разбунтуваниот народ ќе доживее слична судбина како Содом и Гомора.

Со оглед на ваквите околности, не е ништо чудно што, кога Исаија бил повикан во последната година од владеењето на Озија да ја објави веста на опомена и Божји укор на Јуда, тој се колебал да ја прифати таа одговорност. Добро знаел дека ќе наиде на тврдоглав отпор. Чувствувајќи се неспособен да одговори на должноста и размислувајќи за непокороноста и неверството на народот за кој требал да работи, Исаија се плашел дека нема да може да ја изврши својата задача. Треба ли во очајание да се откаже од својата мисија и да дозволи Јуда и понатаму непречено да тоне во идолопоклонство? Зар ќе дозволи боговите на Ниневија да владеат со земјата пркосејќи му на небесниот Бог?“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 306, 307 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Ако некој скептик или атеист ви постави прашање: „Како можете да покажете дека вашиот Бог држи сè под контрола?“, што би му одговориле?**
2. **Ако Бог држи сè под контрола, зошто страдаат невини луѓе? Дали текстот Исаија 1,19.20 подразбира дека во сегашниот живот треба да му се случуваат само добри работи на Божјиот верен народ, а лоши само на оние што се во бунт? Споредете го ова со текстовите: Книгата за Јов 1; 2; Псалм 37; Псалм 73. Дали можеме да го усогласиме нашето разбирање за Божјиот карактер со злото што им се случува на луѓето? Треба ли да го правиме тоа?**
3. **Зошто има толку многу детали за Денот на помирување во 6. глава од Книгата на пророк Исаија? Земете го предвид фактот дека на тој годишен ден на судење, Бог го чистел Својот народ со отстранување на гревот од оние што му биле верни (3. Мојсеева 16,30) и со исклучување на оние што му биле неверни (3. Мојсеева 23,29.30).**

### ЗАКЛУЧОК

Во несигурно време, кога слабоста на човечкото водство била болно видлива, на Исаија му била дадена величествена визија за врховниот Водач на вселената. Уплашен од својата недостојност, но прочистен и зајакнат од милоста, Исаија бил подготвен да појде како Божји амбасадор во непријателскиот свет.

**Поука 3**
**Од 9 – 15 јануари 2021**

# КОГА ТВОЈОТ СВЕТ СЕ РАСПАЃА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 7,1-9; Исаија 7,10-13; Исаија 7,14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ако не верувате, нема да се одржите“ (Исаија 7,9).**

Една сабота, кога Кони и Рој возеа дома по богослужението, мала украсна „бантам“ кокошка избезумено истрча во дворот пред нив. Нешто не беше во ред. Кокошките требаше да бидат безбедни во нивниот кокошарник, но од некоја причина излегоа надвор. Брзиот преглед на ситуацијата откри трагедија која беше во тек. Бетовен, малото куче на соседот, избегало од неговиот двор и застанало малку подолу, покрај езерцето, со Дејзи во вилиците. Дејзи беше прекрасна кокошка несилка со големи бели пердуви на опашката. Кони успеа да ја истргне Дејзи, но веќе беше доцна. Нејзиното милениче, сега со повреден врат, наскоро ѝ почина во рацете. Кони седеше во дворот и липаше држејќи ја мртвата птица.

И друго милениче беше длабоко вознемирено од настанот. Големата бела патка по име Водлсворт, гледајќи ја Кони како ја држи Дејзи, се чинеше дека помислила оти таа ја убила. Така, следните неколку седмици, веднаш штом ќе ја видеше Кони, патката започнуваше жестоко да ја напаѓа, боцкајќи ја со силниот клун. Понекогаш е навистина тешко да се каже кои ви се пријатели и кои непријатели.

Оваа седмица ќе размислуваме за еден од јудејските цареви, кој исто така го имал овој проблем, и ќе се потрудиме да разбереме зошто ги донел погрешните одлуки што ги донел.

## ОПАСНОСТ ОД СЕВЕР (ИСАИЈА 7,1-9)

**Со каква застрашувачка криза се соочил царот Ахаз на почетокот од своето владеење? 2. Царевите 15,37; 38; 2. Царевите 16,5,6; Исаија 7,1.2.**

---

Царството на северен Израел (Ефрем) и Сирија (Арам) се обединиле против помалата земја Јуда на југот. Ова се случило кога Јуда веќе била ослабена од нападите на Едомитите и Филистејците. Јуда се борела со Израел во минатото, но сојузот меѓу Израел и Сирија претставувал огромна опасност. Се чини дека Израел и Сирија сакале да ја принудат Јуда да им се придружи во коалиција против моќната сила на асирскиот Телгат-Фелнасар III (наречен „Фул“ во 2. Царевите 15,19), кој продолжил да им се заканува со проширување на својата империја. Соочени со поголема опасност, Израел и Сирија ги оставиле настрана долгогодишните меѓусебни несогласувања. Кога би успеале да ја освојат Јуда и да постават марионетски владетел во него (Исаија 7,5.6), тие би можеле да ги користат нејзините ресурси и жители.

**Какво било решението на Ахаз кога неговиот свет почнал да се распаѓа? 2. Царевите 16,7-9; 2. Летописи 28,16.**

---

Наместо да сфати дека Бог е единствениот пријател што можел да го спаси и него и неговата земја, Ахаз се обидел да се спријатели со Телгат-Фелнасар III, непријателот на своите непријатели. Асирскиот цар со задоволство се согласил со барањето за помош против Сирија и Израел. Телгат-Фелнасар не само што примил голем поткуп од Ахаз, туку добил и добар изговор за преземање на Сирија, а тоа го сторил веднаш (2. Царевите 16,9). Моќта на сириско-израелскиот сојуз била скршена. Краткорочно гледано, се чинело дека Ахаз ја спасил Јуда.

Тој потег на Ахаз, сепак, не треба да нè изненади. Тој бил еден од најлошите цареви што владееле со Јуда до тој момент (Види 2. Царевите 16,3-4; 2. Летописи 28,2-4).

**Кога читаме каков бил царот Ахаз, нам ни е јасно зошто на опасноста реагирал така како што реагирал. Која поука се наоѓа тука за нас на личен план? Ако сега не сме му послушни на Господа, зошто мислиме дека ќе имаме доволно вера да се потпреме на Него кога ќе дојдат вистински искушенија? (Види Јаков 2,22; Еремија 12,5)**

## ОБИД ЗА ПРЕСРЕТНУВАЊЕ (ИСАИЈА 7,3-9)

Додека Ахаз ги мерел своите политички опции за соочување со заканата што ја претставувале Израел и Сирија, Бог знаел нешто што тој не го знаел. Првенствено, Бог е тој што дозволил да го снајдат неволји, со цел да ги дисциплинира и да ги вразуми (2. Летописи 28,5.19). Освен тоа, Бог знаел дека обраќањето кон Телгат-Фелнасар за помош, иако се чинело логично и привлечно од човечка гледна точка, би го донело Давидовото царство на Јуда пред странска управа од која тој никогаш не би можел да закрепне.

Влогот бил зачудувачки висок. Затоа Господ го испратил Исаија да го пресретне царот (очигледно во моментот кога го проверувал ерусалимското снабдување со вода при подготовката за опсадата), за да го убеди да не стапува во контакт со асирскиот водач.

**Зошто Господ му рекол на Исаија да го земе со себе синот Сеар-Јашув (Исаија 7,3)?**

Ахаз сигурно се изненадил кога Исаија го поздравил и го запознал со неговиот син, чие име значи „остатокот ќе се преобрати“. Остаток од што? Ќе се сврти кон што? Бидејќи таткото на момчето бил пророк, тоа име звучело како злокобна порака од Бога дека луѓето ќе заминат во заробеништво. Или, тоа се однесувало на обратување кон Бога во смисла на покајание (глаголот „обрати“ значи и покајание)? Пораката од Бога до Ахаз гласела: Тоа значи она што го правиш да има значење! Одврати се од твоите гревови или оди во заробеништво, а од заробеништво остатокот ќе се врати. Ти одлучуваш!

**Како Божјата порака ја окарактеризирала ситуацијата на царот? Исаија 7,4-9.**

Заканата од Сирија и Израел ќе помине и Јуда ќе биде поштедена. Силите што на Ахаз му се чинеле како огромен распален вулкан, во Божјите очи претставувале само „два краја на... гламји што чадат“ (Исаија 7,4). Немало потреба Ахаз да се обраќа до Асирија за помош.

Но, за да донесе правилна одлука, потребно било Ахаз да му верува на Господа и на Неговите ветувања. Тој морал да верува за да се одржи (Исаија 7,9). Зборовите што се преведени како „верувате“ и „одржите“ потекнуваат од истиот еврејски корен од кој потекнуваат и зборовите „вистина“ (нешто доверливо) и „амин“ (со кој се потврдува она што е вистинито/веродостојно). Ахаз требало да биде уверен за да стекне сигурност. Требало да се потпре за да биде и самиот човек од доверба.

**Погледнете го последниот дел од стихот во Исаија 7,9. Зошто верата и довербата се толку важни за да се „одржиме“? Да се одржиме во што? Како овој принцип може да се примени во животот на еден христијанин?**

## УШТЕ ЕДНА ПРИЛИКА (ИСАИЈА 7,10-13)

Ахаз не одговорил на повикот на Исаија да верува. Затоа Бог милостиво му дал на царот уште една можност и му порачал да бара знак што ќе биде „или во длабочините или во височините“ (Исаија 7,11). Тоа е едно од највеликодушните повици некој да верува што некогаш му бил упатен на човечко суштество. За разлика од оние кои организираат лотарии и наградни игри, Бог не поставил никакви ограничувања напишани со ситни букви. Бог не ја ограничил дури ни понудата на половина од своето царство, како што правеле човечките владетели во својата желба да ја покажат горната граница на својата дарежливост (види Естира 5,6; Естира 7,2; Марко 6,23). Тој бил подготвен да ги испразни небото и земјата за еден лош цар само за тој да поверува! Ахаз можел да побара рид од злато или војска бројна како зрна песок во Медитеранот како знак.

**Зошто Ахаз одговорил на таков начин (Исаија 7,12)?**

На прв поглед, Ахаз одговорил побожно и со почит. Тој повеќе бил за тоа да не го искушува Бога, како што правеле Израелците со векови порано за време на нивното талкање низ пустината (2. Мојсеева 17,2; 5. Мојсеева 6,16). Меѓутоа, разликата била во тоа што Бог сега го повикал царот да го искуша (спореди Малахија 3,10). Прифаќањето на Неговиот повеќе од богат дар би било според Божја волја и не би го искушувало Неговото трпение. Но, Ахаз не сакал да му дозволи на Бога дури ни да му помогне да верува. Цврсто ја затворил вратата на своето срце за да спречи верата да влезе.

**Прочитајте Исаија 7,13. За што зборува Исаија тука?**

Исаија истакнал дека одбивајќи да го искушува Бога, наводно за да не му здодева, Ахаз навистина му здодеал на Бога. Но, она што најмногу загрижува околу овој стих е фактот дека Исаија тука зборува за „мојот Бог“, наспроти текстот Исаија 7,11, во кој пророкот го повикал царот да побара знак од Господа „твојот Бог“. Кога ја одбил божествената понуда, Ахаз всушност одбил да го направи Господа свој Бог. Господ бил Бог на Исаија, но не и на Ахаз.

**Што нè учи денешната лекција за Божјата трпеливост и подготвеност да нè донесе сите до спасение? Што ни кажува ова исто така за слепилото и тврдоста на човечкото срце кое одбива целосно да му се предаде на Господа? На крајот на краиштата, дури и ако Бог му дал знак – каков што ќе посакал, дали мислите дека Ахаз тогаш би поверувал? Објаснете го вашиот одговор.**

## ЗНАК НА СИНОТ (ИСАИЈА 7,14)

Понудата да побара знак „или во длабочините или во височините“ (Исаија 7,11) не влијаело на Ахаза. Затоа, кога Бог вели дека самиот Тој ќе го даде знакот (Исаија 7,14), очекуваме тоа да биде нешто што го одзема здивот, што може да го замисли само божествената промисла (споредете со текстовите: Исаија 55,9; 1. Коринќаните 2,9)

Меѓутоа – изненадување! Тој знак е синот. Но, како може една девојка што ќе роди дете и го нарече „Емануел“, да биде знак со библиски размери?

**Која е таа жена и кое е нејзиното Дете?**

Никаде Стариот Завет не укажува на изричито исполнување на овој важен знак, за разлика од знаците дадени на некои други поединци, како што е Гедеон (Судии 6,36-40). Сепак, еве неколку можни исполнувања, засновани само на Стариот завет:

1. Бидејќи изразот „девојка“ се однесува на млада жена која стасала за мажење, многумина претпоставуваат дека таа била некоја мажена жена која живеела во Ерусалим, можеби дури и сопругата на Исаија. Текстот Исаија 8,3 навистина го бележи раѓањето на синот на Исаија што го добил со „пророчица“ (што се однесува до неговата сопруга, чијашто пророчка порака се состоела барем од имињата на нејзините деца; спореди Исаија 7,3; 8,18). Меѓутоа, на тој син му било дадено името Махер-Шалал-Хаш-Баз (Исаија 8,1-4), а не Емануел. Сепак, знаците што ги претставувале овие две момчиња се слични по тоа што, пред да достигнат возраст во која би можеле да избираат меѓу доброто и злото, Сирија и северен Израел ќе бидат опустошени (Исаија 7,16; 8,4).

2. Некои сметаат дека Емануел бил всушност Езекија, синот на Ахаз, кој станал следниот цар. Сепак, името Емануел не се применува на него никаде.

3. Бидејќи Емануел е донекаде таинствен, а неговото име, кое обично се преведува како „Бог е со нас“, укажува на Божјето присуство, Тој би можел да биде истиот посебен Син на кого се однесуваат пророштвата од 9. и 11. глава од Книгата на пророк Исаија. Во тој случај, Неговиот возвишен опис како божествен син (Исаија 9,6), кој е исто така и „Јесеевиот корен“ (Исаија 11,10), надминува сè што може да му се припише дури и на добриот цар Езекија.

4. Природното раѓање на невенчана жена која стасала да се мажи, би довело до раѓање на вонбрачно дете од вонбрачна врска (види 5. Мојсеева 22,20.21). Зошто Бог би повикал такво дете како знак кој треба да вдахне вера?

Спротивно на тоа, Новиот завет го препознава Исуса како Емануел (Матеј 1,21-23), роден на чудесен начин и во чистота, од невенчана но совршена девица. Исус е исто така и божествен Син (Исаија 9,6; Матеј 3,17), „пенушка“ и „корен“ од Јесеј (Исаија 11,1.10; Откровение 22,16). Можеби некој претходен „Емануел“, чиј развој му ја докажал на Ахаза навременоста на пророчките исполнувања, послужил како Христов претходник. Не го знаеме тоа. Но, ние го знаеме она што треба да го знаеме: „Кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син, Кој се роди од жена“ (Галатјаните 4,4), за да го донесе Божјото присуство меѓу нас.

**Размислувајте за реалноста на Христовото доаѓање меѓу луѓето. Каква утеха може да ни даде оваа реалност среде ова што нам ни изгледа како еден студен, застрашувачки, безобѕирен свет?**

## „СО НАС Е БОГ!“ (ИСАИЈА 7,14)

Како имињата на децата на Исаија (Шеар-Јашув, „остатокот ќе се преобрати“ и Махер-Шалал-Хаш-Баз, што значи „брзо пљачка, брзо граба“), и името Емануел има свое значење. Буквално значи „Со нас е Бог“. Меѓутоа, во тој општоприфатен превод недостасува нешто важно. Како и во случајот со другите еврејски имиња од тој тип, на кои им недостасуваат глаголи, мора да се додаде глаголот „да се биде“, бидејќи тој во еврејскиот јазик не се изговара. Затоа, Емануел треба да се преведе како „со нас е Бог“ (споредете ги истите зборови во Исаија 8,10), исто како што и името „Исус“ (на грчки, скратено од еврејски Јошуа или Јехошуа) значи „Господ е спасение“, повторно со додаден глагол (спореди со името Исаија, чие значење е „Спасение Господово“).

Впрочем, името „Емануел“ не е само некој апстрактен опис. Тоа претставува ветување што сега се исполнува: „Со нас е Бог!“

**Кое е значењето на тоа ветување дека Бог е со нас?**

Нема посилно охрабрување и утеха. Бог не ветува дека Неговиот народ нема да трпи тешкотии и болка, но ветува дека ќе биде со нив. Псалмистот вели: „Кога би тргнал и по долината на смртната сенка, нема да се исплашам од злото, зашто Ти си со мене; Твојот жезол и Твојата палка ме успокојуваат“ (Псалм 23,4).

Бог вели: „Преку води ли ќе минуваш – Јас сум со тебе; преку реки ли – тие нема да те потопат; ако тргнеш преку оган, нема да се изгориш, и пламенот нема да те обгори“ (Исаија 43,2).

Каде бил Господ кога Вавилонците ги фрлиле тројцата другари на Даниел во печката? Со нив (Даниел 3,23-25). Каде бил Господ во времето на Јакововите маки, додека се борел со некого до зори? Во Јакововите раце, најблизу што можел да биде (1. Мојсеева 32,24-30).

Дури и кога не се појавува на земјата во физички облик, Господ минува низ искуствата на својот народ заедно со него. Каде бил Господ кога толпата го осудила Стефан? Тој стоел „од десната страна на Бога“ (Дела 7,55). Меѓутоа, кога се вознел на небото, Исус „седна од десната страна на престолот на Севишниот во висините“ (Евреите 1,3). Тогаш, зошто Исус стоел кога Стефан бил во неволја, пред да биде каменуван до смрт? Како што забележал Морис Венден, „Исус не сакал да го посматра тоа седејќи!“ (Roy Gane, God’s Faulty Heroes; Hagerstown, Md.: Review and Herald Pub. Assn., 1996; p. 66).

**Иако имаме ветување дека „со нас е Бог“, што вреди ако и понатаму се соочуваме со страшни искушенија и страдања? Од каква полза тогаш ни е сознанието за Неговата присутност? Објаснете го својот одговор.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Ќе го наречат Емануел... Бог е со нас". „Славата Божја" се видела на „лицето на Исуса Христа" (2. Коринќаните 4,6). Господ Исус Христос бил едно со Отецот од вечни времиња; Тој бил „Божји образ" на неговата големина и величество, „сјај на неговата слава" (Евреите 1,3). Тој дошол на нашиот свет да ја објави таа слава. Дошол на оваа, со грев затемнета зема, да ја открие светлината на Божјата љубов, да биде „Бог со нас". Затоа за него е пророкувано: ‚Ќе го наречат Емануел!'" (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 19 оригинал).

„За Јудиното царство би било добро Ахаз да ја примел оваа порака како небесна. Меѓутоа, во својата одлука да се потпре на телесна сила, тој побарал помош од незнабошци. Во својот очај, му пратил порака на асирскиот цар Тилгат-Пилнесер: ‚Дојди и избави ме од рацете на сирскиот цар и царот на Израел, кои се подигнаа против мене' (2. Царевите 16,7). Оваа молба била поткрепена со богат дар од царската ризница и од ризницата на храмот" (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 329 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Во моментот кога ќе донесете некоја одлука, дали е правилно да барате знак од Бога? Кои опасности можат да бидат поврзани со ова?**
2. **Добро е да се има човечка помош, но како да ги препознаеме нејзините граници?**
3. **Рускиот писател Лав Толстој му напишал на својот пријател дека „штом човек еднаш сфати дека смртта е крај на сè, тогаш нема ништо полошо од животот". Каков одговор на ваквото тврдење ни дава сознанието дека „со нас е Бог"?**

### ЗАКЛУЧОК

Бог го довел неверниот цар Ахаз во околности под кои морал да донесе тешка одлука: Да верува или да не верува, прашање е сега. Иако Господ му понудил да избере каков било знак што може да си ја замисли неговата фантазија, тој не сакал да му дозволи на Бога да му даде причина да верува. Наместо тоа, тој го избрал асирскиот цар за свој „пријател".

**Поука 4**
**Од 16 – 22 јануари 2021**

# НА ПОТЕШКИОТ НАЧИН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 7,14-16; Исаија 7,17-25; Исаија 8,1-10; Исаија 8,11-15; Исаија 8,16-22.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И така, јас се надевам на Господ, кој го сокрил лицето свое од домот Јаковов, на Него се надевам“ (Исаија 8,17).**

„Во зграда што горела во населбата Харлем во Њујорк, едно слепо девојче седело покрај прозорецот на четвртиот кат. Пожарникарите биле очајни. Тие не успеале да го запрат камионот со скалата помеѓу зградите, ниту да го убедат да скокне во заштитната мрежа што, се разбира, тоа не можело да ја види.

Конечно, таткото на девојчето пристигнал и повикал преку разглас дека е поставена заштитна мрежа и дека треба да скокне на негова заповед. Девојчето скокнало и било толку опуштено што не скршило ниту една коска, дури и не истегнало ниту еден мускул за време на тој скок од четвртиот кат. Бидејќи целосно му верувало на својот татко, кога го слушнало неговиот глас, тоа го направило она што тој ѝ кажал дека е најдобро“ (Michael P. Green, 1500 Illustrations for Biblical Preaching, p. 135).

На ист начин, Бог дал силен доказ дека на своите деца им го посакува најдоброто, но тие го одбиле полесниот начин на кој тој првично им покажал. Затоа, морал да им проговори преку грмотевици и поплави.

Кои поуки денеска можеме да ги извлечеме од нивните грешки?

# ИСПОЛНЕТО ПРОРОШТВО (ИСАИЈА 7,14-16)

Во Исаија 7,14-16, Емануел е знак поврзан со една посебна дилема на царот Ахаз – пред детето Емануел да достигне возраст кога ќе може да избере меѓу различни видови храна, „оваа земја, од која ти се плашиш, ќе биде оставена од двајцата цареви“ (Исаија 7,16). Ова се однесува на земјата и царевите на Сирија и северен Израел (видете. Исаија 7,1.2.4-9) и претставува повторување на Божјето ветување дека нивната моќ наскоро ќе згасне.

**Зошто Исаија спомнува „млеко и мед“ што момчето ќе мора да ги јаде? Исаија 7,15**

Посевите и полињата на Јуда ќе бидат уништени од Асирците (Исаија 7,23-25). Затоа народот, вклучувајќи го и старозаветниот Емануел, кој и да бил тој (Исаија 7,14.15), ќе биде принуден да се врати на номадската исхрана (Исаија 7,21.22). Но, и покрај тоа што ќе бидат сиромашни, тие ќе имаат доволно за да преживеат.

**Кога се исполнило пророштвото во врска со Сирија и северен Израел? 2. Царевите 15,29.30; 16,7-9; 1. Летописи 5,6.26.**

Тоа пророштво на Исаија било дадено околу 734 година пред нашата ера. Како одговор на митото на Ахаз, Телгат-Фелнасар III го сторил она што веројатно и би го сторил – ја раскинал северната коалиција, ја освоил Галилеја и Трансјорданските области на северен Израел, протерал дел од населението и тие територии ги претворил во асирски провинции (734-733 г. пред н.е.). Остатокот од Израел бил спасен откако Осија, по убиството на царот Факиј се предал и платил данок. Во текот на 733 и 732 година пред нашата ера, Телгат-Фелнасар го освоил Дамаск, престолнината на Сирија. Потоа ја припоил и Сирија кон асирските провинции. Така, до 732 година, помалку од две години по пророштвото на Исаија, Сирија и Израел целосно биле поразени, а сето тоа се случило во времето на двајцата цареви што му се заканувале на Ахаз.

Набргу откако Салманасар V го заменил Телгат-Фелнасар III, во 727 година пред н.е., израелскиот цар Озија извршил политичко самоубиство со бунтот против Асирија. Асирците го зазеле главниот град, Самарија, во 722 г. пред н.е. и протерале илјадници Израелци во Месопотамија и Медија (или Мидија), каде што конечно се асимилирале со локалното население и го изгубиле својот идентитет (види Исаија 7,8 – за помалку од 65 години, Ефрем веќе не постоел како народ). Бог предвидел што ќе се случи со непријателите на Јуда, но Неговата порака до Ахаз гласела дека тоа сигурно би се случило и без да се потпира на Асирија.

**Замислете вие да сте живееле во северното царство додека се случувало сево ова – колку лесно би ја изгубиле вербата. Што можеме да сториме сега, денес, за да научиме да ја сочуваме верата и да останеме цврсти кога ќе дојдат утрешните проблеми? Видете 1. Петрово 1,13-25.**

## ПРЕДВИДЕНИ ПОСЛЕДИЦИ (ИСАИЈА 7,17-25)

**Прочитајте ги горенаведените стихови. Што вели Господ дека ќе се случи со земјата? Зошто таквиот исход не треба да нè изненади?**

___

„На заблудениот Израел му бил упатуван повик да се врати и да ја возобнови верноста кон Господа. Нежни биле посредувањата на пророците и додека така стоеле пред народот сесрдно повикувајќи на покајание и обратување, нивните зборови донесувале плодови за Божја слава“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 325, оригинал).

Така, за Ахаз, човек повеќе исполнет со страв отколку со вера, добрата вест од Бога гласела дека Сирија и Израел ќе бидат уништени. Лошата вест била дека Асирија, сојузникот и „пријателот“ што тој го избрал да му помогне, ќе се покаже многу поопасен непријател од Сирија и Израел. Поради одбивањето на Божјето бесплатно понудено избавување, Ахаз морал да доживее пораз. Ако Ахаз во тој момент мислел дека неговиот свет се распаѓа, како ли се чувствувал подоцна, кога работите станале многу полоши!

„Подобро е да се надеваш во Господ, отколку да се надеваш во кнезови“ (Псалм 118,9). Како можел Ахаз да поверува дека Телгат-Фелнасар III ќе биде задоволен со тоа да ги окупира земјите на север, а дека ќе ја почитува Јуда? Асирските списи, како што се аналите на самите асирски цареви, сведочат за фактот дека нивната желба за моќ била незаситна.

**Прочитајте ги текстовите 2. Царевите 16,10-18 и 2. Летописи 28,20-25. Што се случувало со Ахаз? Кој духовен принцип е откриен овде? Зошто неговите постапки не треба да нè изненадат?**

___

Текстот во 2. Летописи 28,20-23 силно ги сумира последиците што се случиле од тоа што Ахаз побарал помош од Асирија наместо да се потпре на Господа.

**По природа сме склони да се потпреме на она што можеме да го видиме, да го почувствуваме, вкусиме, допреме – на нештата од овој свет. Меѓутоа, како што знаеме, нештата на овој свет ќе исчезнат. Видете 2. Коринќаните 4,18. Што ни кажува тој текст? Како можеме да ја примениме неговата порака во нашиот сопствен живот? И што ќе се промени за нас ако го сториме тоа?**

___

## ШТО СЕ КРИЕ ВО ИМЕТО? (ИСАИЈА 8,1-10)

Можете ли да замислите да играте топка со помладиот син на Исаија? Додека речете: „Махер-Шалал-Хаш-Баз, фрли ми ја топката!“ – би било предоцна. Но, дури и подолго од самото име било неговото значење: „брзо пљачка, брзо граба“ или „брз на плен, брз на грабеж“.

Пораката на тоа име очигледно била поврзана со некое брзо освојување – но кој кого го освоил? Исаија 8,4.

Текстот Исаија 8,1-10 ја нагласува пораката од 7. глава. Пред детето да достигне одредена фаза во развојот, Асирија ќе го земе воениот плен од престолнината на Сирија и северен Израел. Освен тоа, Јуда, бидејќи ја отфрлил Божјата порака за мир, претставена со мирната силоамска вода што се слева во Ерусалим, ќе биде совладана од силната моќ на Асирија, прикажана како излевање на големата река Еуфрат.

Бидејќи Ахаз се обратил до Асирија, имињата на синовите на Исаија се однесувале на Јуда, како и на северен Израел: „Брзо пљачка, брзо граба“, но: „Останатите ќе се преобратат“. Зошто сепак сѐ уште имало надеж? Затоа што, и покрај фактот дека Асирија ја преплавила земјата на Емануел (Исаија 8,8), тие сепак го имале ветувањето дека „Со нас е Бог“ (Исаија 8,10). Навистина, она што го гледаме тука е тема што се провлекува низ целата Книга на пророкот Исаија – иако пресудата над Божјите непријатели во Јуда и меѓу другите народи ќе се излее во вид на воено пустошење, страдање и прогонство, Господ ќе биде со верните припадници на својот народ кои ќе преживеат и Тој ќе ги врати назад во нивната земја.

**Зошто Исаија ни кажува дека тој официјално го запишал името на детето и дека се оженил со својата сопруга („пророчица“)? Исаија 8,1-3.**

Времето на раѓање на тој син било, како знак, од големо значење за него. Како и со знакот на Емануел, од моментот на неговото зачнување и раѓање до моментот кога Асирија ќе ги победи Сирија и Израел, ќе помине помалку време отколку што е потребно за момчето да дојде до раната фаза на развојот – во овој случај, да им се обраќа на својот татко и мајка (Исаија 8,4). Бидејќи официјално го напишал името на момчето дури и пред неговото зачнување, Исаија направил тоа дете и неговото име да станат како отворено пророштво што може да се потврди врз основа на настаните што следеле.

**И покрај повторените грешки на народот кој се сметал за Негов, Господ и понатаму бил подготвен да ги спаси. Како можеме да го прифатиме тој принцип и да го примениме на нас лично, особено кога ќе претрпиме неуспех и ќе паднеме во нашиот духовен живот?**

# НЕМА ОД ШТО ДА СЕ ПЛАШИМЕ АКО СЕ ПЛАШИМЕ ОД САМИОТ БОГ (Исаија 8,11-15)

Во својот прв инаугуративен говор, американскиот претседател Френклин Д. Рузвелт му порачал на народот обесхрабрен од Големата депресија: „Единственото нешто од што треба да се плашиме е самиот страв" (Американски Капитол, Вашингтон; 4. март, 1933). Пораката на Исаија до обесхрабрениот народ гласела: „Нема од што да се плашиме ако се плашиме од самиот Бог".

Бог го предупредил Исаија да не се плаши од она што се плаши неговиот народ, туку да се плаши од Него (Исаија 8,12.13). Ова е важна тема во Светото писмо. На пример, во Откровение 14,6-12, тројца ангели ширум светот ја објавуваат пораката: Бојте се од Бога и подајте му слава, наместо да се боите и да ја славите моќта на ѕверот од земјата опишана во 13. глава.

**Како го разбирате изразот „бојте се" од Бога? Што значи ова, особено во светлината на заповедта да го сакаме Бога (Матеј 22,37)?**

---

Вистински страв од светиот Бог значи да го препознаеме како врховна сила во вселената. Таквиот страв го надминува секој друг страв. Ако Тој е за вас, никој друг не може да ве допре без негова дозвола. Ако Тој е против вас затоа што сте се побуниле против Него, можете да бегате, но не можете да се скриете!

Зар мислата дека треба да се плашиме од Бога не е во спротивност со текстот во 1. Јованово 4,18? „Во љубовта страв нема, туку совршената љубов го изгонува стравот, бидејќи стравот подразбира казна. Кој се плаши, не е совршен во љубовта".

Постојат различни видови на страв. Ако некој што има огромна моќ е истовремено и ваш пријател со кого споделувате заемна љубов, нема да се плашите од таа личност во смисла дека може да ве повреди. Но, ќе имате одредена количина страв во смисла да ја препознавате и почитувате моќта што ја поседува таа личност и границите што постојат во самата ваша врска.

**Како христијани, не треба да ги сакаме нештата на овој свет, нештата што ги сакаат световните луѓе (1. Јованово 2,15). Размислувајќи понатаму во таа насока, треба да си го поставиме прашањето: Дали постои нешто од што се плаши овој свет, а од што ние како христијани не треба да се плашиме? Ако постои, што е тоа, и зошто да не се плашиме од тоа? Во исто време, што е тоа од што светот не се плаши, а од што треба да се плашиме ние, како христијани? Погледнете ги, на пример, текстовите: Матеј 10,28; Еремија 10,2.3.**

## ТЕМНИНАТА НА НЕБЛАГОДАРНИТЕ ЖИВИ МРТОВЦИ (Исаија 8,16-22)

**Прочитајте го горенаведениот текст. За што зборува тој? Каква врска има тоа со царот Ахаз? Изнесете ги накратко вашите заклучоци**.

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Ахаз бил длабоко вплеткан во паганската религија (2. Царевите 16,3.4.10-15; 2. Летописи 28,2-4.23-25), која, пак, во голема мера била поврзана со окултното (спореди со 5. Мојсеева 32,17); „Но она што го принесуваат незнабошците како жртва, го принесуваат на демони“ (1. Коринќаните 10,20). Различни аспекти на модерното вражарство имаат впечатливи паралели во древните блискоисточни ритуали, за што сведочат вон-библиските списи од тоа време. Навистина, дури и многу од денешните практики на њуејџот едноставно се модерни манифестации на овие древни окултни обичаи.

Описот на Исаија за очајот што произлегува од потпирање на други духови освен на Господа (Исаија 8,21.22), одговара точно на Ахаз (спореди го со текстот 2. Летописи 28,22.23). Исаија зборува за луѓе кои се разлутиле и кои го навредувале својот цар (Исаија 8,21). Ова требало да го предупреди Ахаз дека луѓето ќе го навредуваат затоа што тој ги водел кон окултното. Дури и кога Ахаз умрел, бил направен исклучок во врска со неговиот погреб поради недостаток на почит кон него: „Не го внесоа во гробницата на јудејските цареви“ (2. Летописи 28,27).

**Што кажуваат следниве текстови за окултното? 3. Мојсеева 20,27; 5. Мојсеева 18,9-14.**

___________________________________________________________

Одвојувањето од окултното е прашање на посветеноста на Бога. Текстот 1. Летописи 10,13.14 го применува овој принцип во случајот на царот Саул: „Така загина Саул за своето беззаконие, кое го направи пред Господа: не ги пазеше Господовите заповеди, и врз тоа ја праша за совет бајачката, а не Го праша Господа; затоа го уби и го пренесе царството на Јесеевиот син Давид“.

**Погледнете го сопствениот живот и влијанијата што ве опкружуваат. На кои суптилни начини сте изложени на принципите што стојат зад окултното и различните видови на спиритизам? Дури и ако не можете целосно да ги избегнете, што можете да преземете за да го намалите нивното влијание врз вас и вашето семејство на минимум?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Големата борба,* прочитајте ја главата со наслов „Можеме ли да разговараме со мртвите?“ стр. 551-562, оригинал.

„Меѓу Евреите постоеле луѓе кои тврделе, како и спиритистите денеска, дека одржуваат врска со мртвите. Но 'духовите врачарски' (Дела 16,й6), како што се наречени овие посетителите од друг свет, во Библијата се нарекуваат 'ѓаволски духови' (Спореди: 4. Мојсеева 25,1-3; Псалм 106,28; 1. Коринќаните 10,20; Откровение 16,14). Господ кажал дека е гнасно и забранил под смртна казна одржување врска со ваквите духови (3. Мојсеева 19,31; 20,27). Веќе самото име 'врачање' денеска предизвикува презир. Тврдењето дека луѓето можат да стапат во врска со лоши духови се смета како приказна од мрачниот среден век. Но спиритизмот, кој брои стотици илјади, па дури и милиони приврзаници, кој проникнал во научните кругови, кој се вовлекол во црквите и наишол на наклоност кај законодавните тела, па дури и во царските дворови, – оваа силна измама е само оживување, во ново руво, на она во старо време осудено и забранетото врачање“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 556 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте за темата околу спиритизмот што се појавува во филмовите, книгите, на ТВ и во популарната култура. Ако ништо не може да се стори за да се запре ова, како можеме да ги предупредиме другите за опасноста од она што за многу луѓе е само безопасна поминување на времето и ништо повеќе? Зошто правилното разбирање на состојбата на мртвите е толку важно за да можеме да се заштитиме од овие измами?**
2. **Прочитајте го текстот Исаија 8,20. Прераскажете го со свои зборови. Нека ја читаат гласно својата верзија повеќе луѓе во класата. Што ни кажува Господ овде?**
3. **Размислувајте повеќе за идејата дека Бога треба да го сакаме, но едновремено и да се боиме од Него. На кои начини нашата љубов произлегува од тој страв? Или нашиот страв произлегува од таа љубов? Разговарајте за ова.**

### ЗАКЛУЧОК

Преку постапките на Исаија, неговото семејство, како и преку неговите зборови, Бог ја повторува пораката полна со предупредување и надеж – единствената сигурна насока е да веруваме дека Бог знае што прави. Тој има и љубов и сила да ги води, да ги заштитува и да се грижи за оние кои му дозволуваат да го прави тоа. Но, за оние што се вртат кон други сили, постои само темнина и мрак.

**Поука 5**
**Од 22 – 29 јануари 2021**

# БЛАГОРОДНИОТ КНЕЗ НА МИРОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 9,1-5; Исаија 9,6.7; Исаија 9,8-10,34; Исаија 11; Исаија 12,1-6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто, ни се роди Дете, Син ни се даде, власта му е на рамото. Името ќе Му биде: Чудесен Советник, Силен Бог, Вечен Татко, Кнез на Мирот“ (Исаија 9,6).**

„Д-р Роберт Опенхајмер, кој го надгледувал создавањето на првата атомска бомба, се појавил пред американскиот Конгрес. Тие го прашале дали постои заштита против тоа оружје. ’Секако‘ одговорил големиот физичар.

’А, тоа е...?‘

Д-р Опенхајмер погледнал кон публиката, која немо го очекувала одговорот, и тивко рекол: ’Мир‘ (Compiled by Paul Lee Tan, Encyclopedia of 7,700 Illustrations: Signs of the Times; Rockville, Md.: Assurance Publishers, 1979; p. 989).

Мирот е недостижен сон на човештвото. Се проценува дека од почетокот на пишаната историја овој свет поминал само околу 8 проценти од своето време во мир. За време на тие години, биле прекршени најмалку осум илјади договори (Paul Lee Tan, p. 987, адаптирано).

Во 1895 година, Алфред Нобел, пронаоѓачот на динамит, предвидел фонд за доделување награди на поединци кои дале значаен придонес за мирот (Paul Lee Tan, p. 988, адаптирано). Меѓутоа, во последниве години, дури и некои добитници на Нобеловата награда за мир биле вмешани во насилни судири.

Оваа седмица ќе читаме за Единствениот што може да донесе вистински и вечен мир.

## КРАЈ НА ТЕМНИНАТА ЗА ГАЛИЛЕЈА (ИСАИЈА 9,1-5)

**Зошто текстот Исаија 9,1 почнува со зборот „но“, кој укажува дека е во спротивност со претходното?**

___

Текстот Исаија 8,21.22 ја опишува безнадежната состојба на оние кои се вртат кон окултизмот, а не кон вистинскиот Бог: „И ќе се загледаат угоре, и ќе погледаат кон земјата; и ете – скрб и мрак, густа темнина; и ќе бидат фрлени во темнината“ (Исаија 8,22). Наспроти ова, „нема секогаш да има мрак таму, каде што сега тој е згустен“ (Исаија 9,1). Тука се издвојува народот од галилејскиот регион како таков кој ќе добие посебен благослов – „големата светлина“ (Исаија 9,2). Народот ќе се намножи и ќе се радува, зашто Бог ќе го скрши „јаремот, кој му тежеше, и жезолот што го поразуваше, и стапот на неговиот угнетувач“ (Исаија 9,4).

Овде е опишана областа на Галилејското езеро затоа што била меѓу првите израелски територии што биле освоени. Како одговор на барањето на Ахаз за помош, Телгат-Фелнасар III ја зазел Галилеја и трансјорданските области на северен Израел, одвел дел од народот во заробеништво и ги претворил овие територии во асирски провинции (2. Царевите 15,29). Според тоа, пораката на Исаија е дека оние што први ќе бидат освоени, први ќе видат избавување.

**Кого Бог го употребил за да го избави својот народ? Исаија 9,6,7.**

___

**Кога и на кој начин се исполнило пророштвото во Исаија 9,1-5? Матеј 4,12-25.**

___

Не е случајно што почетокот на Исусовата служба се одвивала во областа Галилеја, каде што им давал надеж на луѓето објавувајќи ја добрата вест за Божјето царство и лекувајќи ги болните, што опфаќало и ослободување на опседнатите од робувањето на окултното (Матеј 4,24).

Овде гледаме совршен пример за тоа како Библијата ги користи настаните од старозаветниот период како најава за тоа што ќе се случува во новозаветно време. Господ ги измешал сликите од една ера со оние од другата, како во текстот Матеј 24, кога Исус го поврзал уништувањето на Ерусалим во 70 година од н.е. со уништувањето на крајот од времето.

**Ако некој ве праша од што ве избавил Исус, што би одговориле? Какво е вашето лично сведоштво за Христовата сила во вашиот живот?**

# ДЕТЕ ЗА НАС (ИСАИЈА 9,6.7)

Еве го и третото посебно раѓање во Книгата на пророк Исаија, по споменатото раѓање на Емануел и Махер-Шалал-Хаш-Баз.

**Што е посебно во врска со Детето што го наоѓаме во овие стихови? Исаија 9,6.7.**

---

Забележете дека овој Откупител има неколку имиња/епитети што го опишуваат на различни начини. На древниот Блиски Исток, царевите и божествата имале повеќе имиња кои укажувале на нивната величина.

Тој е „Прекрасен" е збор со ист еврејски корен како и зборот „чудно", што го употребил божествениот Ангел Господов за да му го опише своето име на таткото на Самсон (Судии 13,18), пред да се издигне кон небото во пламен од жртвениот олтар на Маное (Судии 13,20), со што го претскажал своето принесување на жртва кое ќе се одигра повеќе од илјада години подоцна.

За него се зборува како за божествено битие („Бог силен") и вечен Творец („Отец Вечен"; види Лука 3,38: „син... Адамов, Божји").

Тој е цар од Давидовата династија, а Неговото царство на мирот ќе биде вечно.

**Со оглед на тие атрибути, единствено кој би можел да биде тоа Дете? Видете Лука 2,8-14.**

Некои се обиделе да го поистоветат со царот Езекија, но тој опис во голема мера го надминува секое обично човечко суштество. Само една личност се вклопува: Исус Христос, божествениот Син Господов и Создател (Јован 1,1-34; Колошаните 1,15-17; Колошаните 2,9; Евреите 1,2), кој се родил за да нè спаси и да ни даде ни мир. Тој ја примил сета власт на небото и на земјата и секогаш е со нас (Матеј 28,18-20). Иако ја задржал својата божественост, Тој станал човек и ќе остане така засекогаш, во секој момент способен да сочувствува со нашите слабости (Евреите 4,15). „Зашто ни се роди Дете"... за сите времиња!

„Кога Христос дошол на нашиот свет, сатаната веќе бил на терен и ја попречувал секоја педа од Неговиот напредок на патот од јаслите до Голгота. Сатаната го обвинувал Бога дека бара самооткажување од ангелите, додека тој самиот не знаел што значи тоа и не прави никаква лична жртва за другите. Тоа било обвинение изнесено од сатаната против Бога на небото. И откако бил протеран од небото, злобниот продолжил да го обвинува Господа дека бара тешка служба што тој самиот не бил подготвен да ја извршува. Христос дошол на овој свет да се соочи со овие лажни обвинувања, и да го открие Отецот" – (Ellen G. White, Selected Messages, bk. 1, pp. 406, 407).

**Што ни кажува овој цитат за Божјиот карактер?**

## ЖЕЗЛОТО НА БОЖЈИОТ ГНЕВ (ИСАИЈА 9,8 – 10,34)

Овој отсек го објаснува текстот на Исаија 9,1-5, кој го претскажува избавувањето на народот кој е измачуван и во мрак, кој се потпирал на окултното и станал жртва на воени освојувања и прогонства: „Зашто... стапот на неговиот угнетувач – Ти ќе ги скршиш, како во денот на Мидјан“ (Исаија 9,4).

**Читајте за страдањата на Божјиот народ опишани во цитираните текстови. Споредете го тоа со клетвите во 3. Мојсеева 26,14-39. Зошто Бог го казнувал својот народ постепено, а не одеднаш? Што ни кажува ова за неговиот карактер и за неговите намери?**

__________________________________________________

Ако Бог сакал да го уништи својот народ, тој веднаш можел да им го предаде на Асирците. Но, Тој е трпелив, „бидејќи не сака да загине некој“ (2. Петрово 3,9). Како и во периодот на „судиите“, Бог им дозволил на народите Јуда и Израел да доживеат некои последици од нивното безумие, за да разберат што прават и да им се даде можност да направат подобар избор. Бидејќи тие биле упорни во злото и со стврднато срце кон Него и кон повиците што ги испраќал преку своите пророци, Тој продолжил да ја повлекува својата заштита. Но, тие продолжувале да се бунат. Тој циклус се повторувал во вид на надолна спирала сè додека Бог не можел да стори ништо повеќе.

**Прочитајте го целиот текст Исаија 9,8 – 10,2. За кои гревови народот бил крив? Против кого ги сториле? Кој бил виновен меѓу нив?**

__________________________________________________

Она што го гледаме тука, како и во целата Библија, е реалноста на слободната волја. Бог ги создал луѓето слободни (морал, во спротивно тие навистина не би можеле да Го сакаат), а слободата подразбира можност да се згреши. Иако Бог секогаш се труди да нè придобие одново и одново, откривајќи ни ја својата љубов и својот карактер, Тој сепак ќе дозволи да се соочиме со плодовите на нашите погрешни одлуки, односно со болка, страдање, страв, немир итн., а сето тоа со цел да ни помогне да видиме каде всушност води отстапувањето од Него. А сепак, колку често, дури и тогаш, сето тоа не ги наведува луѓето да го оставаат гревот и да дојдат кај Господа. Слободната волја е нешто прекрасно. Без неа, не би можеле да бидеме луѓе. Но, тешко на оние што погрешно ја користат.

**Како Бог го употребил страдањето во вашиот личен живот за да ве врати од погрешниот пат? (Или можеби сè уште не сте ја разбрале пораката?)**

## КОРЕНОТ И ГРАНКАТА ВО ЕДНО (ИСАИЈА 11)

**Кој е „фиданката“ што расте „од Јесеевата пенушка“ во Исаија 11,1? Видете и Захарија 3,8; Захарија 6,12**.

Текстот Исаија 11,1 се надоврзува на сликата на пресеченото дрво од текстот Исаија 10,33,34. „Јесеевата пенушка“ претставува идеја дека династијата на Давид (синот на Јесеј) ќе ја изгуби својата моќ (Даниел 4,10-17,20-26). Но, „фиданката/гранката“ ќе израсне од навидум пропаднатата „пенушка“, односно ќе се појави владетел кој потекнува од Давид.

**Зошто овој нов Давидовски владетел е наречен и „Јесеевиот корен“ (Исаија 11,10)? Која е смислата на тоа? Откровение 22,16.**

Овој опис одговара само на Исуса Христа, кој во исто време е и „корен и род Давидов“ (Откровение 22,16). Христос доаѓа од Давидовата лоза (Лука 3,23-31), кој потекнува од Адам, а тој бил „Божји син“ (Лука 3,38) во смисла дека Христос го создал (види Јован 1,1-34). Според тоа, Христос бил предок на Давид, како и потомок!

**На кои сè начини овој нов давидовски Владетел ги менува лошите последици од гревот и отпадништвото? Исаија 11**

Тој размислува и постапува во согласност со Господа, суди праведно, ги казнува злите и носи мир. Кога Тој ќе ја преземе власта, Господ ќе го врати, обнови и обедини верниот остаток од Израел и Јуда (спореди со Исаија 10,20-22). Ќе постои силна, обединета монархија како во времето на царот Давид, кој ги поразил Филистејците и другите народи. Но, овој нов Владетел ќе биде поголем од Давида во тоа што Тој ќе го врати мирот навлегувајќи дури и во суштината на самото создавање – грабливите ѕверови повеќе нема да бидат месојади и ќе живеат во мир, заедно со нивниот некогашен плен (Исаија 11,6-9).

**Дали 11-тата глава од Книгата на пророк Исаија се однесува само на првото Христово доаѓање, само на Второто или на обете? Размислете за целото пророштво и обележете кои делови од текстот на кое доаѓање се однесуваат.**

Во 11-тата глава од Книгата на пророк Исаија обете доаѓања на Исус се прикажани како една слика. Тие се меѓусебно поврзани затоа што претставуваат два дела од една целина, како две страни на иста рамнина. Планот на спасение, за да се доврши, има потреба од обете доаѓања – Првото, што веќе се случило, и Второто, што го очекуваме како кулминација на сите надежи што ги негуваме како христијани.

**Што постигнал Христос при Првото доаѓање што ни дава таква сигурност во Неговото второ доаѓање? Која е целта на Првото доаѓање ако не резултира со Второто?**

## „МЕ УТЕШИ“ (ИСАИЈА 12,1-6)

Дванаесеттата глава од Книгата на пророк Исаија е всушност краток псалм (песна) во слава на Бога за Неговата милостива и моќна утеха. Овој псалм, ставен во устата на еден од припадниците на обновениот остаток, го споредува ветеното избавување со избавувањето на Евреите од Египет опишано во 2. Мојсеева 2 (види Исаија 11,16). Тој потсетува на песната на Мојсеј и Израелците кога биле спасени од фараоновата војска на Црвеното Море (види Излез 15).

**Споредете ја таа песна од 12. глава со текстот Откровение 15,2-4 – со песната на Мојсеј и Јагнето. Зошто и во двете песни се слави Бог?**

Текстот Исаија 12,2 речиси го поистоветува Спасителот што доаѓа со Исуса. Тој вели: „Бог е моето спасение“ и „Тој е мојот Избавител“. Името Исус значи „Господ е спасение“ (спореди Матеј 1,21).

**Кое е значењето на таа мисла, содржана во Исусовото име – дека Господ е спасение?**

Не само што Господ дарува спасение (Исаија 12,2) туку самиот Тој е спасение. Присуството на Светецот Израелов меѓу нас (Исаија 12,6) е од најголема важност за нас. Бог е со нас! Исус не само што правел чуда, туку Тој „стана тело и се всели меѓу нас“ (Јован 1,14). Не само што ги изнел нашите гревови на крстот, туку станал грев за нас (2. Коринќаните 5,21). Тој не само што донесува мир, Тој е нашиот мир (Ефесјаните 2,14).

Не е ни чудо што „Јесеевиот корен,... ќе стане како знаме на народите“ (Исаија 11,10). Кога е издигнат на крстот, Тој ги привлекува сите луѓе кон Себе (Јован 12,32.33)! Остатокот ќе се обрати „кон силниот Бог“ (Исаија 10,21), кој е Детето родено за нас, „Кнез на мирот“ (Исаија 9,6)!

**Размислувајте подетално за идејата дека Исус е нашето спасение.**

**Прочитајте Римјаните 3,24. Тој вели дека откупувањето е во Исуса. Откупот е нешто што се случило во Него, а преку Божјата благодат и милост можеме и ние да имаме вечен удел во тој откуп. Со други зборови, тој откуп што е во Него може да стане наш врз основа на верата, а не врз основа на делата, затоа што ниту едно од нашите дела не е доволно добро за да нè откупи. Само Христовите дела што ни се припишуваат врз основа на верата, можат да ни донесат откупување. Како оваа вистина ви дава надеж и сигурност во спасението, особено кога ќе ве преплави чувството на сопствената недостојност?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Срцето на земниот татко нежно го сака својот син. Тој го набљудува лицето на своето дете и се тресе при помислата на животните опасности. Тој копнее да го заштити своето мило чедо од силата на сатаната и да го сочува од искушенијата и судирите. Бог го дал својот единороден Син да се најде во ушите на пожесток судир и во многу пострашна опасност, со цел животната патека на нашите деца да биде сигурна – ,тоа е љубов' (1. Јованово 4,10). Чудете се небеса и восхитувај се Земјо!" (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 49, оригинал).

„Христос бил тој што се согласил да ги исполни условите неопходни за спасение на човекот. Ниту еден ангел, ниту еден човек не бил подобен за големото дело што требало да се изврши. Само Синот човечки морал да биде издигнат, бидејќи само вечната природа можела да ја преземе постапката на откупување. Христос се согласил да се поврзе со неверниците и грешниците, да земе учество во човечката природа, да ја пролее својата крв и да ја принесе својата душа како жртва за гревот. Во советите на небото била одмерена вината на човекот, проценет е гневот поради гревот, а Христос сепак ја објавил својата одлука да ја преземе врз себе одговорноста за да се задоволат условите под кои на паднатото човештво ќе му биде обезбедена надеж" (Ellen G. White, *The Signs of the Times,* March 5, 1896).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**Како што видовме во текстот Исаија 11, Господ обете Христови доаѓања ги претставил со една слика. Ова ни помага да објасниме, барем до одреден степен, зошто некои од Евреите не го прифатиле Христа при Неговото прво доаѓање, затоа што очекувале од Него да го стори она што ќе се случи дури при Неговото второ доаѓање. Што ни кажува ова за важноста правилно да ја разбереме природата на Христовото доаѓање? Како, на пример, погрешните сфаќања за Неговото второ доаѓање можат да ги изложат луѓето на големата измама на сатаната на крајот од времето? (Видете Елена Вајт, *Големата борба,* 39 глава).**

### ЗАКЛУЧОК

Во деновите на пророкот Исаија, чие име значи „Спасение Господово", Бог му ветил на својот народ на остатокот спасение од погромот што ќе го снајде како последица на национално отпадништво. Ова пророштво за надежта го наоѓа своето последно исполнување во Исуса, чие име значи „Господ е спасение".

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 6**
**Од 30 јануари до 5 февруари 2021**

# ПРЕЗЕМАЊЕ НА БОЖЈАТА УЛОГА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 13; Исаија 13,2-22; Исаија 14; Исаија 24-27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Еве, Тој е нашиот Бог! На Него се надевавме, и Тој нè спаси! Тој е Господ; Него Го чекавме; да се радуваме и веселиме за спасението од Него!“ (Исаија 25,9)**

„По доста остра проповед што ја одржал на темата гордост, на проповедникот му пристапила една жена што го слушала. Таа рекла дека е многу вознемирена и дека би сакала да го признае својот голем грев. Проповедникот прашал за каков грев станува збор.

„Гревот на гордоста“, одговорила таа. „Имено, пред неколку дена седев пред огледалото цел еден час и се восхитував на мојата убавина“.

„О“, возвратил проповедникот, „тоа не е гревот гордост – тоа бил гревот вообразеност!“ (C. E. MaCartney, compiled by Paul Lee Tan, p. 1100, Encyclopedia of 7700 Illustrations: Signs of the Times, p. 1100).

Уште од времето кога гревот за прв пат бил зачнат во срцето на еден моќен ангел, гордоста не ги почитува границите на реалноста (ниту кај ангелите, ниту кај луѓето). Никаде овој проблем не изгледа толку лошо како кај оние што негуваат духовна гордост, многу тажна црта на суштества кои се толку расипани што можат да се спасат само врз основа на дела што некој друг ги направи за нив.

Оваа седмица, меѓу другото, ќе го разгледаме и потеклото на гордоста и самовозвишувањето.

# ПРОПАСТ НА НАРОДИТЕ (ИСАИЈА 13)

Текстот Исаија 13,1 претставува наслов во кој тој се наведува како автор (спореди Исаија 1,1; Исаија 2,1). Исто така, се чини дека тоа е почеток на новиот дел од неговата книга. Главите 13-23 содржат пророштва за судот над различните народи. Ајде да погледнеме.

**Зошто пророштвата против различни народи започнуваат од Вавилон?**

Текстот Исаија 10,5-34 веќе го најавил судот над Асирија, што претставувала најголема опасност во времето на пророкот Исаија. Додека текстот Исаија 14,24-27 накратко го повторува Господовиот план за уништување на Асирија, 13 – 23 глава главно се занимаваат со други опасности, од кои најважна бил Вавилон.

Обдарен со богато и древно културно, религиозно и политичко наследство, Вавилон подоцна се појавува како суперсила што ја освоила и поробила Јуда. Меѓутоа, од човечка перспектива, во времето на пророкот Исаија, не било толку очигледно дека Вавилон може да претставува закана за Божјиот народ. За време на поголемиот дел од службата на Исаија, Асирија владеела со Вавилон. Од 728 година пр. н.е., кога Телгат-Фелнасар III го освоил Вавилон и бил прогласен за вавилонски цар под владејачкото име Фул (види 2. Царевите 15,19; 1. Летописи 5,26), асирските цареви го окупирале Вавилон во неколку наврати (во 710., 702., 689. и во 648. пр. н.е.). Сепак, Вавилон на крајот станал голема велесила во тој регион, сила која ќе го уништи Јудејското царство.

**Прочитајте ја целата 13. глава од Исаија. Забележете колку моќни изрази се користат овде. Зошто Бог, полн со љубов, прави такво нешто или дозволува такво нешто да се случи? Сигурно е дека и некои невини луѓе ќе страдаат, зар не (Исаија 13,16)? Како ја разбираме оваа Божја постапка? Што треба овие текстови, и сите текстови во Библијата кои зборуваат за Божјиот гнев и бес против гревот и злото, да ни кажат за нивната ужасна природа? Дали самиот факт дека Бог, кој е полн со љубов, реагира на таков начин не е доволен доказ за тоа колку навистина е лош гревот? Мора да имаме предвид дека овде, преку Исаија, Исус всушност изговара предупредувања – истиот Исус кој простувал, лекувал, ги повикувал и ги опоменувал грешниците да се покаат. Како лично вие го разбирате таквиот Божји карактер проникнат со љубов? Поставете си го следново прашање: Дали тој гнев можеби не произлегува од Неговата љубов? Ако потекнува, зошто? Или, ајде да го погледнеме тоа од друга перспектива – од перспективата на Крстот – на кој самиот Исус, носејќи ги гревовите на светот, страдал полошо од кој било друг, дури и од оние „невини“ кои страдале поради гревовите на својот народ. Како Христовото страдање на крстот ни помага да одговориме на овие тешки прашања?**

# НЕКОГАШНИОТ ГОЛЕМ ГРАД ВАВИЛОН (ИСАИЈА 13,22-22)

Во 626 година пред н.е., Халдеецот Набополасар ја вратил славата на Вавилон прогласувајќи се за цар, ја основал неовавилонската династија и учествувал (заедно со Медија) во уништувањето на Асирија. Неговиот син Навуходоносор II бил цар кој ја освоил и поробил Јуда.

**Како конечно паднал градот Вавилон? Погледнете во 5. глава од Книгата на пророк Даниел.**

Во 539 година пред н.е., кога Кир Персиецот го освоил Вавилон во корист на Медо-персиското царство (види Даниел 5), градот ја изгубил својата независност засекогаш. Во 482 година пр. н.е., Ксеркс I брутално го задушил бунтот на Вавилон против персиската власт. Тој го отстранил кипот на Мардук, врховното божество и, очигледно, оштетил некои утврдувања и храмови.

Во 331 година пр. н.е., Александар Велики го зазел Вавилон од Персијците без борба. И покрај неговиот краткотраен сон да го претвори Вавилон во своја источна престолнина, градот постепено пропаѓал во следните неколку векови. Во 198 година од нашата ера, Римјанецот Септимиј Северус го пронашол Вавилон целосно напуштен. Така тој голем град го доживеал својот крај поради напуштеноста. Денес, некои ирачки селани живеат во делови од таа област, но градот како таков никогаш не бил обновен.

Пропаста на Вавилон, опишана во 13-та глава од Книгата на пророк Исаија, ги ослободила Јакововите потомци, кои беа угнетувани од Вавилон (Исаија 14,4-6). Настанот што го овозможил ова е освојувањето на Вавилон од страна на Кир во 539 година пред н.е. Иако Кир не го уништил градот, тоа било почеток на крајот на Вавилон и тој никогаш повеќе не претставувал закана за Божјиот народ.

Текстот во Исаија 13 глава го покажува падот на Вавилон како божествена пресуда. Војниците што го окупирале градот биле Божји орудија (Исаија 13,2-5). Времето на судот било прогласено за „ден Господов“ (Исаија 13,6.9), а Божјиот гнев бил толку силен што се одразил на ѕвездите, сонцето, месечината, небото и земјата (Исаија 13,10.13).

Споредете го ова со 5. глава од Книгата Судии, во која песната на Дебора и Варак го прикажува Господа како Оној чие доаѓање ја тресе земјата и носи дожд од небото (Судии 5,4). Текстот Судии 5,20.21 опишува елементи на природата, вклучително и ѕвездите, како оние што се борат против туѓ угнетувач.

**Замислете некој што живеел кога Вавилон бил во екот на својата слава да може да ги прочита зборовите од 13. глава на Книгата на пророк Исаија, а особено текстот Исаија 13,19-22. Колку безумно и неверојатно би му звучеле тие зборови! Кои пророштва, сè уште неисполнети, во овој момент ни изгледаат безумно и неверојатно? И зошто ние, всушност, ќе испаднеме безумни ако ги отфрлиме како неостварливи?**

## ПАДОТ НА ГОРСКИОТ „ЦАР“ (ИСАИЈА 14)

Како одговор на падот на Вавилон (Исаија 13), со што Божјиот народ бил ослободен (Исаија 14,1-3), текстот Исаија 14,4-23 дава едно сликовито потсмевање (види исто така Михеј 2,4; Авакум 2,6) со вавилонскиот цар. Тоа е изразено со поетски јазик, очигледно без намера да се сфати буквално кога се опишува како мртвите цареви го поздравуваат својот нов придружник во царството на мртвите (Исаија 14,9.10), каде молци и црви ќе бидат негова постела (Исаија 14,11). Тоа е едноставно сликовен начин со кој се служи Господ за да му соопшти на надмениот цар дека ќе биде соборен на земјата како и другите горделиви монарси пред него – ова не е коментар во врска со состојбата на мртвите!

**Како би можел текстот Исаија 14,12-14 да се примени на вавилонскиот цар?**

Вавилонските цареви не страдале од недостаток на самодоверба (Даниел 4,5), но желбата да се изедначат „со Севишниот“ (Исаија 14,14) ќе биде нешто што го надминува дури и најнадуеното его. Иако царевите се повикувале на силни врски со боговите, тие сепак им биле подчинети. Ова било впечатливо прикажувано секоја година на петтиот ден од прославата на вавилонската Нова година, кога од царот се барало да ги отстрани своите царски обележја пред да се приближи до статуата на Мардук, за да може да биде потврдена неговата царска позиција. Помислата да се заземе местото дури и на некој друг помал бог би се сметала за неразумна и самоубиствена.

Како и текстот на Исаија 14, дваесет и осмата глава од Книгата на пророк Езекиел му ја припишува таквата небесна смела гордост на владетелот на еден град. И овде, описот го надминува секој земен монарх и станува јасно на кого Бог мисли: Горделивиот силник се наоѓал во Едемската градина, бил помазаник, засолнувач, херувим на Божјата света гора, совршен од денот кога бил создаден, сѐ додека не се нашол грев кај него – оној кого Бог ќе го собори и на крајот ќе го уништи со оган (Езекиел 28,12-18). Кога би се примениле на кое било човечко суштество, специфичните изрази од тој говор би биле толку фигуративни што би станале бесмислени. Но, текстот Откровение 12,7-9 зборува за едно моќно создание исфрлено од небото заедно со неговите ангели: „Сатаната, кој ја мами целата вселена“ (Откровение 12,9) и кој ја измамил Ева во Едем (1. Мојсеева 3 глава).

Сатаната е горделив во својата имагинација: „...велиш: Јас сум бог, седам на Божји престол, во срцето на морињата‘, иако си човек, а не бог“ (Езекиел 28,2). Неговата смрт ќе докаже дека тој не е бог. За разлика од Христос, сатаната ќе загине среде огненото езеро (Откровение 20,10) и никогаш повеќе нема да ја обиколува вселената.

**Споредете го текстот Исаија 14,13.14 со текстовите Матеј 11,29; Јован 13,5 и Филипјаните 2,5-8. Што ни кажува овој контраст за Божјиот карактер наспроти карактерот на сатаната? Што ни кажува овој контраст за тоа како Бог гледа на гордоста, возгордеаноста и желбата за надмоќ?**

## ВРАТАТА НА НЕБОТО (ИСАИЈА 13; 14)

Во текстот Исаија 14, исмејувањето на сатаната, паднатата „ѕвезда Даница, син на Зората“ (види Исаија 14,12) е вклучена во исмејувањето на вавилонскиот цар. Зошто? Споредете го ова со текстот Откровение 12,1-9, каде што змевот, кој се поистоветува со сатаната (Откровение 12,9), се обидува да уништи дете веднаш штом ќе се роди. Врз основа на текстот Откр. 12,5, јасно е дека ова дете е Христос. Меѓутоа, царот Ирод бил тој кој се обидел да го убие Исус кога бил бебе (Матеј 2). Затоа, змевот е истовремено и сатаната и римската власт претставена преку царот Ирод, бидејќи сатаната дејствува преку човечки суштества. Слично на тоа, сатаната ја претставувал силата која се криела зад вавилонскиот цар и тирскиот кнез.

**Зошто името „Вавилон“ подоцна се однесува на Рим (1. Петрово 5,13) и на силата на злото од книгата Откровение (Откровение 14,8; 16,19; Откровение 17,5; Откровение 18,2.10.21?**

Како и буквалниот Вавилон, Рим и „Вавилон“ од Откровението се горделиви, безмилосни сили што го угнетуваат Божјиот народ. Видете особено во Откровение 17,6, каде Јован ги опишува како пијани „од крвта на светите“. Овие сили се во бунт против Бога, што се навестува и со самото име „Вавилон“. На вавилонскиот јазик, името гласи „баб или“, што значи „врата на бог(овите)“ и се однесува на местото на пристап до божественото царство. Споредете го ова со текстот 1. Мојсеева 11 глава, каде што луѓето ја изградиле Вавилонската кула (Вавилон), за да можат да се искачат на божественото ниво со своја сила, каде што ќе имаат имунитет од одговорноста пред Бога.

Кога се разбудил од сонот во кој видел скала што ги поврзува небото и земјата, Јаков извикал: „Ова е дом Божји, ова е вратата небесна!“ (1. Мојсеева 28,17). Забележете дека „дом Божји“ е „вратата небесна“, односно начин да се пристапи кон божественото царство. Јаков го нарекол тоа место „Ветил“, што значи „дом Божји“.

Ветил како „врата небесна“ и Вавилон како „врата на боговите“ претставувале спротивни патеки за да се стигне до божественото царство. Скалилата на Јаков потекнуваат од небото и Бог ги открива од горе. Но, Вавилон со своите кули и храмови-зигурати биле изградени од човечки суштества и тие се протегаат од земјата нагоре. Овие спротивни насоки претставуваат различни патишта кон спасението – божествената благодат наспроти човечките дела. Секоја вистинска религија се заснова на понизниот модел на Ветил: „Зашто по благодат сте спасени преку верата...“ (Ефесјаните 2,8.9). Секоја лажна „религија“, вклучително и легализмот и „секуларниот“ хуманизам, се заснова на горделивиот вавилонски модел. За да го согледате контрастот меѓу овие два пристапа, прочитајте ја Исусовата парабола за фарисејот и цариникот (Лука 18,9-14).

**Дури и по неколку години поминати во некој зен-манастир, канадскиот текстописец Леонард Коен во едно интервју изјавува: „Не сум спасен“. Што мислите, во контекст на денешното проучување, во што бил неговиот проблем? Што требало да знае за спасението?**

## КОНЕЧНАТА ПОБЕДА НА СИОН (ИСАИЈА 24-27)

Откако пророкува против одделни народи од 13. до 23. глава, текстот од 24. до 27. глава од Книгата на пророк Исаија го опишува конечниот пораз на Божјите непријатели и ослободувањето на Неговиот народ на ниво на цел свет.

**Зошто описот на Исаија за пустошењето на земјата (Исаија 24) потсетува на описот на Јован за настаните поврзани со оние 1000 години што следат по второто Христово доаѓање (Откровение 20)?**

Како што во текстот Исаија 13-14, аспектите на буквалниот Вавилон можат да се применат на некои подоцнежни сили, така и „вавилонскиот цар" претставува спој на човечките владетели со зачетникот на злото, самиот сатана. Така, пораката дека Вавилон паднал (Исаија 21,9) може да се повтори во подоцнежно време (Откровение 14,8; Откровение 18,2), а сатаната конечно ќе биде уништен по второто Христово доаѓање (Откровение 20,10). Додека уништувањето на буквалниот Вавилон претставува пресуда во „денот Господов" (Исаија 13,6.9), допрва наближува уште еден ден „Господов, великиот и страшниот" (Јоил 2,31; Малахија 4,5; спореди Софонија 1,7).

Слично на тоа, во Исаија 24 глава, визијата на пророкот достигнува, преку состојбата со која тој бил запознат, до времето кога „месечината ќе поцрвени, и сонцето ќе се засрами, кога Господ Саваот ќе се зацари на горага Сион и во Ерусалим, и пред неговите старешини ќе покаже слава" (Исаија 24,23). Исаија несомнено мислел дека оваа визија се однесува на Ерусалим што тој го познавал, но книгата Откровение објаснува дека таа навистина ќе се исполни во Новиот Ерусалим (Откровение 21,2). „И градот немаше потреба ни од сонце, ни од месечина за да светат во него, зашто Божјата слава го осветлува, а светило му е Јагнето" (Откровение 21,23).

**Дали Бог навистина ќе ги уништи злите?**

Погледнете го текстот Исаија 28,21, каде што Божјето дело на уништување е означено како Негово „необично дело". За Него е невообичаено, бидејќи Тој не сака да го стори тоа, но сепак е дело – или чин. Вистина е дека гревот во себе носи семе на самоуништување (Јаков 1,15). Но, бидејќи Бог има врховна власт над животот и смртта, и дека Тој ги одредува времето, местото и начинот на конечното уништување (Откровение 20), бесмислено е да се тврди дека Тој на крајот пасивно го отстранува проклетството на гревот, едноставно оставајќи ги причините и последиците да си течат по својот природен пат.

**Она што го гледаме во текстот Исаија 24 – 27 е исто како што гледаме во целата Библија – без оглед на сегашното страдање, болка и пустош, на крајот Бог ќе триумфира над доброто. Според тоа, што е единственото нешто што можеме да го сториме ако сакаме и самите да бидеме дел од таа конечна победа? Изреки 3,5-7; Римјаните 10,9.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Дали спасението го примаме под одредени услови? – Не постои никаков услов за да дојдеме кај Христа. А ако дојдеме кај Христа, тогаш кој е условот? Условот е со жива вера целосно да се држиме за заслугите на крвта на распнатиот и воскреснат Спасител. Кога го правиме тоа, тогаш твориме дела на праведноста. Но, кога Бог ќе го повика грешникот од овој свет, тука нема никакви услови. Христовиот повик го привлекува, но тоа не значи: Мора веднаш да одговориш за да дојдеш кај Бога. Грешникот доаѓа, и додека се приближува и го посматра Христа издигнат на крстот на Голгота, што Бог му го втиснува во умот, го обзема љубов која надминува сè што може да се замисли“ (Ellen G. White, *Manuscript Releases,* vol. 6, p. 32).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Погледнете го наведениот цитат од Елена Вајт. Читајте го во контекст на проучувањето предвидено за среда. Што ни кажува таа овде? Во нејзината изјава, ги забележувате двата елемента на христијанскиот живот – верата, а потоа и делата. Како таа прави разлика меѓу нив?**
2. **Зошто горделивоста и ароганцијата се толку опасни гревови? Зошто се толку тешки за отстранување? Дали можеби причината е во тоа што тие по својата природа ги прават луѓето слепи за нивната потреба да се ослободат од нив? Впрочем, ако сте горди, мислите дека сè е во ред со вас, а ако мислите дека сè е во ред, зошто би се мачеле да се промените? На кој начин размислувањето за Крстот и за тоа што претставува тој (единственото средство за спасение за секој човек) може да биде моќен лек за чија било горделивост и ароганција?**
3. **Дали Исаија гледа надеж и за припадниците на другите нации? Видете ги, на пример, текстовите Исаија 25,3.6; Исаија 26,9 (споредете со Откровение 19,9).**

### ЗАКЛУЧОК

Исаија видел дека, по Асирија, Вавилон ќе ја освои Јуда. Но, тој исто така видел дека Господ сепак надмоќно ќе победи и ќе донесе вечен мир на нашата напатена планета, и покрај моќните владетели на темнината на овој свет (Ефесјаните 6,12) кои дејствуваат преку Божјите непријатели меѓу луѓето и ја преземаат на себе Божјата улога.

**Поука 7**
**Од 6 – 12 февруари 2021**

# ПОРАЗОТ НА АСИРЦИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 36,1; Исаија 36,2-20; Исаија 36,21-37,20; Исаија 37,21-38; Исаија 38; 39.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Господи Саваоте, Боже Израелов, Кој седиш на херувими! Ти единствен си Бог на сите земни царства: Ти си ги создал небото и земјата“ (Исаија 37,16).**

„Еден слаб човек оди бос со своите двајца синови. Друго семејство ги натоварило сите свои работи на запрежна кола влечена од исцрпени волови. Еден маж ги води воловите додека две жени седат на колата. Посиромашните луѓе немаат кола, па го носат својот товар на раменици.

Војници има насекаде. Голем борбен овен ја крши градската порта. Стрелците на врвот на овенот пукаат во бранителите на ѕидовите. Бесниот масакр е на својот врв.

Брзо одиме напред. Царот седи помпезно на престолот и ги прима пленот и заробениците. Некои затвореници му приоѓаат со кренати раце, молат за милост. Другите клекнуваат или лазат. Описите на овие сцени започнуваат со следниве зборови: ‘Сенахирим, владетел на светот, цар на Асирија’ и продолжува со изрази како што се: ‘...Седеше на својот престол, додека пленот од градот Лахиш го носеа пред него, изложен на неговиот поглед’“ (John Malcolm Russell, *The Writing on the Wall*; Winona Lake, Indiana: Eisenbrauns, 1999, pp. 137, 138).

Таа низа од слики што некогаш ги краселе ѕидовите на Сенахиримовата „палата на која ѝ нема рамна“, сега се наоѓа во Британскиот музеј, а што сѐ има само да раскажува за неволјите на избраниот Божји народ!

## СО ПОСЕБНИ УСЛОВИ (ИСАИЈА 36,1)

**Што се случило со Јуда? 2. Царевите 18,13; 2. Летописи 32,1; Исаија 36,1.**

Кога, по смртта на неверниот Ахаз, верниот Езекија седнал на престолот, тој наследил царство што целосно ја изгубило својата независност. Откако ја платил асирската помош против сојузот на Сирија и северен Израел, Јуда бил принуден да продолжи да дава „пари за заштита" како данок на Асирија (види 2. Летописи 28,16-21). Меѓутоа, кога асирскиот цар Саргон II умрел на далечно бојно поле, а неговото место го зазел Сенахирим, во 705 г. пред н.е., Асирија изгледала ранливо. Доказите од асирските и библиските текстови откриваат дека Езекија ја искористил оваа можност да се побуни (види 2. Царевите 18,7), преземајќи решителни чекори како водач на антиасирскиот бунт меѓу малите народи во неговиот регион.

За жал, Езекија ја потцени издржливоста на асирската моќ. Во 701 година пр. н.е., кога ги покорил другите делови од неговото царство, Сенахирим упаднал со разорна сила во сириско-палестинската област и ја опустошил Јуда.

**Како се подготвил Езекија за пресметката со Асирија? 2. Дневници 32,1-8.**

____________________________________________________________

Гледајќи дека Сенахирим има намера да го заземе Ерусалим, неговата престолнина, Езекија презел големи подготовки за соочување со Асирија. Тој ги зајакнал своите утврдувања, дополнително ја опремил и организирал војската и ја зајакнал безбедноста на водоснабдувањето во Ерусалим (види исто така 2. Царевите 20,20; 2. Летописи 32,30). Познатиот Силоамски тунел за вода, обележан со натпис кој зборува за тоа како бил изграден, скоро сигурно потекнува од времето на подготовките на Езекија за можна опсада.

Подеднакво важно како военото и организациското водство било и духовното водство што Езекија го обезбедил во обид да го подигне моралот на својот народ во тоа застрашувачко време. „Царот на Јуда реши да стори сè што е во негова моќ да се подготви да му се спротивстави на непријателот; и откако направи сè што можеше да стори човечката мудрост и сила, ги собра своите војници и ги повика да бидат храбри" (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 351 оригинал).

**Ако Езекија толку многу му верувал на Господа, зошто вложил толкав труд од своја страна? Дали неговите дела ја негираат неговата вера? Видете Филипјаните 2,12.13 околу темата за соработката со Бога, која обезбедува навистина делотворна сила.**

## ПРОПАГАНДА (ИСАИЈА 36,2-20)

Владетелите на Асирија не само што биле сурови, туку и паметни. Нивната цел биле моќ и богатство, а не само уништување (споредете со Исаија 10,13.14). Зошто да ги трошите ресурсите за да го преземете градот насилно, ако можете да го убедите населението да се предаде? Затоа, додека бил зафатен со опсадата на Лахис, Сенахирим го испратил својот „равсак“, еден вид висок функционер, да го освои Ерусалим со помош на пропаганда.

**Кои аргументи ги користел равсак за да ги заплаши Евреите? Исаија 36,2-20; видете исто така 2. Царевите 18,17-35; 2. Летописи 32,9-19.**

Равсак изнел некои доста силни аргументи. Не можете да се потпрете на Египет за да ви помогне затоа што е слаб и несигурен. Не можете да се потпрете на Господа за помош, бидејќи Езекија го навреди кога ги отстрани Неговите височини и олтари и му рече на народот да се поклонува само пред еден олтар во Ерусалим. Господ е, всушност, на страната на Асирија и му кажа на Сенахирим да ја уништи Јуда. Вие немате ни доволно обучени луѓе за да јаваат 2000 коњи.

За да ја избегнете опсадата за време на која нема да имате што да јадете или пиете, предадете се сега и кон вас ќе се постапува добро. Езекија не може да ве спаси, а бидејќи ниту една од земјите освоени од Асирија не беа спасени од нејзините богови, бидете сигурни дека ниту вашиот Бог нема да ве спаси.

**Дали равсак ја зборувал вистината?**

Бидејќи имало многу вистина во она што го рекол, неговите аргументи биле убедливи. Тој исто така бил поддржан и од два неизговорени аргументи. Прво, тој штотуку дошол од Лахис, на помалку од 50 километри оддалеченост, каде што Асирците покажале како минуваат добро утврдените градови кои се осмелиле да им се спротивстават. Второ, тој со себе го имал моќниот контингент на асирската војска (Исаија 36,2). Знаејќи ја судбината на другите војски и градови (вклучувајќи ја и Самарија, главниот град на северен Израел: 2. Царевите 18,9.10) кои потклекнале пред Асирија, ниту еден Јудеец немал причина да се сомнева дека Ерусалим, од човечка гледна точка, е осуден на пропаст (споредете со текстот Исаија 10,8-11). Равсак исто така бил во право кога рекол дека Езекија урнал разни жртвеници со цел да го обедини богослужението во храмот во Ерусалим (2. Царевите 18,4; 2. Летописи 31,1). Меѓутоа, дали таа реформа го навредила Господа, кој му останал единствената надеж на Неговиот народ? Дали Тој сакал и дали можел да ги спаси? На Бога останало да одговори на ова прашање!

**Дали некогаш сте се нашле во слична ситуација кога, од човечка гледна точка, сè изгледало изгубено? Единствено на што сте можеле да сметате? Ако сакате, подгответе се да го споделите тоа искуство во вашата класа – како сте се справиле и каков бил крајниот резултат.**

## ПОТРЕСЕНИ, НО НЕ И НАПУШТЕНИ (ИСАИЈА 36,21-37,20)

**Како влијаел прониклививот говор на равсак врз Езекија и неговите службеници? 2. Царевите 18,37-19,4; Исаија 36,21-37,4.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Потресен до срж и тагувајќи во неволјата, Езекија се свртел кон Бога, понизно барајќи да посредува Исаија, истиот пророк чиј совет неговиот татко го отфрлил.

**Како Бог го охрабрил Езекија? Исаија 37,5-7.**

__________________________________________________________

Пораката била кратка, но тоа било доволно. Бог бил на страната на својот народ. Исаија прорекол дека Сенахирим ќе слушне гласини што ќе го одвратат од неговиот напад врз Јуда. Тоа веднаш се исполнило.

Привремено спречен, но во никој случај не откажувајќи се од своите намери, Сенахирим му испратил заканувачка порака на Езекија: „Нека не те мами твојот Бог, на Кого се надеваш, велејќи: Ерусалим нема да биде предаден во рацете на царот асирски... Боговите на народите, кои татковците мои ги разорија, ги спасија ли...?“ (Исаија 37,10.12; види исто така 2. Летописи 32,17).

Овојпат Езекија отишол директно во храмот и ја развил оваа порака пред Господа над војските, „кој седиш на херувими“ (Исаија 37,14-16).

**Како покажува молитвата на Езекија што навистина се случувало за време на ерусалимската криза? Исаија 37,15-20.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Сенахирим отсечно ја нападнал најсилната одбрана на Езекија – верата во неговиот Бог. Но, наместо да се потчини, Езекија го повикал Бога да покаже кој е Тој, за „дознаат сите земни царства дека Ти, Господи, си единствен Бог“ (Исаија 37,20).

**Прочитајте ја со молитва Езекиината молитва (Исаија 37,15-20). На кои Божји особини се сосредоточува тој? Кој принцип го гледаме во таа молитва што може да ни даде охрабрување и сила да останеме верни во нашите лични кризи?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

## ОСТАТОКОТ ОД ПРИКАЗНАТА (ИСАИЈА 37,21-38)

Според неговите анали, Сенахирим зазел четириесет и шест утврдени градови, го опколил Ерусалим и направил Евреинот Езекија да биде „затвореник во Ерусалим, својата царска престолнина, како птица во кафез“ (James B. Pritchard, editor, Ancient Near Eastern Texts Relating to the Old Testament (Princeton, New Jersey: Princeton University Press, 1969), p. 288). Но, и покрај неговата склоност кон пропаганда како продолжение на неговото монументално его, никаде во списите или на сликите не се тврди дека тој го зазел Ерусалим. Од човечка гледна точка, отсуството на таквото тврдење едноставно е неверојатно, со оглед на немилосрдната сила на Сенахирим и на фактот дека Езекија го предводел бунтот против него. Оние што се побуниле против Асирија имале краток животен век и ги чекала ужасна смрт.

Библиските научници заклучуваат дека, дури и без библискиот извештај, мора да признаеме дека сигурно се случило некое чудо. Фактот дека Сенахирим ги опколил ѕидовите на својата „неспоредлива палата“ со релјефи (врежани слики) кои живописно ја доловуваат успешната опсада на Лахис, изгледа укажува на неговата потреба да го зачува образот. Всушност, на овие слики требало да се најде Ерусалим! Сенахирим не го изнесува остатокот од приказната, но Библијата раскажува за тоа.

**Според тоа, каков е остатокот од приказната? Исаија 37,21-37.**

Како одговор на молитвата на Езекија искажана со целосна доверба, Бог му испратил порака за целосна сигурност на Јуда – порака што врие од вжештен гнев против надмениот асирски цар, кој се осмелил да му удри шлаканица на божествениот Цар над царевите (Исаија 37,23). Веднаш потоа, Бог го исполнил ветувањето дека ќе го одбрани Ерусалим (2. Царевите 19,35-37; 2. Летописи 32,21.22; Исаија 37,36-38).

Големата криза барала големо чудо и тоа навистина било големо. Бројот на загинати бил огромен: 185.000. Оттука, на Сенахирим не му преостанувало ништо друго освен да си замине дома, каде го чекала сопствената смрт (спореди со пророштвото на Исаија во текстот Исаија 37,7-38).

„Еврејскиот Бог ги надвладеал горделивите Асирци. Честа на Јехова била одбранета пред сите соседни народи. Во Ерусалим срцето на народот се исполнило со света радост“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 361, оригинал). Покрај тоа, ако го освоел Ерусалим, Сенахирим би го раселил населението на таков начин што Јуда би го изгубил својот идентитет како и северен Израел. Од една гледна точка, тогаш веќе не би постоел еврејскиот народ во кој требало да се роди Месија. Нивната приказна би завршила токму тука. Но, Бог ја сочувал надежта.

**Што би му рекле на некој што, сè уште не верувајќи во Библијата ниту во Бога од Библијата, би ви го поставил следново прашање: Дали било чесно оние асирски војници кои се случајно родени таму каде што се родени, масовно да умрат на таков начин? Како вие лично го разбирате ова Господово дело?**

## ВО БОЛЕСТ И ВО БОГАТСТВО (ИСАИЈА 38,39)

Настаните опишани во 38. и 39. глава од книгата на пророк Исаија (споредете со 2. Царевите 20), се случиле набргу откако Бог го избавил Езекија од Сенахирима, иако сè уште не дошло до конечно избавување, како што е опишано во Исаија 37 глава (видете и 2. Царевите 19). Навистина, текстовите Исаија 38,5.6 и 2. Царевите 20,6 покажуваат дека тие сè уште се соочуваат со заканата од Асирија.

„Сатаната бил решителен во својата намера да предизвика смрт на Езекија и пад на Ерусалим, несомнено воден од мислата дека ако Езекија биде отстранет, неговите напори околу реформата би престанале и на тој начин падот на Ерусалим можел полесно да се постигне“ (*The SDA Bible Commentary,* vol. 4, p. 240)

**Што ни кажува овој цитат за тоа колку е доброто водство важно за Божјиот народ?**

**Каков знак му дал Господ на Езекија за да ја утврди неговата вера? 2. Царевите 20,8-11; Исаија 38,6-8.**

---

Отфрлајќи ги знаците што Бог му ги понудил (Исаија 7), Ахаз започнал серија настани што довеле до проблеми со Асирија. Но, сега Езекија барал знак (2. Царевите 20,8) со помош на кој Бог го зајакнал да се соочи со кризата што неговиот татко ѝ ја донел на Јуда. Навистина, враќањето на сенката на сончевиот часовник на Ахаз било можно само со чудо.

Вавилонците ги проучувале движењата на небесните тела и точно ги бележеле. И така, тие го забележале необичното однесување на сонцето и се прашувале што значи тоа. Фактот што царот Меродах-Валадан испратил емисари во тие моменти не било случајност. Вавилонците дознале за поврзаноста меѓу закрепнувањето на Езекија и тој чудесен знак.

Сега знаеме зошто Бог го избрал токму тој посебен знак. Исто како што подоцна ја употребил Витлеемската ѕвезда за да ги донесе мудреците од Исток, тој исто така го искористил и соларното поместување за да ги донесе гласниците од Вавилон. Тоа била единствена можност тие да научат нешто за вистинскиот Бог. Меродах-Валадан го поминал целото свое владеење во обиди да добие трајна независност од Асирија. Му требале моќни сојузници, што објаснува зошто тој сакал да воспостави врска со Езекија. Ако и самото сонце се поместило на барање на Езекија, што ли би можел да ѝ направи на Асирија?

**Како Езекија ја испуштил оваа извонредна можност да го прослави Бога и да ги насочи Вавилонците кон Него? Каков бил исходот? (Исаија 39) Езекија, кој требало да им сведочи за Господа, наместо тоа, им ја покажал сопствената „слава“. Која поука се наоѓа тука за нас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Единствено со Божје посредство можело да се постигне сенката од сонцето да се врати за десет степени; и тоа требало да биде знак за Езекија дека Господ одговорил на неговата молитва. „И пророкот Исаија извика кон Господа, и Тој направи да се врати сенката за десет степен station наназад, која се спушти според Ахазовиот сончев часовник“ (2. Царевите 20,8-11).

Тогаш на Езекија му се укажала можност да им објасни на слугите на овој владетел од оваа далечна земја за силата на живиот Бог. Колку лесно можел да им говори за Бога Седржителот на сите создадени нешта, преку чија милост неговиот живот бил сочуван кога исчезнала секоја друга надеж!...

Но срцето на Езекија го обзело суета и гордост и тој самобендисано им го открил на лакомите очи сето богатство со кое Бог го благословил целиот народ. Царот им ја покажа на пратениците својата ризница, среброто, златото, пријатните мириси и миризливи масла – својата оружница и сѐ што беше во складиштата. Немаше ништо во неговиот дворец и во целото негово господарство што не им покажа’ (Исаија 39,2). Та не го направил за да го прослави Бога, туку да се воздигне себеси во очите на странските големци “ (Елена Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 342, 344, 345, оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Во која смисла сатаната потсетува на асирскиот равсак? Дали ја кажува вистината кога вели дека сте згрешиле (Захарија 3,1)? Како одговара Бог на тоа? Видете го текстот Захарија 3,2-5. Која е нашата единствена надеж против овие обвинувања? Римјаните 8,1.**
2. **Дали сатаната престанува да нѐ обвинува откако ќе ни биде простено? Видете Откровение 12,10. Кога сатаната продолжува да кажува дека вие, дури и откако ви е простено, му припаѓате нему поради своите гревови, каква е природата на неговите обвинувања? Видете 5. Мојсеева 19,16-21 (Закон за лажен, злонамерен сведок).**

ЗАКЛУЧОК

Како одговор на воплите на верниот цар, Бог го спасил својот народ и покажал кој е всушност Тој – семоќен цар на Израел кој управува со судбината на земјата. Не само што ги уништува оние што се обидуваат да го уништат Неговиот народ, туку им дава можност и на другите, без оглед колку се „вавилонски“, да станат Негов народ.

**Поука 8**
**Од 13 – 19 февруари 2021**

# „ТЕШЕТЕ ГО МОЈОТ НАРОД“



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 40,1.2; Исаија 40,3-8; Исаија 40,9-11; Исаија 40,12-31.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Искачи се на високата гора Сион, ти кој јавуваш добри вести за Сион, извиши го силно гласот свој, благоизвестителе Ерусалиме, подигни го, не плаши се. Кажи им на градовите Јудини: еве Го вашиот Бог!“ (Исаија 40,9)**

Втората светска војна завршила во 1945 година, додека еден јапонски војник по име Шоичи Јокои се криел во џунглата на островот Гуам. Летоците што ги испуштиле американските авиони објавиле мир, но Јокои сметал дека тоа е трик. Како патриот, лојален војник на својот цар, тој се заколнал дека никогаш нема да се предаде. Бидејќи немал контакт со цивилизацијата, живеел од она што можел да го најде во џунглата – а тоа бил навистина скуден, тежок живот.

Дваесет и седум години по завршувањето на војната, во 1972 година, некои ловци наишле на него додека ловел риба и дури тогаш Јокои дознал дека пораките за мир биле вистинити. Додека остатокот од неговиот народ уживал во мир, Јокои поминал децении во скудност и под стрес (Roy Gane, *Altar Call*; Berrien Springs, Mich.: Diadem, 1999, p. 304, прилагодено).

Многу векови порано, преку пророкот Исаија, Бог најавил дека времето на стрес и страдање за неговиот народ навистина завршило: „’Тешете го, тешете го мојот народ,‘ вели вашиот Бог, ’говорете му нежно на Ерусалим, и известете го дека времето на неговата казна се исполни дека за неправдата му е платено зашто од раката Господова доби двојно за сите свои гревови‘“ (Исаија 40,1-2).

Да видиме што значи тоа.

## УТЕХА ЗА ИДНИНАТА (ИСАИЈА 40,1.2)

**Во текстот Исаија 40,1.2, Бог го теши својот народ. Времето што го поминале под казна конечно завршило. За каква казна станува збор?**

Дали е тоа казната спроведена од Асирија, прачката на Божјиот гнев (Исаија 10), од која Бог го избавил Јуда со уништување на војската на Сенахирим во 701 година пред н.е. (Исаија 37)? Или станува збор за казна извршена од Вавилон, кој го опљачкал и го однел народот од Јуда затоа што Езекија им го покажал своето богатство на гласниците на Меродах-Валадан (Исаија 39).

„Асирија“ и „Асирци“ се споменуваат 43 пати во Исаија 7,17 – 38,6, но во остатокот од книгата овој народ се појавува само уште еднаш, и тоа во стихот Исаија 52,4, каде што пророкот зборува за насилството што народот во минатото го трпел од Египет и од „Асирците“. Во последниот дел од книгата се спомнува избавувањето од Вавилон (Исаија 43,14; Исаија 47,1; Исаија 48,14.20), а Персиецот Кир е тој што го освоил Вавилон во 539 г. пред н.е. и ги ослободил прогонетите од Јуда (Исаија 44,28; Исаија 45,1; Исаија 45,13).

Во текстот Исаија 1-39 се потенцираат настаните што довеле до ослободување од Асирците во 701 г. пред н.е., но почетокот на 40. глава оди еден век понапред, до падот на Вавилон во 539 г. пред н.е., и враќањето на Евреите што набргу потоа следело.

**Дали темата за враќањето од Вавилон е поврзана со нешто што било претходно кажано во Книгата на пророкот Исаија? Ако е така, што би било тоа?**

---

Текстот Исаија 39 служи како премин во следните глави, затоа што го претскажува вавилонското ропство барем за некои од потомците на Езекија (Исаија 39,6.7). Освен тоа, пророштвата од 13., 14. и 21. глава го најавуваат падот на Вавилон и слободата што тоа ќе му ја донесе на Божјиот народ: „Зашто Господ ќе го помилува Јаков и пак ќе го засака Израел; ќе ги насели во земјата нивна... Во оној ден, кога Господ те оттргна од скрбта твоја, од стравот и од тешкото ропство, под кое беше заробен, ти ќе запееш победничка песна против вавилонскиот цар“ (Исаија 14,1-4). Забележете ја тесната врска со текстот Исаија 40,1.2, каде што Бог му ветува на својот народ дека ќе заврши нивното страдање.

**Што вам ви значат библиските ветувања за ставањето крај на страдањата во мигови кога ви е тешко? Од каква полза би ни била нашата вера без тие ветувања? Тогаш зошто е важно цврсто да се држиме за нив, без оглед на сѐ?**

# ПРИСУСТВОТО, СЛОВОТО И ПОПРАВАЊЕТО НА ПАТИШТАТА (ИСАИЈА 40,3-8)

**Како Божјиот народ добива утеха? Исаија 40,1-8.**

Еден неименуван гласник најавува дека Бог доаѓа да ја открие својата слава (Исаија 40,3-5). Друг глас објавува дека, за разлика од луѓето кои се минливи како лисјата, „словото на нашиот Бог останува вечно“ (Исаија 40,8).

По прогонството, Божјиот народ го добил назад она што го примил на горaта Синај, а потоа го отфрлил преку своето отпадништво, поради што и бил казнет: Божјето присуство и Неговото Слово. Тоа се основните состојки на Божјиот завет со Израел, кои се чуваат во Неговото светилиште (2. Мојсеева 25,8.16). Бидејќи тие го прекршиле Неговото слово, Бог го напуштил својот храм (Езекиел 9-11), но подоцна се вратил. Неговото присуство и Неговото бесконечно сигурно Слово носат утеха, избавување и надеж.

**Која подготовка е неопходна за Господовото доаѓање? Исаија 40,3-5.**

Не одговара на еден цар да се труцка по нерамен пат. Затоа на неговото доаѓање му претходи поправка на патиштата. Дотолку повеќе кога станува збор за Царот над царевите! Неговото доаѓање, очигледно од исток, каде што престојувал во прогонство со својот народ како нивно Светлиште (Езекиел 11,16), барало големо преуредување на теренот. Да се изгради буквален, рамен колски пат преку карпестите ридови источно од Ерусалим би било тешко, дури и со помош на динамит и булдожери. Бог е единствениот што може да ја заврши таа работа. Тој е оној што ја претвора „нерамната почва во рамна“ (Исаија 42,16). Но, Нему не му се потребни буквални патишта за превоз, бидејќи Тој има воздушни кочии составени од херувими (Езекиел 1,9-11).

Новиот завет го применува пророштвото на Исаија стриктно на духовното „поправање на патиштата“, остварено преку проповедањето на Јован Крстител (Матеј 3,3). Неговата порака гласела: „Покајте се, зашто се приближи царството небесно“ (Матеј 3,2), а неговото крштавање било „покајно крштавање за проштавање на гревовите“ (Марко 1,4). Според тоа, поправањето на патиштата претставува покајание и подготвеност на човекот да се оддалечи од гревот, со цел да ја прими утехата на Божјето проштавање и присуство.

Текстот Еремија 31,31-34 ја објавува истата духовна порака, оставајќи им на изгнаниците од Јуда доволно време да ја сфатат духовната природа на поправањето на патиштата за Бога. Во тој текст, на оние кои се подготвени да започнат од почеток, Господ им ветува „нов завет“, во кој Тој им го става Својот закон во нивното срце и се заветува дека ќе биде нивен Бог. Тие го познаваат Него и неговиот карактер затоа што им простил.

**Внимателно прочитајте го текстот Исаија 40,6-8. Каква надеж наоѓате вие, кои се сушите како трева, во она што го кажуваат овие стихови? Во која смисла тие нѐ предупредуваат во што не треба да се надеваме?**

# РАЃАЊЕ НА ЕВАНГЕЛИЗМОТ (ИСАИЈА 40,9-11)

**Каков настан опишува Исаија 40,9-11?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Подоцна во Книгата на пророкот Исаија се појавува машки гласник со добра вест за Ерусалим (Исаија 41,27; Исаија 52,7). Но, во текстот на Исаија 40,9, гласникот кој од висока планина објавува: „Еве го вашиот Бог!“ е во женски род, што е факт кој доаѓа до израз во еврејскиот јазик.

Во 68. псалм, Давид го слави Бога затоа што Тој „им дава домови на напуштените, ги ослободува од окови затворениците“ (Псалм 68,6). Иако зборовите се однесуваат на излегувањето од египетското ропство, Исаија ги користи истите идеи за да упати на друго „излегување“ – на враќањето од вавилонското заробеништво.

Меѓутоа, Новиот завет го применува текстот Исаија 40,3-5 на Јован Крстител, кој го подготвувал патот за Христа, вечната Реч, која станала присуство на Господа во тело меѓу Неговиот народ (Јован 1,14).

Дури и пред Јован, другите ја ширеле добрата вест за Неговото доаѓање. Меѓу првите биле стариот Симеон и Ана, кои го дочекале бебето Исус при Неговото посветување во храмот (Лука 2,25-38). Како и гласниците на Исаија, тие биле машко и женско. Симеон ја чекал утехата на Израел во ликот на Месија (Лука 2,25.26).

Во светлината на пророштвото на Исаија, се чини дека не е случајно што пророчицата Ана прва јавно му соопштила на народот во Ерусалим, на храмската гора, дека Господ дошол: „Во тој час пристапи и таа и почна да Го слави Господ и им прикажуваше за Него на сите што очекуваа избавување на Ерусалим“ (Лука 2,38). Тоа било раѓање на христијанскиот евангелизам, каков што го знаеме – објавување на евангелието, радосната вест дека Исус Христос дошол да донесе спасение. Подоцна, Христос ѝ ја доверил на друга жена, на Марија Магдалена, првата вест за неговото триумфално воскресение (Јован 20,17.18), делото што обезбедило исполнување на Неговата евангелска мисија за планетата Земја. Телото е како трева, но божественото Слово, кое станало тело, е вечно (види Исаија 40,6-8)!

**Видете Исаија 40,11. Каква слика ни е претставена овде? Напишете сами за себе еден пасус за тоа како вие лично сте ја доживеале Господовата пастирска грижа. Зошто е добро да ги пребројувате во својот ум сите начини на кои Господ ве водел?**

_______________________________________________

# МИЛОСТИВИОТ ТВОРЕЦ (ИСАИЈА 40,12-31)

**Како Исаија во 40. глава ја развива темата за Божјата милост и моќ?**

Низ целата оваа глава, Божјата милост и моќ се испреплетуваат (видете подолу во текстот), па дури и заемно се мешаат, бидејќи и двете се неопходни за Бог да го спаси својот народ. Тој сака да ги спаси затоа што е милостив. Тој е во состојба да ги спаси затоа што е моќен.

Милост (Исаија 40,1-5): Утеха – Господ доаѓа да избави.

Моќ (Исаија 40,3-8): Слава – постојаност наспроти човечката слабост.

Милост (Исаија 40,9-11): Добрата вест за избавувањето – Пастир на својот народ.

Моќ (Исаија 40,12-26): Неспоредлив Творец.

Милост (Исаија 40,27-31): Како Творец, Тој им дава сила на слабите.

Откако ја претставил Божјата моќ во поглед на Неговата слава и постојаност (Исаија 40,3-8), Исаија детално зборува за Неговата сила и надмоќна мудрост, што ги прави земјата и оние што живеат на неа да изгледаат слаби (Исаија 40,12-17). Начинот на изложување што го користел пророкот овде, со реторички прашања и живописни споредби во врска со земјата и нејзината природа, звучи како Божјиот одговор на Јов (Книгата за Јов 38-41).

**Како гласи одговорот на реторичкото прашање на Исаија: „И така, со кого ќе го споредите Бога“ (Исаија 40,18)?**

За Исаија, како и за Јов, одговорот се подразбира и без збор: Со никого. Бог е неспоредлив. Меѓутоа, Исаија потоа се надоврзува на своето прашање и упатува на обичаите на многу древни народи, врз основа на кои би можело да се помисли дека Бог е како идол (Исаија 40,19.20).

Исаија одговара на оваа мисла. Да се користи идол како слика за Бога, се чини неразумно само по себе, но за да се осигура дека луѓето ја разбрале суштината, тој опширно зборува за Божјата единственост и го воведува неспорното тврдење дека Тој е свет Творец (Исаија 40,21-26).

**Како стихот Исаија 40,27 го открива ставот на народот на кој му била упатена пораката на Исаија? На кои сè начини и ние можеме да заземеме ист став?**

Целта на Божјата порака е да им обезбеди утеха на оние на кои им е потребна! Како и Јов, тие се збунети од нивното страдање и обесхрабрени во поглед на Неговиот карактер.

**Разгледајте ги стиховите што ги читавме денес. Тие не зборуваат само за Божјата милост и сила, туку и за фактот дека Тој е Создател. Зошто е толку важно да ја разбереме оваа порака? Како саботата, секоја седмица, ни помага да ја утврдиме таа клучна вистина?**

## ПРОБЛЕМОТ СО ОБОЖАВАЊЕТО НА ИДОЛИ (ИСАИЈА 40,19.20)

Идолопоклонството го уништува единствениот, близок однос со Бога, заменувајќи го со нешто друго (2. Мојсеева 20,4.5; Исаија 42,8). Затоа пророкот зборува за обожавањето на идоли како духовна „прељуба“ (Еремија 3,6-9; Езекиел 16,15-19).

**Прочитајте Исаија 41,29. Како Исаија ги опишува идолите? Како вие разбирате што вели тој за нив овде? Зошто ова претставува навистина точен опис на кој било идол, без оглед за што станува збор?**

---

Древните идолопоклоници верувале дека обожаваат моќни божествени битија преку нивните ликови или симболи. Обожавањето на идол, кој претставува друг бог, е кршење на првата заповед: „Нема да имаш други богови освен мене“ (2. Мојсеева 20,3). Но, ако идолот има за цел да го претстави вистинскиот Бог, како што било златното теле (2. Мојсеева 32,4.5), Господ ја отфрла таквата слика за себе, зашто никој не знае како да го прикаже (5. Мојсеева 4,15-19), и ништо не може да ја претстави Неговата неспоредлива слава и величина. Затоа, самиот идол станува друг бог, а кога човек му се поклонува на тој бог, ја крши првата и втората заповед.

На Божјиот народ не му се потребни идоли, бидејќи Тој е живо присутен меѓу нив во вид на Шекина во своето Светилиште. Поклонувањето на идол значи да се замени, и со самото тоа да се негира Неговото вистинско присуство.

**Со какво идолопоклонство се соочуваме денес како црква? Дали идолопоклонството во црквата се јавува во поблаги облици денес? Ако е така, на кој начин се случува тоа?**

„Многумина кои се нарекуваат себеси христијани, им служат на други богови освен на Господа. Но, Создателот ја бара нашата крајна посветеност, нашата целосна преданост. Што и да е, а има тенденција да ја намали нашата љубов кон Бога, или да ја попречи службата што Нему му припаѓа, со тоа станува идол“ (Ellen G. White Comments, The SDA Bible Commentary, vol. 2, pp. 1011-1012).

Од древните списи знаеме дека обожавањето на идоли било привлечно бидејќи се однесувало на материјалното. Користејќи облици на богослужение со кои народот лесно можел да се поврзе, идолопоклониците ги почитувале силите за кои сметале дека можат да им обезбедат плодност и благосостојба. Тоа била религија на самопомош. Дали ова ви звучи познато?

Непосредно пред Господ повторно да дојде, кога Неговиот пат ќе биде подготвен со делувањето на последната порака на Илија за помирување (Малахија 4), ќе го имаме истиот избор како во времето на пророкот Исаија: Дали ќе го обожаваме Создателот или нешто друго (Откровение 13; 14), бидејќи на крајот на краиштата, ние секогаш обожаваме нешто.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „*Пророци и цареви*“ од Елена Вајт прочитајте ја главата под наслов „Еве го твојот Бог!“, стр. 311-321 оригинал).

„Во времето на Исаија, духовните сфаќања на луѓето биле помрачени поради погрешната претстава за Бога. Сатаната долго време настојувал да ги наведе луѓето да мислат дека Бог е зачетник на гревот, неволјите и смртта. Оние што на ваков начин биле измамени, го замислувале Бога како строг и самоволен. Тие сметале дека Тој само чека прилика да ги повика луѓето на одговорност и да ги осуди, дека со незадоволство го прима грешникот сè додека постои некое законско оправдување за да не му помогне. Големиот измамник лажно им го претставил законот на љубовта што владее со небото, им говорел дека тој закон ја ограничува човечката среќа и дека претставува мачен товар кој треба да се отфрли. Тој говорел дека луѓето не треба да се покоруваат на Неговите прописи и дека казните за престапот се доделуваат произволно и самоволно“ (Елена Г. Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 311 (оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Накратко и со свои зборови прераскажете ја пораката на текстот Исаија 40,12-31. Запишете ја користејќи современи илустрации, како што се научни откритија што уште поживо ја илустрираат неверојатната моќ на нашиот Бог. Споделете го вашиот заклучок со својата класа.**
2. **Како описот на Исаија за трајноста на Божјото Слово, наспроти кревката минливост на човечкиот живот (Исаија 40,6-8), му се обраќа на вашиот страв од смртта? На кој начин тоа е поврзано со вашата надеж во воскресението (Книгата за Јов 19,25-27; Даниел 12,2; 1. Коринќаните 15,51-57; 1 Солуњаните 4,13-18)?**
3. **Како учењето на текстот Исаија 40,12-31 напамет може да го излечи човекот од горделивоста и ароганцијата?**

### ЗАКЛУЧОК

Бог, преку Исаија, им донел утеха на болните. Нивното време на неволји завршило и Бог им се враќал. Наместо да бидат обесхрабрени и збунети, тие можеле да веруваат дека својата создателска сила Бог ќе ја употреби во нивна полза.

**Поука 9**
**Од 20 – 26 февруари 2021**

# ДА СЛУЖИ И ДА СПАСИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 41; Исаија 42,1-7; Исаија 44,26-45,6; Исаија 49,1-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Еве го Мојот Слуга, Кого Го поддржувам, Мојот Избраник, љубимецот на душата Моја. Ќе Го положам Духот Свој врз Него, и Тој ќе им донесе правда на народите“ (Исаија 42,1).**

„Мнозина го сметаат за големо предимство да ги посетат местата на Христовиот живот на земјата да одат по патеките по кои поминал Тој, да го набљудуваат езерото крај кое сакал да поучува, како и планините и долините на кои често почивал неговиот поглед. Но ние не мораме да појдеме во Назарет, во Капернаум или во Витанија за да одиме по Исусовите стапки. Неговите стапки ќе ги најдеме крај постелата на болните, во бедните колиби, на преполните улици на големиот град и на секое место на кое се наоѓаат човечки срца гладни за утеха. Ќе одиме по неговите стапки ако го правиме она што го правел Тој додека бил на земјата“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 640 оригинал).

Исаија зборува за Господовиот слуга, кој има слична мисија на милоста: „Скршената трска нема да ја здроби, и чадливата ламба нема да ја угасне; ќе суди според вистината;... за да им ги отвориш очите на слепите, да ги изведеш врзаните од затвор и оние што седат во темнина – од темнината“ (Исаија 42,3.7).

Ајде да го погледнеме тој Слуга. Кој е Тој и што Тој постигнува?

# НАРОД НА СЛУГИ (ИСАИЈА 41)

**Во текстот Исаија 41,8, Бог му се обраќа на својот народ со зборовите: „Израеле, слуго мој“, а во текстот Исаија 42,1, тој претставува некого за кого вели: „Еве го мојот слуга“. Кој е тој слуга?**

---

Дали е тоа Израел/Јаков, предокот на Израелците? Израелскиот народ? Месија/Христос, кого Новиот завет го препознава во Исуса?

Постојат два вида текстови за Божјиот слуга кои се испреплетуваат во дел од Книгата на пророк Исаија од 41. до 53. глава. Еден слуга е наречен „Израел“ или „Јаков“, како во Исаија 41,8; Исаија 44,1.2.21; Исаија 45,4; Исаија 48,20. Бидејќи Бог му се обраќа на Израел/Јаков во сегашно време, јасно е дека тој, Јаков, го претставува народот на своите потомци. Ова е потврдено со фактот дека Господ го избавил „својот слуга Јаков“ во моментот кога требало да излезе од Вавилон (Исаија 48,20).

На други места, како што се Исаија 42,1; Исаија 50,10; Исаија 52,13; Исаија 53,11, Божјиот слуга не се спомнува со име. Кога првпат се спомнува, во текстот Исаија 42,1, неговиот идентитет не е веднаш видлив. Меѓутоа, како што Исаија го развива својот профил во текстовите што следат, станува јасно дека тоа е личност која ги враќа Јакововите племиња (Израел) кај Бога (Исаија 49,5.6) и умира како жртва за доброто на грешниците (Исаија 52,13 – 53,12; видете и Исаија 49,5.6). Затоа, тој не може да биде исто што и народот. Според тоа, јасно е дека Исаија зборува за двајца Божји слуги. Едниот е претставен како заедница (народ), а другиот како поединец.

**Која е улогата на народот како слуга? Исаија 41,8-20.**

Бог го уверува Израел дека како народ сè уште е Господов слуга: „Те избрав и не те отфрлив“ (Исаија 41,9). Потоа Бог му дава на Израел едно од највеличествените ветувања во Библијата: „Не плаши се, зашто Јас сум со тебе; не вознемирувај се, зашто Јас сум Бог твој; Јас ќе те закрепам и ќе ти помогнам, ќе те поддржам со Мојата победоносна десница“ (Исаија 41,10). Овде и во следните стихови гледаме дека една од основните улоги на Израел е да верува дека вистинскиот Бог ќе го спаси (во што царот Ахаз не верувал), наместо да се надева во други богови и во нивните ликови како што прават другите народи (Исаија 41,7.21-24.28.29).

**Забележете како во текстот Исаија 41,14 Господ го нарекува народот црв. Која е смислата на тоа? Погледнете го целиот текст за поцелосен одговор. Што треба да научиме од ова, кога станува збор за нашата потреба целосно да се потпреме на Господа?**

## НЕИМЕНУВАНИОТ СЛУГА (ИСАИЈА 42,1-7)

Која е улогата и каков е карактерот на неименуваниот Божји слуга, кого Бог го избира и на кого го положува својот Дух? Исаија 42,1-7.

Изберете го најдобриот одговор или комбинација од одговори:

1. Тој им носи правда на народите.
2. Тој ги постигнува своите цели тивко и лесно, но успешно.
3. Тој е учител.
4. Тој служи како завет меѓу Бога и народот.
5. Тој обезбедува светлина/надеж со исцелување на слепилото и ослободување на затворениците.
6. Сè од горенаведеното.

**Како може улогата и карактерот на тој слуга да се споредат со оној што претставува „фиданка од Јесеевата пенушка“, врз која почива и Духот Господов (Исаија 11,1)?**

Како и во 42. глава, владетелот од Давидовата лоза спомената во текстот Исаија 11 постапува во согласност со Бога, обезбедувајќи им правда и ослободување на угнетените, како и мудрост и знаење за Бога. Откриваме дека оваа „пенушка“ и „корен“ Јесеев е всушност Месија, божественото дете од текстот Исаија 9,6.7, кое исто така носи мир на „престолот на Давид и во царството негово“ со „суд и правда“ (Исаија 9,7). Слугата од 42-та глава од Книгата на пророк Исаија очигледно е Месија.

**Со кого, во текстот Исаија 42,1-7, Новиот завет го идентификува слугата кој носи правда? Матеј 12,15-21**

Текстот Матеј 12 наведува делови од 42. глава од Книгата на пророк Исаија и ги применува на мирната служба на исцелување на Исус, Божјиот возљубен Син, кој Му е мил (Исаија 42,1; Матеј 3,16.17; Матеј 17,5). Тој е оној чија служба го обновува Божјиот заветен однос со Неговиот народ (Исаија 42,6; Даниел 9,27).

Исус и Неговите ученици им ја носеле правда на луѓето на тој начин што ги ослободувале од страдањата, незнаењето за Бога и од робувањето на злите духови, а сето тоа било последица на нападите од сатаната (Лука 10,19). Потоа Исус умрел за да го потврди „новиот завет“ (Матеј 26,28) и да ја задобие правдата за светот со протерување на сатаната, туѓинец кој ја узурпирал владетелската положба, претставувајќи се себеси како „кнез на овој свет“ (Јован 12,31-33).

**Прочитајте го текстот Исаија 42,1-4, кој го опишува Христа. Поминете малку време размислувајќи за Исусовиот живот. Кои посебни карактеристики на неговата служба претставуваат соодветно исполнување на тоа пророштво? Кои лекции ги наоѓаме тука во врска со потребата и ние самите да им служиме на другите?**

## ПЕРСИСКИОТ „МЕСИЈА“ (ИСАИЈА 44,26 – 45,6)

**Кое восхитувачко пророштво се појавува во Исаија 44,26 – 45,6?**

Мисијата на Исаија траела од околу 745 до 685 год. пред н.е. Откако го спомнува освојувачот од исток и север (Исаија 41,2.3.25) и навестува дека тоа е добра вест за Ерусалим (Исаија 41,27), Исаија точно му се обраќа на Кир по име и ги опишува неговите активности. Тој навистина дошол од север и исток во однос на Вавилон и го освоил во 539 година пред н.е. Тој навистина му служел на Бога ослободувајќи ги Евреите од вавилонското ропство. И навистина, тој ја одобрил обновата на храмот во Ерусалим (види Ездра 1).

Ставете го ова пророштво во соодветна перспектива. Бидејќи поминале околу сто четириесет и шест години од моментот кога Исаија умрел па до падот на Вавилон, неговото пророштво било за еден и пол век пред своето време. Тоа би било како Џорџ Вашингтон да предвидел дека човек познат како генерал Двајт Ајзенхауер ќе помогне во ослободувањето на Европа во 1945 година!

Со оглед на тоа што за делата на Кир сведочат разни древни извори, вклучително и вавилонските хроники, неговиот личен извештај на „Кировиот цилиндар“ како и Библијата (2. Летописи 36,22.23; Ездра 1; Даниел 5; Даниел 6,28; Даниел 10,1), точноста на пророштвото на Исаија е неспорна. Ова им дава за право на оние кои веруваат дека вистинските пророци добиваат точни предвидувања од Бога, кој ја знае иднината далеку однапред.

**Зошто Бог го нарекува Кир „својот помазаник“ (Исаија 45,1)?**

Еврејскиот збор за „помазаник“ овде е истиот оној од кој го извлекуваме зборот Месија. На други места во Стариот завет тој збор може да се однесува на помазаниот првосвештеник (3. Мојсеева 4,3.5.16; 3. Мојсеева 6,22), на помазаниот цар на Израел (1. Самоилова 16,6; 1. Самоилова 24,6.10; 2. Самоилова 22,51), или на Месија, идниот цар и избавител од Давидовата лоза (Псалм 2,2; Даниел 9,25.26). Од перспектива на Исаија, Кир бил некој иден цар кого Бог ќе го испрати да го избави својот народ. Но, тој сепак бил необичен месија бидејќи не бил Израелец. Тој навистина сторил дел од она што Месија ќе го стори – ги победил Божјите непријатели и го ослободил Неговиот заробен народ, но не можел да биде ист со вистинскиот Месија, затоа што не потекнувал од Давид.

Со пророштвото за Кир, Бог ја докажал својата единствена природа, покажувајќи дека само Тој ја познава иднината (Исаија 41,4.21-23.26-28; Исаија 44,26). Тој му се обраќа лично на Кир: „Тебе ќе ти ги предадам чуваните во темно богатства и скриените добра, за да познаеш дека Јас сум Господ, Кој тебе те нарекува по име, Бог Израелов“ (Исаија 45,3).

**Сетете се на некои други библиски пророштва што се оствариле токму така како што биле најавени (како што е подемот на сите царства, освен на последното, објавено во 2. и 7. глава во Книгата на пророк Даниел или пророштвото за времето на Христовото доаѓање, означено во Даниел 9,24-27). Каква надеж ни нудат овие пророштва нам како поединци?**

## ОДНАПРЕД СО НАДЕЖ

Фактот дека Исаија толку прецизно пророкувал за Кир, нарекувајќи го по име, ги вознемирува луѓето што не веруваат дека пророците добиваат виденија од Бога. За да се реши овој проблем, тие ја прифаќаат теоријата дека некој подоцнежен пророк, „друг Исаија“, кој живеел во времето на Кир, го напишал делот од книгата на пророк Исаија од 40. до 66. глава. Така Книгата на пророк Исаија била „пресечена на два дела“, доживувајќи ја истата судбина што, според традицијата, го снашла и самиот пророк (видете Евреите 11,37).

Сепак, нема историски докази што го поддржуваат постоењето на друг „Исаија“. Ако тој навистина постоел, би било чудно што Библијата не го спомнува, бидејќи неговата порака е исклучително важна, а неговата книжевна вештина извонредна. Дури ни во најстарите библиски ракописи, меѓу свитоците од Кумран, кои содржат делови од Книгата на пророк Исаија, нема никаков прекин меѓу 39. и 40. глава што би означило премин кон делото на некој нов автор.

Основната порака на Исаија е доследна низ целата книга: Имајте доверба во вистинскиот Бог, вклучувајќи го и неговиот месијански Откупител, повеќе отколку во други сили. Библиските научници со право ја нагласиле промената на фокусот од асирскиот период во текстот Исаија 1-39 кон вавилонскиот период од 40-та глава наваму. Меѓутоа, откривме дека 13., 14. и 39. глава веќе го најавуваат вавилонско ропство. Точно е дека првиот дел од книгата, од 1. до 39. глава, го нагласува судот, додека вториот дел, од 40. до 66. глава, ја нагласува утехата. Сепак, и во првите глави, божествената утеха и охрабрување исто така се присутни во изобилство, додека во вториот дел од книгата, во текстови како што се Исаија 42,18-25; Исаија 43,22-28 и Исаија 48,1-11, се зборува за Божјата осуда над Јуда затоа што го напуштиле. Всушност, пророштвото на Исаија за идната утеха подразбира страдање што ќе дојде во меѓувреме.

**Иако народот се соочил со страшна несреќа поради своите гревови, некои меѓу нив не престанале да се надеваат. Тие се држеле за Божјите ветувања, како што се оние што ги наоѓаме во 3. Мојсеева 26,40-45. Внимателно прочитајте ги овие стихови. Ставете се во позиција на оние Евреи што останале живи по поразот од Вавилон. Каква надеж можете да најдете во тие зборови?**

________________________________________

Дејствувањето на кој духовен принцип го гледате во овие стихови во 3. Мојсеева? Што му вели Господ на Израел овде? На кој начин дејствува истиот принцип и во нашиот живот?

## СЛУГА ШТО СОЧУВСТВУВА И СТРАДА (ИСАИЈА 49,1-12)

**Кој е Божјиот слуга во текстот Исаија 49,1-12?**

Бог го повикува и му дава име уште пред да се роди, прави неговата уста да биде како меч и се прославува во него. Бог го користи тој слуга за да го врати израелскиот народ кај себе, да биде светлина на спасението за целиот свет, да биде завет и да ги ослободи заробениците. Има големо преклопување меѓу тој опис и оној во 42. глава, во која тој слуга го препознаваме како Месија. Новиот Завет ги препознава атрибутите на тој слуга во Исуса Христа, во врска со обете Доаѓања: Матеј 1,21; Јован 8,12; 9,5; 17,1-5; Откровение 1,16; 2,16; 19,15.

**Ако тој слуга е Месија, зошто Бог тука го нарекува „Израел“ (Исаија 49,3)?**

Претходно, откривме дека во овој дел од Книгата на пророк Исаија, Божјиот слуга „Израел/Јаков“ се однесува на народот. Но, тука името „Израел“ (без паралелно споменување на името „Јаков“) јасно се применува на одреден слуга што го враќа народот кај Бога (Исаија 49,5). Определениот слуга станал идеално олицетворение или претставник на народот чиј пораз го довело во прашање неговото право да го користи името „Израел“ (Исаија 48,1).

**Кој нов елемент се појавува овде? Исаија 49,4.7.**

Еве го првото навестување за тешкотиите вклучени во задачата на слугата. Тој се жали: „Напразно сум се трудел, за ништо и попусто сум ја истрошувал силата Своја“ (Исаија 49,4), и оваа мисла наоѓа одек во текстот Даниел 9,26: „Помазаникот ќе биде предаден на смрт неправедно“. Сепак, тој се држи до верата: „Но правото Мое е во Господ, и наградата Моја е во Мојот Бог“ (Исаија 49,4). Теологот Ј. Алек Мотјер забележува: „Така Исаија однапред го видел Слугата со вистинска човечка природа, кој бил искушуван како нас и кој се покажал како зачетник и доврштител на патот на верата – вистинска, лична вера, која сè уште може да се повика на Бога дури и кога ништо повеќе не се чини вредно“ (The Prophecy of Isaiah: An Introduction and Commentary; Downers Grove, Illinois: InterVarsity Press, 1993, p. 387).

Текстот Исаија 49,7 е необично трогателен. Слугата е тој кој е „презрениот од сите, на прекоруваниот од народот, на слугата на силните“, но Господ му вели: „Царевите ќе Те видат, кнезовите ќе станат и ќе се поклонат заради Господ, Кој е верен, заради Светецот Израелов, Кој Те избрал“.

**Навратете се на Христовата служба. Зар тој немал причина да биде обесхрабрен сè до крајот? Сепак, тој останал верен, и покрај надворешните изгледи. Во која смисла ова претставува поука за нас да постапуваме исто – и покрај надворешните околности?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте како Елена Вајт ја опишала Исусовата служба на исцелување и поучување во книгата *Копнежот на вековите*: „Во Капернаум“, стр. 252-261, оригинал.

„Голем такт и мудрост се потребни во делото на придобивање души. Спасителот никогаш не се притеснувал да ја каже вистината, но тоа секогаш го правел со љубов. Во своето однесување со луѓето бил мошне тактичен и им укажувал промислено и љубезно внимание. Никогаш не бил груб, никогаш не изговорил непотребно некој остар збор, никогаш не ѝ нанел непотребна болка на чувствителната душа. Не ги осудувал човечките слабости. Ги жигосал лицемерството, неверноста и беззаконието; но, додека изговарал остри прекори, во неговиот глас се чувствувала болка. Секоја душа била драгоцена во него вите очи. Иако секогаш внимавал на своето божествено достоинство, со најнежно внимание се наведнувал над секој припадник на Божјето семејство. Во секој човек гледал потклекнатата душа заради чиешто спасение дошол“ (Елена Вајт, *Евангелски работници*, стр. 117, оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Заедно, како класа, прочитајте што напишала Елена Вајт во горенаведениот цитат за тоа како Христос им служел на другите. Разговарајте за принципите што се наведени таму, а потоа разгледајте колку успешно вашата црква заеднички ги одразува тие принципи.**
2. **Дали познавате за некоја „скршена трска“ или „чадлива ламба“ (Исаија 42,3)? Како можете да им помогнете на таквите луѓе без да ги „докршите“ и „да ги угасите“? На кои начини можете да ги насочите таквите луѓе кон Господа? Во практична смисла, што би им порачале да направат за да примат исцелување и помош?**
3. **Тврдењето за различните автори на Книгата на пророк Исаија се заснова на претпоставката дека луѓето не можат да ја претскажат иднината на начинот на кој тоа го правел Исаија. Кој е основниот проблем со тоа тврдење и зошто н**ие, како христијани, треба целосно да го отфрлиме?

ЗАКЛУЧОК

За избавување потребен е Избавител. Божјиот народ како слуга бил избавен со помош на двајца избавувачи – Кир, кој го ослободил од вавилонското заробеништво и неименуваниот Слуга, чиј идентитет како Месија постепено се открива. Тој Слуга ќе ја обнови правдата и ќе ја врати заедницата на преживеани назад кај Бога.

**Поука 10**
**Од 27 февруари до 5 март 2021**

# НАПРАВЕТЕ ГО НЕЗАМИСЛИВОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 50,4-10; Исаија 52,13-53,12; Исаија 53,3-9; Исаија 53,10-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „За нашите престапи беше прободен, сотрен, за нашите беззаконија. Казната за нашиот мир падна врз Него, преку Неговите рани ние се исцеливме“ (Исаија 53,5).**

Лу Фук, христијанин од Кина, бил трогнат од сочувството кон своите сонародници кои станале робови во јужноамериканските рудници. Тој сакал да им ја пренесе надежта во евангелието, но се прашувал како да им пристапи. Решението до кое дошол било да се продаде себеси како роб во период од пет години. Тој бил префрлен во Демерар, каде работел во рудниците и им зборувал на своите придружници за Исус.

Лу Фук починал, но не пред 200 луѓе да бидат ослободени од безнадежноста – прифаќајќи го Исуса за свој Спасител.

Каква неверојатна самопожртвуваност за доброто на другите! Каков пример!

Правејќи го незамисливото, односно понизно „зеде обличје на слуга“ (Филипјаните 2,7), Исус исто така допрел до недостижните – мене и вас и целиот свет потонат и изгубен во бездната на гревот.

Оваа седмица ќе го разгледаме овој неверојатен настан претскажан стотици години пред да се случи.

## ВИСТИНА ШТО Е ТЕШКО ДА СЕ ПРИФАТИ (ИСАИЈА 50,4-10)

Ако Исаија имал намера само да пренесе информација, тој би ги изложил сите подробности за Месија одеднаш. Но, за да ги поучи своите слушатели, да ги убеди и да им овозможи да се сретнат со Господовиот слуга, тој развива богато ткаење на теми што се повторуваат во симфониски облик. Тој ја открива Божјата порака чекор по чекор, така што секој нејзин аспект може да се сфати во однос на остатокот од сликата. Исаија е уметник чие „платно“ е душата на неговиот слушател.

**Прочитајте Исаија 50,4-10. Накратко раскажете за што зборуваат овие стихови. Како можете да го видите Исуса во овие стихови?**

Во Исаија 49,7, откриваме дека Божјиот слуга е презрен, дека е отфрлен, дека е предмет на оние што владеат, но дека „царевите ќе Те видат, кнезовите ќе станат и ќе се поклонат“. Овде, во 50. глава од Книгата на пророк Исаија, дознаваме дека „долината“ е подлабока за благиот учител чии зборови го крепат уморниот (Исаија 50,4). Патот до оправдувањето води преку физичко малтретирање (Исаија 50,6).

Таквото малтретирање звучи лошо за нас, кои живееме во модерната западна култура. Но, ако на древниот Блиски Исток некого сте навределе и малтретирале на таков начин, каде што честа била прашање на живот и смрт за таа личност и за групата на која ѝ припаѓа, тогаш би било добро за вас да имате силна заштита. Бидејќи, штом се појави најмалата можност, жртвата и/или нејзиното племе сигурно би се одмаздиле.

Царот Давид ја нападнал и ја освоил земјата Амонска (2. Самоилова 10,1-12) само затоа што нејзиниот цар „ги фати Давидовите слуги и на секого од нив му ја избричи половината од брадата и им ги потсече алиштата на половина, до крстот и ги пушти“ (2. Самоилова 10,4). Меѓутоа, во текстот Исаија 50 глава, луѓето го тепаат слугата, болно ги корнат влакната од брадата и го плукаат. И, она што ги прави овие постапки меѓународен и интеркосмички инцидент е фактот дека жртвата е пратеник на Царот над царевите. Всушност, споредувајќи ги текстовите Исаија 9,6.7 и Исаија 11,1-16 со други пасуси што зборуваат за „слугата“, откриваме дека овој слуга е Царот, моќниот Откупител! Но, со сета таа моќ и чест, од некоја неразбирлива причина, Тој не се спасува себеси! Тоа било толку необично што луѓето не поверувале во тоа. Додека Исус бил на крстот, водачите го исмевале:

„Други спаси, нека Се спаси и Сам, ако е Тој Христос, избраникот Божји!“ (Лука 23,35); „Нека слезе од крстот, па ќе поверуваме во Него“ (Матеј 27,42).

**Прочитајте го текстот Исаија 50,4-10. Забележете ги духовните принципи опишани во тој текст што треба да ги примените во вашиот живот. Набљудувајте се во светлината на списокот што го составивте. Во кои области би можеле да бидете подобри? Ако сте обесхрабрени, прочитајте ја лекцијата за оваа седмица до крај.**

## ПЕСНА ЗА СЛУГАТА ШТО СТРАДА (ИСАИЈА 52,13 – 53,12)

Исаија 52,13 – 53,12, позната како „Песна за слугата што страда“, ја потврдува репутацијата на Исаија како „пророк евангелист“. Во согласност со возвишеноста на евангелието, таа песна ја надминува останатата литература. Иако е кратка, таа го одзема здивот и секој стих во неа изобилува со длабоко значење и ја открива суштината на Божјиот несфатлив стремеж да го спаси родот потонат и изгубен во гревот.

Тие зборови не се прифаќаат лесно. Исаија ги подготвува своите слушатели развивајќи ја месијанската тема од самиот почеток на неговата книга. Следејќи го целиот тек на животот на Месија на земјата, пророкот почнува од Неговото зачнување и раѓање (Исаија 7,14), го претставува како божествен Цар од Давидовата лоза (Исаија 9,6.7) и зборува детално за неговата работа на обновата на Израел (Исаија 11,1-16) и мирната служба за избавување од неправдата и страдањето (Исаија 42,1-7). А потоа открива дека оваа голема драма за Месија опфаќа неочекуван пресврт – трагедија што претходи на возвишеноста (Исаија 49,1-12; Исаија 50,6-10). Песната за Слугата што страда ги испитува длабочините на таа трагедија.

**Да се вратиме на текстовите наведени во претходниот пасус. Да разгледаме што ни кажуваат за Месија, за Исус. Како тие ни помагаат да се подготвиме за она што следува во 52. и 53. глава од книгата на пророк Исаија? Или тие едноставно придонесуваат за она што се случува во 52. и 53. глава да делува уште повпечатливо?**

---

Текстот Исаија 52,13-53 претставува почеток на песната со вовед што содржи зачудувачки контраст: Слугата ќе напредува и ќе биде возвишен, но Неговото лице ќе биде изобличено до непрепознатливост. Кој може да поверува во тоа?

Текстот Исаија 53,2.3 започнува со болно спуштање – од потеклото на Слугата и сосем обичниот изглед до Неговото страдање и отфрлање. Текстот Исаија 53,4-6 запира за да објасни дека Неговото страдање е всушност нашата казна што Тој ја поднесува за да нè исцели. Текстот Исаија 53,7-9 продолжува со спуштањето на невиниот Слуга до гробот.

Во Исаија 53,10-12, Слугата се издига до врховната награда најавена однапред во воведот на песната што почнува со стихот Исаија 52,13, со дополнителен увид дека Неговата жртва е за спасение на другите според Божјата волја.

Споредете ја оваа песна со обликот на „долината“ што се наоѓа во Филипјаните 2,5-11, каде што Исус најпрво е во Божји лик, но се спушта лишувајќи се себеси за да преземе лик на слуга, а потоа се понизува до смрт, и тоа најсрамна од сите – смрт на крстот. Затоа Бог го возвишува високо, за сите да Го признаат како Господ (споредете со текстот Исаија 49,7).

**Прочитајте го текстот на Исаија 52,13 – 53,12. Запишете сè што песната вели дека Исус сторил за нас. Размислете што значат за нас овие постапки направени во наша полза.**

## КОЈ ПОВЕРУВА? (ИСАИЈА 52,13 – 53,12)

Во текстот Исаија 52,13, Божјиот слуга е возвишен, а потоа следниот стих, без предупредување, го опишува Неговото лице, кое е толку нагрдено што е невозможно да се препознае како еден од „човечките синови“. Новиот Завет опишува што е тоа што го нагрдило Исусовото лице, вклучувајќи го камшикувањето, трновиот венец, распетието, но пред сѐ – тоа што тој ги понел гревовите на човечкиот род. Гревот никогаш не требало да стане нешто природно за луѓето. Фактот дека Тој го понел гревот, направило „Синот човечки“ да делува нечовечки.

Споредете го тоа со сторијата за Јов, кој одеднаш паднал од позиција на големо богатство, чест и моќ до положба на беден човек кој седи во пепелта на земја и ги гребе своите болни рани со цреп (Книгата за Јов 1; 2). Контрастот бил толку голем што на почетокот дури и неговите пријатели не го препознале (Книгата за Јов 2,12). Прашањето е: Зошто страда Јов? Зошто Божјиот Месија мора да страда? Никој од нив не го заслужил тоа. Двајцата се невини. Тогаш, зошто да страдаат?

**Прочитајте ги стиховите предвидени за денешното проучување и забележете ги сите места каде што се појавува темата за невиниот што страда за виновните. Која клучна порака се наоѓа тука за нас?**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

Погледнете ги прашањата поставени во Исаија 53,1. Овие прашања го истакнуваат предизвикот да веруваме во нешто неверојатно (споредете Јован 12,37-41) и нѐ предупредуваат да се подготвиме за остатокот од приказната. Но, овие прашања содржат и покана. Во овој контекст, паралелата меѓу овие две прашања подразбира дека Господовата рака/спасоносната сила (спореди Исаија 52,10) ќе им се открие на оние што ќе поверуваат во тоа проповедање. Дали сакате да ја искусите Божјата спасоносна сила? Тогаш верувајте во тоа проповедање.

**Погледнете го внимателно текстот Исаија 53,6. Која посебна порака се наоѓа тука? Што вам лично ви кажува овој текст, што треба да ви влее надеж и покрај вашите поранешни гревови и неуспеси?**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

# ОНИЕ ДО КОИ Е НЕВОЗМОЖНО ДА СЕ ДОПРЕ – ВСУШНОСТ СМЕ САМИТЕ НИЕ! (ИСАИЈА 53,3-9)

Како некоја кревка билка, презрен и навидум без некоја посебна вредност (Исаија 53,2.3) – овде ни е дадена токму таква слика за Слугата што страда. Исаија брзо нѐ води низ невината младост до работ на бездната. Дури и со заднина што претходно ја обезбедува, ние сѐ уште не сме подготвени, во смисла дека можеме да се помириме со судбината на тој Слуга. Напротив! Исаија нѐ научи да го цениме тоа Дете што ни се роди, врховниот Кнез на мирот. Другите го презираат, но ние знаеме всушност кој е Тој.

Како што некогаш некој рекол: „Се соочивме со непријателот, а тоа сме ние." Тој слуга не е првиот кој е презрен, отфрлен, човек на болката. Царот Давид бил еден од таквите кога бегал од својот син Авесалом (2. Самоилова 15,30). Сепак, болката што ја трпи овој Слуга не е негова и не е последица на негов грев. Ниту, пак, го трпи само за уште некој поединец, туку „Господ ги натовари врз Него гревовите на сите нас" (Исаија 53,6).

А одговорот на прашањето „Зошто?" е таа тешко прифатлива вистина на Исаија: Бидејќи Бог е љубов, Неговиот Месија избрал да страда. Но, повторно, зошто? Исаија сега ја извлекува вистинска „златна жила" за да ја заврши несфатливата вистина: Тој избрал да страда за да ги досегне оние што е невозможно да се досегнат, а тоа сме ние!

И тоа оние кои не разбираат дека тој Слуга „беше поразуван, казнуван и понизуван од Бога" (Исаија 53,4). Исто како што пријателите на Јов мислеле дека сигурно некој негов грев му предизвикал толкаво страдање, и исто како што Неговите ученици го прашале Исуса: „Рави, кој згрешил? – тој или родителите негови, та се родил слеп?" (Јован 9,2), така и оние што го виделе Исуса на крстот го претпоставувале најлошото. Зар Мојсеј не кажал дека „проклет е од Бога секој кој виси на дрво" (5. Мојсеева 21,23; споредете со 4. Мојсеева 25,4)?

А сепак, сето тоа било Божја волја (Исаија 53,10). Зошто? Затоа што „Христос нѐ откупи од проклетството на Законот, откако поради нас стана проклетство" (Галатјаните 3,13). Затоа што Бог „Оној, кој не знаеше грев, Бог за нас го направи грев, та преку Него да станеме праведност Божја" (2. Коринќаните 5,21).

„Каква цена е платена за нас! Набљудувајте го крстот и жртвата подигната на него. Гледајте ги тие раце, прободени со остри клинови. Гледајте ги Неговите нозе, прицврстени со шила на дрво. Христос ги понел нашите гревови врз своето тело. Тоа страдање, таа агонија е цената на нашиот откуп" (Елена Вајт, *Божјата восхитувачка благодат,* стр. 172 оригинал).

**Товарот, вината, казната за гревовите на целиот свет – за секој грев на секој грешник поединечно – сето тоа се струполило врз Христа додека висел на крстот, и тоа одеднаш – како единствен начин ние да бидеме спасени! Како ова ни открива колку е лош гревот, кога морало да се плати таква цена за да се ослободиме од него? Што ни кажува ова за Божјата љубов, кога Тој сакал да го стори тоа за нас, дури и по толку висока цена?**

## ЖРТВА ШТО ПРЕОБРАЗУВА КАКО НАДОМЕСТ ЗА ПРЕСТАП (ИСАИЈА 53,10-12)

**Што значи тоа дека животот на еден Слуга претставува „принос за грев“ (Исаија 53,10)?**

Еврејскиот израз се однесува на „жртвата за престап“ (3. Мојсеева 5,14-6,7; 3. Мојсеева 7,1-7), со која грешникот може да се искупи од намерните гревови кон другите (3. Мојсеева 6,2.3) Пророкот Исаија ги издвоил посебно таквите гревови (Исаија 1-3; Исаија 10,1.2; Исаија 58). Освен тоа, грешникот требало да му го врати на оштетеното лице она што го зел и да плати уште и парична казна, пред да принесе жртва за да прими проштавање од Бога (3. Мојсеева 6,4-7; спореди Матеј 5,23.24). Во случај на ненамерна злоупотреба на нешто што му припаѓа на Бога, надоместокот одел кај Него (3. Мојсеева 5,16).

Сега го разбираме стихот Исаија 40,2, во кој Бог го теши својот прогонет народ велејќи им дека платиле доволно надомест за своите гревови.

Меѓутоа, по плаќањето надомест, морало да се принесе жртва. Неа ја наоѓаме во 53. глава од Книгата на пророк Исаија: Божјиот слуга, наместо овен, бил како јагне одведен на колење (Исаија 53,7) за доброто на луѓето што скршнале од патот (Исаија 53,6).

Иако „беше отсечен од земјата на живите“ (Исаија 53,8; споредете Даниел 9,26), како жртва целосно проголтана од пламенот што ја разгорува надежта за нас, Слугата воскреснува од мртвите, од земјата без враќање, за да го прими пленот, да го види „потомството“ и да ги продолжи деновите... (Исаија 53,10-12).

**Погледнете го секој од следниве стихови. Во која смисла секој од нив ја испраќа истата основна порака како и текстот Исаија 53?**

**Псалм 32,1.2** ____________________________________________

____________________________________________

**Римјаните 5,8** ____________________________________________

____________________________________________

**Галатјаните 2,16** ____________________________________________

____________________________________________

**Филипјаните 3,9** ____________________________________________

____________________________________________

**Евреите 2,9** ____________________________________________

____________________________________________

**1. Петрово 2,24** ____________________________________________

____________________________________________

**Ако некој ве замоли да ја сумирате добрата вест од текстот Исаија 52,13 – 53,12 во еден пасус, што би напишале?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Христос ги изнел нашите гревови во своето тело на дрво... Колку бил голем гревот тогаш кога ниту едно смртно суштество не можело да постигне помирување? Колкаво морало да биде неговото проклетство кога единствено Божеството можело да го отстрани? Христовиот крст му сведочи на секој човек дека платата за гревот е смрт... О, мора да постои некоја моќна заводлива сила што ги поробува моралните сили, насочувајќи ги против влијанијата на Божјиот Дух, зар не?“ (Елена Вајт, *Нашиот возвишен позив,* стр. 44 оригинал).

„Законот на Божјото владетелство требало да се издигне со смртта на единородниот Божји Син. Христос ја понел вината за гревовите на целиот свет. Нашата подобност се состои единствено во отелотворувањето и смртта на Синот Божји. Тој можел да пострада затоа што имал божествена поддршка. Можел да издржи, бидејќи бил без никаква дамка на неверство и грев. Христос победил во полза на човекот претрпувајќи праведна казна. Тој му обезбедил вечен живот на човекот со тоа што законот го направил голем и славен“ (Ellen G. White, Selected Messages, book 1, p. 302)

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Текстот Исаија 53,7-9 се спушта до длабочините на безднатa, зборувајќи за смртта и погребот на Слугата. Колку аспекти од овие стихови се исполниле пред крајот на Исусовиот живот на земјата? Матеј 26,57-27,60; Марко 14,53-15,46; Лука 22,54-23,53; Јован 18,12-19,42.**
2. **Погледнете го последниот наведен цитат на Елена Вајт, кој зборува за тоа како Христовата смрт го возвеличува законот. Што сакала да каже со тоа? Како ја разбираме Неговата смрт како доказ за вечната вредност на законот?**

### ЗАКЛУЧОК

Отако зборува за раѓањето, идентитетот и животното дело на Божјиот Откупител, Исаија конечно ја открива врвната трагедија која ни дава надеж – за да ги досегне, спаси и исцели изгубените луѓе, вклучувајќи н тука и нас, Божјиот Слуга доброволно ќе ја понесе нашата болка и казна.

**Поука 11**
**Од 6 – 12 март 2021**

# ДАВАЊЕ ЉУБОВ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 55,1-7; Исаија 55,6-13; Исаија 58,1-12; Исаија 58,13.14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ако му дадеш леб на гладниот, ако го наситиш угнетуваниот, твојата светлина ќе засвети во темнината, и твојата темнина ќе стане како пладне“ (Исаија 58,10).**

Еврејски кантор (водач на богослужение) и неговата сопруга, кои живееле во Линколн, Небраска, почнале да примаат заканувачки и непристојни телефонски повици. Откриле дека повиците доаѓале од водачот на американската екстремистичка група Кју Клукс Клан. Откако го дознале неговиот идентитет, можеле да го пријават во полиција. Но, тие се одлучиле за порадикален пристап. Кога дознале дека е парализиран, се појавиле пред неговата врата носејќи вечера! Човекот бил крајно изненаден. Неговата омраза се стопила пред нивната љубов. Брачната двојка продолжила да го посетува и нивното пријателство се продлабочило. Тој дури помислил да премине во јудаизмот!

„Ова е пост што Ми е по волјата: да ги кинеш неправедните окови, да ги разврзеш врските на јаремот, да ги пуштиш на слобода угнетуваните, да ги скршиш сите окови; Да го поделиш својот леб со гладните...“ (Исаија 58,6.7). Оваа двојка од Линколн држела таков пост делејќи го оброкот со својот гладен мачител, и на тој начин ослободувајќи го од ропството на неговите неоправдани предрасуди!

Ајде да научиме повеќе за овој важен духовен принцип што ни го прикажува пророкот Исаија.

## ДА СЕ КУПИ НЕШТО БЕСПЛАТНО? (ИСАИЈА 55,1-7)

**Прочитајте го следниот текст: „Вие, што жедувате, дојдете сите при водите; дури и вие, кои немате пари, дојдете, купувајте и јадете“ (Исаија 55,1). Каква противречност забележувате тука?**

---

Да претпоставиме дека сте зеле храна, сте излегле на улица во некој голем град и им соопштувате на гладните и на бездомниците: „Еј, вие кои немате пари, дојдете, купете и јадете!“ Но, како можат да купат ако немаат пари?

Меѓутоа, ако ги додадете следниве зборови, како што направил Исаија: „Без пари и без плата“ (Исаија 55,1), смислата станува појасна. Исаија ги повикува луѓето да го прифатат проштавањето (Исаија 55,7) кое е бесплатно. Сепак, зборот „купете“ нагласува дека она што Бог им го нуди на луѓето за да ги задоволи нивните потреби е многу вредно. Оттука, за да примите такво нешто бара нешто за возврат (нешто исто така вредно). Бог нуди бесплатно проштавање како дел од обновениот заветен однос со Неговиот народ, но не затоа што тоа било бесплатно за Него – Тој го платил тоа по ужасно висока цена, покриена со крвта на Неговиот Слуга. Иако е бесплатно, тоа го чинело исклучително многу.

**Која била цената на нашето спасение? Видете 1. Петрово 1,18.19.**

---

**Како може пристапот на Исаија кон спасението да се спореди со новозаветниот пристап? Ефесјаните 2,8.9.**

---

Исаија накусо го сумира евангелието во Стариот завет, но тоа е истото евангелие што го наоѓаме и во Новиот завет. Не постои никакво „строзаветно“ спасение со дела, што требало да биде заменето со „новозаветно“ спасение со благодат. Уште од времето кога Бог им го ветил Спасителот на Адам и Ева (1. Мојсеева 3,15), постоел само еден начин на спасение – со благодат преку верата (Ефесјаните 2,8). „Подарокот од Бога е живот вечен во Христос Исус, нашиот Господ“ (Римјаните 6,23). Од древниот Гилгамеш, кој правел херојски подвизи во залудната потрага по вечен живот, до денешните актери кои веруваат во реинкарнација, луѓето ги испробале сите можни начини на спасение, но без успех. Затоа тие треба да дознаат за Исуса и за она што Тој го постигнал за нив на Крстот.

**Спасението е бесплатно во смисла дека ништо не можеме да сториме за да го заработиме. Нашите дела никогаш нема да бидат доволно добри за да нè спасат. Сепак, спасението едновремено може да нè чини сè. Што значи тоа? Видете ги, на пример, текстовите Матеј 10,39; Лука 9,23; 14,26; Филипјаните 3,8.**

## ВОЗВИШЕНИ МИСЛИ И ПАТИШТА (ИСАИЈА 55,6-13)

**Зошто Бог вели дека Неговите мисли и начини се повисоки од нашите „како што е небото повисоко од земјата“ (Исаија 55,8.9)? Што мислите, што значи тоа?**

---

Нема сомнение дека Бог – кој ја создал вселената во која дури и наједноставните појави опфаќаат тајни кои нашиот ум не може да ги сфати – е Бог чиишто патишта далеку го надминуваат она што дури и нејасно можеме да го разбереме. Затоа, тоа сознание за Неговата бескрајна надмоќност треба да ни олесни понизно да ја примиме Неговата помош (видете Исаија 57,15).

**Прочитајте Исаија 55,6-9. Во кој контекст Господ зборува за тоа колку Неговите мисли и Неговите патишта се повисоки од сѐ што можеме да замислиме? Според неговите зборови, што е тоа што ние толку тешко го разбираме?**

---

Од сите големи тајни на вселената, несомнено е дека планот на спасението е најголемата – тајна што едвај успеваме донекаде да ја сфатиме (видете Ефесјаните 6,19). За Создателот на вселената да се согласи да се понизи и да се наметне со човечка природа, да живее живот на страдање и напорна работа, само за да умре наместо нас како жртва за гревот, а сето тоа за да може да ни прости и да ни ја покаже својата милост – тоа е вистина што ќе ги одушевува срцата на Божјите создадени суштества низ сите векови на вечноста.

„Темата за откупувањето е тајна во која сакаат да загледаат и ангелите; тоа ќе биде наука и песна на откупените во сите бесконечни векови на вечноста. Затоа, зар не е уште денеска достојна внимателно да ја проучуваме и да размислуваме за неа?...

Оваа тема е неисцрпна. Проучувањето на Христовото отелотворување, Неговата жртва на помирување и посредничко делување ќе го окупира умот на вредниот ученик колку што е потребно; и гледајќи во Небото со своите недобро години, тој ќе извикне: ’Голема е тајната на побожноста!‘“ (Елена Вајт, *Мојот живот денес,* стр. 360 оригинал).

**Навратете се на лошите работи што сте ги направиле: на луѓето што сте ги повредиле, на нељубезните зборови што сте ги изговориле, колку сте ги разочарале другите, а себеси и да не зборуваме. Сепак, сево ова, преку Исуса, може да ви биде простено и вие можете да стоите, токму сега, совршени и праведни во Божјите очи. Ако тоа не е тајна, тогаш што е?**

# ВИСТИНСКИ И ЛАЖЕН ПОСТ (ИСАИЈА 58,1-8)

**На што се однесува „постот“ во Исаија 58,3?**

---

Тоа сигурно бил пост на Денот на помирувањето, единствениот пост што Бог го заповедал (3. Мојсеева 16,29.31; 3. Мојсеева 23,27-32). Ова е потврдено во текстот Исаија 58,3 со паралелниот израз „ги измачуваме душите свои“, што ја следи терминологијата на 3. Мојсеева. Понизувањето/измачувањето на себеси се однесува на различни видови на самооткажување, вклучувајќи го и постот (споредете со текстовите: Псалм 35,13; Даниел 10,2.3.12).

Контекстот на Денот на помирувањето ја објаснува Божјата заповед: „Крени го гласот свој како труба“ (Исаија 58,1). Овој вид труба од рог на овен, наречен шофар, се огласувал како потсетник десет дена пред Денот на откупувањето (3. Мојсеева 23,24). Освен тоа, секоја педесетта година, на Денот на помирувањето, бил најавуван почетокот на јубилејната – опросна година (3. Мојсеева 25,9.10; споредете со Исаија 27,13).

**Прочитајте го текстот Исаија 58,3-7. На што се жали Бог? Што не било во ред со нивниот „пост“?**

---

Луѓето како да очекувале Господ да им честита за нивната „побожност“. Се разбира, тие погрешно го разбрале сето тоа. Самооткажувањето на Денот на помирувањето требало да ја изрази нивната благодарност и посветеност на Бога на денот кога првосвештеникот излегувал пред Него за да ја очисти Светињата, а со тоа да ги очисти и нив од гревовите што веќе им биле простени (3. Мојсеева 16; споредете со 4 глава). Нивните дела требало да бидат направени во знак на благодарност кон Бога, кој ги спасил на денот на судот, а не за да стекнат одобрување од Бога за нивната „побожност“ и „посветување“. На крајот на краиштата, гревовите на народот биле тие што ја оскверниле Божјата Светиња. Таа морала да се очисти од крвта што била пролеана поради она што тие го направиле.

**Една од клучните лекции што произлегуваат од овие текстови укажува на разликата меѓу тоа дали сме само религиозни или дали сме навистина Христови следбеници. Во што е разликата? Како ние, како поединци, се соочуваме со истата опасност што е претставена овде, а тоа е да веруваме дека нашите верски ритуали во извесна смисла покажуваат како ние го следиме Господа на начин на кој Тој го бара тоа од нас?**

## ПОСТОТ КАКО БОРБА СО САМИОТ СЕБЕ (ИСАИЈА 58,1-12)

Десет дена откако звукот на трубата ги потсетил припадниците на Божјиот народ дека Господ треба да биде прогласен за нивен Цар на самиот Ден на помирувањето, кога нивната понизност преку самооткажување требало да ја потврди верноста кон Него како Цар, пророкот го кренал гласот како труба за да објави дека тие се, всушност, во бунт против Него (Исаија 58,1).

**Прочитајте Исаија 58,6-12. Кои дела Бог ги смета за дела на вистинско самооткажување? Впрочем, што е потешко: да прескочите неколку оброци или да го вложите сопствено време и пари за да ги нахраните бездомниците во вашиот град? Кој принцип се гледа зад овие постапки? Во која смисла вистинската религија се состои од такви дела?**

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Секој може да биде религиозен. Секој може да извршува верски ритуали, дури и исправни, според сите прописи. Но, тоа не е единственото нешто што Господ го сака. Погледнете го Исусовиот живот. Колку и да бил посветен на верските обреди од неговото време, писателите на Евангелијата ставале многу поголем акцент на Неговите дела на милосрдие, исцелување, на тоа што ги хранел гладните и им простувал на оние кои имале потреба, отколку на неговата преданост кон ритуалите.

Господ бара црква, луѓе, кои ќе му ја проповедаат вистината на светот. Но, што ќе ги привлече луѓето кон вистината каква што е во Исуса – строгото придржување кон законот за здрава исхрана или подготвеноста да им се помогне на гладните? Строгото почитување на одморот во сабота или подготвеноста да се потроши време и енергија за да им се помогне на оние кои имаат потреба?

**Прочитајте Матеј 25,40 и Јаков 1,27. Што ни кажуваат тие?**

___________________________________________________________

Погледнете ги благословите наведени во 58. глава од Книгата на пророк Исаија, за која Бог вели дека ќе им припаднат на луѓето кои сакаат да им служат на оние што имаат помалку среќа од нив. Што мислите, што ни кажува Господ овде? Дали овие ветувања се однесуваат на некаква натприродна интервенција што ќе се случи во нашиот живот ако го правиме сето тоа? Или можеби Тој ни кажува за благословите што природно ги добиваме кога се даваме себеси на другите, наместо да бидеме себични, алчни и преокупирани со самите себе? Објаснете го вашиот одговор.

## ВРЕМЕ ЗА НАС (ИСАИЈА 58,13.14)

**Зошто пророкот зборува за саботата во текстот Исаија 58,13.14? Каква врска има ова со контекстот на Денот на помирување што го гледаме во претходните стихови?**

Годишниот Ден на помирување била церемонијална сабота. Таа била како седмичната сабота во смисла дека секаква работа била забранета (3. Мојсеева 23,27-32). Според тоа, како што забележале раните адвентисти, правилото дека периодот за одмор на Денот на помирувањето трае од вечер до вечер (3. Мојсеева 23,32) ни открива дека истото мора да важи и за седмичната сабота. Слично на тоа, и пораката во стиховите Исаија 58,13.14, иако првенствено се однесува на церемонијалната сабота на Денот на помирувањето, може да се примени и на седмичната сабота.

**Прочитајте го текстот Исаија 58,13. Каква треба да биде саботата? Како можеме да постигнеме нашето саботно искуство да потсетува на она што е овде опишано? Исто така, кога помислувате на тоа што всушност претставува саботата, зошто е важно таа да биде токму таква како што е опишана во тој текст?**

________________________________________________________

Исаија 58 обработува три главни теми: самооткажувањето, милосрдието и саботата.

Каква врска постои меѓу нив?

Прво, сите три подразбираат сосредоточување на Бога, на Неговите приоритети и признавање на нашата зависност од Него. Второ, со примена на овие три работи, луѓето се стремат кон светост имитирајќи го Бога (види 3. Мојсеева 19,2), кој, во ликот на Христа, се понизил себеси (Филипјаните 2,8), покажал самопожртвувана љубов (Јован 3,16) и се одморил од својата работа во сабота на крајот од седмицата на создавањето (1. Мојсеева 2,2.3; 2. Мојсеева 20,11).

**Погледнете уште некои поврзаности меѓу темите опфатени во 58. глава од Книгата на пророк Исаија – самооткажувањето, грижата за другите и саботата: слободата од напорната работа во текот на седмицата, што им ја овозможува саботата, добра е за луѓето бидејќи им овозможува да се освежат (2. Мојсеева 23,12; Марко 2,27); Исус покажал дека е соодветно да се прават добри дела во сабота (Марко 3,1-5; Јован 5,1-17); вистинското празнување на саботата носи радост (Исаија 58,14), исто како и помагањето на другите (Исаија 58,10.11). Што треба да се промени во вашиот живот за и вие да ги доживеете тие благослови?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Никој не може без самооткажување да покаже дека вистински ги сака луѓето. Живеејќи едноставно, со самооткажување и строга умереност, можеме да ја завршиме работата што ни е доделена како Христови претставници. Гордоста и световната амбиција мора да бидат исфрлени од нашето срце. Принципот на несебичност откриен во Христовиот живот мора да се спроведе во секоја наша работа. На ѕидовите на нашите домови, на сликите, на мебелот, треба да читаме: „Доведете ги сиромашните и отфрлените во својот дом“. Треба да се види на нашите плакари, како да е напишано со Божјиот прст: ’Облечете ги голите‘. Во трпезаријата, на масата полна со обилна храна, треба да ги видиме зборовите: ’Зар не треба да им го кршите лебот на гладните?‘ (Исаија 58,7)“ (Елена Г. Вајт, *Во потрага по подобар живот*, стр. 206 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Погледнете ги прашањата што им ги поставува Исаија на луѓето од своето време: „Зошто да ги трошите сребрениците за она што не е леб, и својата надница за она што не сити?“ (Исаија 55,2) Запрашајте се на кој начин и ние можеби го правиме истото, трудејќи се околу она што не може да задоволи? Зошто е толку лесно да се падне во истата стапица?**
2. **Ако самооткажувањето, љубезноста кон другите и саботата биле важни на Денот на помирувањето во времето на Исаија, дали е исто толку важно кога станува збор и за Денот на помирувањето на крајот на времето (Даниел 8,14), кога Божјиот празник на трубите ќе го објави конечно ослободување при второто Христово доаѓање (1. Коринќаните 15,52; споредете со 3. Мојсеева 25,9-10)? Објаснете го вашиот одговор.**
3. **Разговарајте во класата за темата околу празнувањето на саботата. Според вас, што мислел Исаија кога рекол дека треба да престанеме да го правиме она што нам ни е драго во сабота, а сепак да ја нарекуваме „милина“ (Исаија 58,13)? Како да го постигнеме и едното и другото? Имајте го на ум целокупниот текст на 58. глава од Книгата на пророк Исаија.**

ЗАКЛУЧОК

Во 55. и во 58. глава од својата книга, Исаија го повикува народот да се откаже од сопствените мисли и патишта и да се врати кај Бога, чиј идеал, кога станува збор за нивната среќа, е многу повисок од нивниот. Тој милостиво проштава, а потоа инсистира на тоа, на оние на кои им е простено, да бидат милостиви во согласност со духот на Денот на помирувањето и саботата, бидејќи дарот на Божјото проштавање, кога навистина ќе се прими, го преобразува срцето.

**Поука 12**
**Од 13 – 19 март 2021**

# КОПНЕЖОТ НА НАРОДОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 59; Исаија 59,15-21; Исаија 60,1.2; Исаија 61; Исаија 61,2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И народите ќе дојдат кон твоето видело, царевите – кон светлината што изгрева над тебе“ (Исаија 60,3).**

„Ние мора да учиме во Христовата школа. Ништо, освен Неговата праведност, не може да ни даде право на кој било од благословите на заветот на милоста. Долго време копнееме по овие благослови и се обидуваме да ги добиеме, но не ги добиваме бидејќи ја негувавме мислата дека можеме да направиме нешто сами со што би се направиле себеси достојни. Не сме го свртеле погледот од самите нас, верувајќи дека Исус е жив Спасител. Не смееме да мислиме дека нашата сопствена благодат и заслуги можат да нè спасат. Нашата единствена надеж за спасение е Христовата благодат. Преку своите пророци, Господ ветува: ’Нечесниот нека го остави патот свој, и беззаконикот – помислите свои и нека се обрати кон Господ, нашиот Бог, – и Тој ќе го помилува, зашто е многу милостив‘ (Исаија 55,7). Ние мораме да веруваме во самото ветување и да не го прифаќаме чувството како вера. Кога целосно му веруваме на Бога, кога ќе се потпреме на заслугите на Исуса како Спасител кој ни ги простува гревовите, ќе ја примиме сета помош што ја посакуваме“ (Ellen G. White, Faith and Works, p. 36).

Оваа седмица можеме уште подобро да ја согледаме оваа голема вистина, како што била откриено во списите на пророкот Исаија.

# ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ГРЕВОТ (ИСАИЈА 59)

Во текстот Исаија 58,3, народот го прашува Бога: „Зошто ние постиме... а Ти не гледаш; ги измачуваме душите свои, а Ти не сакаш да знаеш?“

Спротивно на тоа, текстот Исаија 59,1 навестува едно поинакво прашање, нешто како ова: „Дали раката на Господ не се скусила, та да не може да спасува, и увото Негово не отврднало, та да не може да слуша?“ Исаија одговара дека Бог е во состојба и да слушне и да спаси (Исаија 59,1). Меѓутоа, причината зошто Тој не го прави тоа се крие во нешто сосема друго.

**Прочитајте Исаија 59,2. Која порака е дадена овде како одговор на прашањето во Исаија 59,1?**

---

Бог одлучува да го „игнорира“ својот народ, не затоа што тој сака, туку затоа што „беззаконијата ваши ве разделија од вашиот Бог“ (Исаија 59,2). Овде гледаме едно од најјасните библиски тврдења во поглед на последиците што ги остава гревот врз односот Бог-човек. Во остатокот од 59. глава, Исаија го разработува овој заклучок, што може да се види низ целата човечка историја – гревот може да го уништи нашиот однос со Господа и на тој начин да доведе до наша вечна пропаст – не затоа што гревот го оддалечува Бога од нас, туку затоа што нас нѐ оддалечува од Него.

**Прочитајте го текстот на 1. Мојсеева 3,8. Како овој текст го открива принципот изразен во претходниот пасус?**

---

Гревот првенствено е отфрлање на Бога, свртување од Него. Гревот всушност се храни со самиот себе, бидејќи не само што претставува отстапување од Бога, туку и последиците од тој чин го наведуваат грешникот да се оддалечи уште повеќе од Господа. Гревот нѐ одвојува од Бога, не затоа што Бог не сака да го досегне грешникот (всушност, целата Библија не е речиси ништо друго освен извештај за Божјите напори да ги спаси грешниците), туку затоа што гревот нѐ наведува да ја отфрлиме Неговата божествена свртеност кон нас. Затоа е толку важно да не трпиме никаков грев во нашиот живот.

**На кој начин вие сте ја доживеале реалноста на одвојувањето од Бога предизвикана од гревот? Врз основа на вашето искуство, кое е единственото решение за овој проблем?**

---

## КОМУ МУ Е ПРОСТЕНО? (ИСАИЈА 59,15-21)

Педесет и деветтата глава од Книгата на пророк Исаија претставува зачудувачка слика во врска со проблемот со гревот. За среќа, Библијата дава надеж и за спасение.

За почеток, да го поставиме прашањето: Колкумина од нас згрешиле? Библијата е недвосмислена: сите! Спасението, според тоа, не може да се заснова на отсуство на грев. Тоа мора да се заснова на проштавањето (Еремија 31,34). Павле се согласува. Сите згрешиле (Римјаните 3,9-20.23). Затоа не може да постои разлика врз оваа основа (Римјаните 3,22). Оние што се оправдани можат да бидат прогласени за праведни само затоа што со вера го прифаќаат дарот на Божјата праведност преку Христовата жртва.

**Прочитајте го текстот Римјаните 3,21-24. Што ни кажуваат овие текстови за начинот на кој се спасуваме? Каква надеж би требало да ни дадат на суд?**

______________________________________________

Повеќето луѓе мислат дека главното прашање на судот е: Кој згрешил? Меѓутоа, тоа прашање не треба ни да се поставува, бидејќи сите згрешиле. Наместо тоа, се поставува прашањето: Кому му е простено? Бог е праведен кога „го оправдува секого што верува во Исус“ (Римјаните 3,26). Решавачкото прашање на судот гласи: Кој го примил и продолжува да го прима проштавањето врз основа на тоа што верува во Исуса?

Е сега, вистина е дека ни се суди според нашите дела, но не во смисла дека нашите дела нè спасуваат. Кога би било така, верата би била напразна (Римјаните 4,14). Нашите дела, всушност, откриваат дали сме навистина спасени (Јаков 2,18).

**Зошто делата не можат да нè спасат, ниту сега, ниту на судот? Видете Римјаните 3,20.23.**

______________________________________________

Предоцна е добрите дела или послушноста кон законот кого било да спасат. Целта на законот во грешниот свет не е да спаси, туку да укаже на гревот. Зашто „верата, која дејствува преку љубовта“ (Галатјаните 5,6), љубовта која се влева во срцето преку Божјиот Дух (Римјаните 5,5), покажува дека личноста има жива вера во Исуса (видете и Јаков 2,26).

Делата се надворешен израз, човечко пројавување на спасоносната вера. Затоа, вистинско христијанско искуство е она во кое се изразува верата преку секојдневното посветување на Господа, што се открива со послушност кон законот. На судот, Бог ги користи делата како доказ пред своите созданија кои не можат да ги читаат мислите на верата, како што може Тој. Но, за преобратената личност, на судот се значајни само делата сторени по обратувањето, во силата на Христа и Светиот Дух. Животот во грев пред обратувањето е веќе измиен со крвта на Јагнето (видете Римјаните 6).

## СЕОПШТ ПОВИК (ИСАИЈА 60,1.2)

**За што станува збор во текстот Исаија 60,1.2? Кој принцип го гледаме тука на дело, а може да се види и во целата Библија? Каква надеж ни нуди?**

___

Во Исаија 60,1.2 се прикажува Божјото ослободување на Неговиот народ по прогонството, доловено со сликата за Бога кој создава светлина од темнина и однапред укажува на конечното спасение преку Христа.

**Според текстот Исаија 60,3, кон чија светлина ќе дојдат народите и царевите?**

___

На еврејски јазик, зборот што ја означува таа личност е во еднина и во женски род (видете исто така Исаија 60,1.2). Тоа сигурно е горoccupyата „Сион“, прикажана како жена и спомената пред крајот на претходната глава (Исаија 59,20). Според тоа, народите на земјата, што ги покрива темнина, ќе дојдат кон горатa Сион. Тие ќе бидат привлечени од светлината на Божјата слава што се покажува над неа (Исаија 60,2). „Горатa Сион е повикана да влезе во светлината што ѝ припаѓа, а потоа да ги набљудува и израдува народите што се собираат околу таа светлина“ (J. Alec Motyer, The Prophecy of Isaiah: An Introduction and Commentary, p. 494). Забележете дека нагласокот, и покрај фактот дека Сион всушност го претставува Ерусалим, повеќе е на луѓето отколку на физичката положба на градот.

Во остатокот од таа глава, темата претставена во текстот Исаија 60,1-3 е дополнително развиена: Народите на светот се привлечени кон Ерусалим, кој е благословен поради славното присуство на Бога во него.

**Како може ова пророштво да се спореди со Божјиот завет што му бил даден на Аврам? (1. Мојсеева 12,2.3). Зар тие не го кажуваат истото?**

Бог имал една сеопшта цел кога ги избрал Аврам и неговите потомци – преку него да бидат благословени сите семејства на земјата (1. Мојсеева 12,3; 1. Мојсеева 18,18; 1. Мојсеева 22,18). Божјиот завет со Аврам требало да биде завет со целото човештво преку Аврам. Тој и неговите потомци требале да бидат каналот преку кој Бог ги испраќа своите откровенија на светот.

Исаија настојувал да го врати својот народ на неговата некогашна цел за општото добро. Како претставници на вистинскиот Бог, тие биле одговорни не само за себе, туку и за целиот свет. Требало да ги примаат странците кои го барале Бога (видете и Исаија 56,3-8), зашто Неговиот дом ќе се нарече „дом на молитва на сите народи“ (Исаија 56,7).

**Гледано во овој контекст, како ја разбирате улогата на Адвентистичката црква или поточно, вашата лична улога во таа црква?**

## „ГОДИНА НА ГОСПОДОВАТА БЛАГОДАТ“ (ИСАИЈА 61,2)

**Кој зборува во текстот Исаија 61,1?**

---

Духот Божји е над личноста која Господ ја помазал, што значи дека тој е Помазаникот, односно Месија. Неговата работа е: „Духот на Господ Бог е врз Мене, зашто Господ Ме помаза за да им благовествувам на бедните, Ме испрати да лекувам скрушени по срце, да им проповедам на заробените и на затворениците – отворање на темницата“ (Исаија 61,1). На кого ве потсетува? Споредете го ова со текстот Исаија 42,1-7, во кој Божјиот Слуга е опишан со многу слични изрази.

Текстот Исаија 61,2 ја најавува „годината на Господовата милост“. Месија, помазан како Давидов Цар и Откупител, најавува посебна година на Божјата милост во време кога Тој прогласува слобода. Споредете го ова со 3. Мојсеева 25,10, каде што Бог им заповеда на Израелците да прогласат слобода за време на јубилејната педесетта година: „Тоа нека ви биде прославна, проштавачка, година: секој нека се врати во својата татковина; секој нека се врати во својот род!“ Тоа значи дека оние кои биле принудени да го продадат својот семеен имот или да станат слуги за да преживеат во тешки времиња (3. Мојсеева 25,25-55), ја добивале назад својата земја и слобода. Бидејќи опросната година почнувала со огласување на трубата на Денот на помирувањето (3. Мојсеева 25,9), ние веќе го спомнавме овој текст во врска со 58. глава од Книгата на пророк Исаија.

Иако „годината на Господовата милост“ во Исаија 61,2 претставувала своевидна јубилејна година, тоа не било едноставно почитување на одредбите од текстот 3. Мојсеева 25. Таа година ја најавил Месија, Царот, како време кога Тој се открива себеси преку службата на ослободување и обновување. Тоа е слично на обичајот на некои древни месопотамски цареви кои се залагале за социјална правда прогласувајќи проштавање на долговите во текот на раните години од нивното владеење. Службата на Месија е далеку поголема од опсегот на законот од 25. глава на 3. Мојсеева. Тој не само што им објавува „слобода на заробениците“, туку ги превива и ранетите во срцето, ги теши ожалостените и ги доведува до целосно обновување (Исаија 61,1-11). Покрај тоа, освен „годината на Господовата милост“, тој го најавува и „денот на одмаздата на нашиот Бог“ (Исаија 61,2).

**Кога се исполнило тоа пророштво на Исаија? Лука 4,16-21. Како се остварило ова преку Исусовата служба? Исто така, поставете си го себеси и следното важно прашање: Се разбира, ние не сме Исус, но ние треба да го претставуваме Него пред светот. Што прави Месија, според текстот Исаија 61,1-3, а треба да го правиме и ние, и покрај нашите ограничени способности? И на кои практични начини можеме да го правиме тоа?**

# „ДЕНОТ НА ОДМАЗДАТА НА НАШИОТ БОГ“ (ИСАИЈА 61,2)

**Зошто Месија, како што е опишано во текстот Исаија 61, среде сите тие добри вести, ја објавува Божјата одмазда? Кога се исполнило тоа пророштво?**

Кога бил во Назарет, Исус, Месија, читал од 61. глава од Книгата на пророк Исаија, сè додека не дошол до зборот: „Да ја навестам годината на Господовата милост“ (Исаија 61,2; Лука 4,19). Тогаш тој застанал и изјавил: „Денес се исполни ова писмо, во вашите уши“ (Лука 4,21). Така, Тој намерно и конкретно избегнал да ги прочита следниве зборови од истиот стих, кои го најавуваат „денот на одмаздата на нашиот Бог“ (Исаија 61,2). Иако Неговата служба на добри вести, слобода и утеха само што започнала да ги ослободува заробениците од тиранијата на сатаната, денот на одмаздата допрва требало да дојде. Во текстот Матеј 24 (спореди со Марко 13; Лука 21), Тој им открил на своите ученици дека божествените пресуди ќе дојдат во иднина.

Навистина, во текстот Исаија 61, денот на Божјата одмазда е „големиот и страшен ден Господов“ (Јоил 2,31; Малахија 4,5), што ќе настапи кога Христос повторно ќе дојде да ја ослободи планетата Земја од неправдата победувајќи ги неговите непријатели и избавувајќи го угнетениот остаток од својот народ (Откровение 19; спореди Даниел 2,24.45). Затоа, иако Христос го најавил почетокот на годината на „Господовата милост“, неговата кулминација ќе биде при Неговото второ доаѓање.

Како можете да го помирите сфаќањето за Бога како Бог полн со љубов, со Бога, кој ветува и одмазда? Дали тие две претстави се непомирливи? Или, таа одмазда ја сфаќате како израз на љубов? Зошто мислите така? Објаснете го својот одговор.

Иако Исус ни рекол да го свртиме другиот образ (Матеј 5,39), тој подоцна многу јасно кажува дека казната ќе се мери праведно (Матеј 8,12). Иако Павле ни кажува „никој никому да не враќа зло за зло“ (1. Солуњаните 5,15), тој исто така вели дека Господ, ќе се покаже на небото „во распламнат оган да им се одмаздува на оние кои не Го познаваат Бога“ (2. Солуњаните 1,8).

Разликата, се разбира, се огледува во фактот дека Господ, во својата бескрајна мудрост и милост, е единствениот кој може да спроведе и правда и одмазда на сосема праведен начин. Човечката правда и човечката одмазда се придружени со сите недостатоци, слабости и недоследности на човечката природа. Божјата правда, се разбира, ќе дојде без ниедно од овие ограничувања.

**Во кој од следниве случаи повеќе би сакале да се одмаздите на некој што прави зло? (1) Над човек што повредува некого што не го сакате или (2) над човек кој повредува некого што го сакате? Како ова ни помага подобро да ја разбереме врската меѓу Божјата љубов кон нас и опомената во врска со одмаздата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Видете го исто така извадокот од книгата *Патријарси и пророци* од Елена Вајт, стр. 376-378 (оригинал), како и од книгата *Копнежот на вековите*, стр. 236-243 (оригинал).

„ Исус стоел пред народот како жив толкувач на пророштвата што зборувале за него. Објаснувајќи ги зборовите што ги прочитал, зборувал за Месија како помагач на угнетените, ослободител на заробените, исцелител на болните, како Оној што ќе им го врати видот на слепите и на светот ќе му ја открие светлината на вистината. Неговото влијателно постапување и чудесното значење на неговите зборови ги проникнувале слушателите со таква сила каква што никогаш порано не почувствувале. Плимата на божественото влијание уривала секоја пречка и, како и Мојсеј, го гледале Невидливиот. Бидејќи нивните срца биле поттикнати од Светиот Дух, одговориле со сесрдно ʾамин' и со пофалби кон Господа“ (Елена Г. Ват, *Копнежот на вековите*, стр. 237, оригинал).

„Доаѓа денот на Божјата одмазда – денот на Неговиот жесток гнев. Кој ќе се одржи на денот на Неговото доаѓање? Луѓето ги затврднале своите срца кон Божјиот Дух, но стрелите на Неговиот гнев ќе навлезат таму каде што не можеле стрелите на осведочувањето. Бог нема да чека долго за да се пресмета со грешниот човек. Дали лажниот пастир ќе го заштити престапникот во тој ден? Дали ќе биде можно да му биде простено на оној што тргнал да го следи мноштвото по патот на непослушноста? Дали популарноста или бројките ќе направат некого невин? Ова се прашања на кои треба безгрижните и рамнодушните да ги разгледаат и да ги решат за себе“ (Ellen G. White, *Faith and Works*, p. 33).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**Еден адвентистички пастор сериозно изјавил дека проблем број еден во неговата служба е исклучивоста на членовите на црквата кои не сакаат други да им се придружат. Ако таквите „христијани“ не сакаат да ги прифатат ниту оние што отстапиле од својот пат да се појават во нашата црква, тогаш како можат да им дадат љубов и надеж и да му ја однесат добрата вест за Христовото царство на целиот свет, за другите да добијат прилика да се спасат пред да дојде крајот (Матеј 24,14)?**

ЗАКЛУЧОК

Бог го чисти неправедното општество со отстранување на бунтовниците и враќање на остатокот кој се одвраќа од гревовите што ги одвоиле од Него. Благодарение на благословите на Божјото присуство, луѓето од другите народи се привлечени кон Бога и кон Неговиот народ, така што и тие можат да уживаат во најавеното време на Божјата милост и избавување што ги носи Месија.

**Поука 13**
**Од 20 – 26 март 2021**

# НОВОТО РАЃАЊЕ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: : Исаија 65,17-25; Исаија 66,1-19; Исаија 66,19-21; Исаија 66,21; Исаија 66,22-24.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто, ете, Јас создавам ново небо и нова земја, а поранешните нема повеќе да се спомнуваат, ниту на ум ќе доаѓаат“ (Исаија 65,17).**

Еден ден дванаесетгодишно момче, кое штотуку прочитало некоја книга за астрономијата, одбило да оди на училиште. Мајката го однела детето кај матичниот лекар, кој го прашал: „Били, што е проблемот? Зошто повеќе не сакаш да учиш и да одиш на училиште?“

„Затоа што, докторе“, одговорило момчето, „во оваа книга за астрономијата прочитав дека сонцето еден ден ќе изгори и дека целиот живот ќе исчезне од земјата. Не гледам причина да правам нешто ако сѐ на крајот ќе изумре.“

Мајката хистерично извикала: „Тоа не е твоја работа! Тоа не е твоја работа!“

Докторот се насмевнал и рекол: „Били, не мора да се грижиш, бидејќи до моментот кога тоа ќе се случи, и онака сите ќе бидеме одамна мртви“.

Се разбира, тоа е дел од проблемот – на крајот, сите ќе бидеме мртви во секој случај.

За среќа, нашето постоење не мора да заврши со смрт. Напротив, нам ни е понуден живот, вечен живот, во еден обновен свет.

## НОВО НЕБО И НОВА ЗЕМЈА (ИСАИЈА 65,17-25)

**Прочитајте го текстот Исаија 65,17-25. Какво обновување ветува Господ тука?**

Ветувањето за новото создавање Бог го започнува со следниве зборови: „Зашто, ете, Јас создавам ново небо и нова земја, а поранешните нема повеќе да се спомнуваат, ниту на ум ќе доаѓаат" (Исаија 65,17). Во ова извонредно пророштво, Господ ветува: „Јас ќе го создадам Ерусалим за веселба, а народот негов – за радост" (Исаија 65,18). Во него веќе нема да има плач (Исаија 65,19). Ќе биде нормално луѓето да живеат многу подолго од еден век пред да умрат (Исаија 65,20). Плодот на нивниот труд и нивните деца ќе останат со нив и тие ќе уживаат со нив (Исаија 65,21-23). Бог ќе ги услиши пред да го повикаат (Исаија 65,24).

**Колку и да е убаво сето ова, зошто сепак тоа не е слика на нашето конечно обновување, на нашата последна надеж?**

____________________________________________________________

До овој момент ни беше дадена слика за долг и мирен живот во Ветената земја. Но луѓето, и покрај тоа што живеат подолго, сепак умираат. Каде е таа темелна преобразба на природата што ја очекуваме при создавањето на „новото небо" и „новата земја"? Следниот стих ни кажува: „Волк и јагне ќе пасат заедно, а лавот ќе јаде слама како вол, а на змијата правот ќе ѝ биде храна: тие нема да причинуваат зло и штета по целата Моја света гора", вели Господ" (Исаија 65,25).

За месојадите да станат тревојади, како, на пример, лавовите, потребно е многу повеќе од семинар за вегетаријанско готвење. Тоа бара ново создавање, со цел да се обнови идеалната состојба на светот, како што постоела пред гревот во Едемската градина да донесе смрт.

Овде, во 65. глава од Книгата на пророк Исаија, Бог го прикажува создавањето на „новото небо" и на „новата земја" како процес, низ чекорите што започнуваат со обновување на Ерусалим. Споредете го ова со 11. глава, каде што се зборува за тоа како Месија ќе донесе правда (Исаија 11,1-5). Тогаш, конечно, мирот ќе владее на целата Божја „Света Гора". Сликите употребени во 11. глава од книгата на пророк Исаија се слични со оние што ги наоѓаме во 65. глава: „Тогаш волк ќе живее со јагне... лавот ќе јаде слама како волот..." (Исаија 11,6.7). Иако Господовата „света гора" почнува од горката Сион во Ерусалим, тоа е само почеток, симбол на она што Бог ветува дека ќе го стори, конечно, во новиот свет со својот откупен народ.

**Замислете кога, наместо да живеат 60, 70, 90, па дури и 100 години, повеќето луѓе да живеат милион години или повеќе. Зошто, дури и тогаш, не би се решил основниот проблем на човечкиот род? Зошто вечниот живот е единствениот одговор на најдлабоките човечки потреби?**

## БОЖЕСТВЕНИОТ „МАГНЕТ“ (ИСАИЈА 66,1-19)

**Прочитајте Исаија 66,1-19. Имајќи го предвид времето во кое тој пишувал, која основна порака ја изнесува Исаија овде?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Преку пророците, Бог го повторува повикот и опомената што се провлекува низ целата негова книга: Бог ќе ги спаси и ќе ги обнови понизните кои треперат од Неговата реч (Исаија 66,2.5). Како во текстот Исаија 40,1, Тој ќе ги утеши (Исаија 66,13). Но, Тој ќе ги уништи оние што се бунат против Него. Ова ги вклучува лицемерите кои се држат за обредите и чии жртви Тој ги отфрла (Исаија 66,3.4; спореди Исаија 1,10-15), како и оние кои ги мразат и ги отфрлаат Неговите верни (Исаија 66,5). Ова исто така ги опфаќа и оние кои се занимаваат со пагански гадотии (Исаија 66,17), како што биле практикувани дури и во ерусалимскиот храм (Езекиел 8,7-12).

**Погледнете го текстот Исаија 66,3. За што зборува тој? Кои духовни принципи се откриваат овде? Како може истата идеја да се изрази во контекст на современото христијанство и богослужение?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

**Како Бог служи како магнет што ги привлекува народите кон себе? Исаија 66,18.19.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

По уништувањето на Неговите непријатели (Исаија 66,14-17), Бог ја открива својата слава со тоа што станува магнет што ги привлекува луѓето во Ерусалим (споредете со Исаија 2,2-4). Тој става „знак“ меѓу нив, што не се споменува овде конкретно, но очигледно се однесува на знакот што Исаија последен пат го спомнува: Бог му дава на својот народ радост, мир и ја обновува нивната земја (Исаија 55,12.13). Кога Тој ќе ја открие својата слава обновувајќи го народот по уништувањето, тоа претставува знак на Неговата обновена наклоност, исто како што виножитото по Потопот бил знак за Ное (1. Мојсеева 9,13-17).

**Прочитајте Исаија 66,5. Што значи да трепериш од Неговото слово? Зошто Господ сака да ние да трепериме од Неговото слово? Ако вие не треперите, што кажува тоа за состојбата на вашето срце?**

## МИСИОНЕРИТЕ И ВОДАЧИТЕ НА БОГОСЛУЖЕНИЕТО (ИСАИЈА 66,19-21)

**Што значи тоа спасените да носат луѓе од другите народи како дар на Господа? Исаија 66,19.20.**

______________________________________________________________

Оние што го преживеале уништувањето, Бог ги праќа во сите краишта на земјата, кај народите што не Го познаваат и вели: „Ќе им ја објават на народите славата Моја“ (Исаија 66,19). Тоа е една од најјасните старозаветни изјави на темата мисионство. Со други зборови, не само што луѓето ќе бидат привлечени кон еврејскиот народ, туку и некои од Евреите ќе одат меѓу други народи и ќе ги учат за вистинскиот Бог – парадигма што јасно е застапена во Новиот завет. Иако имало извесни мисионски напори од Евреите во периодот меѓу враќањето од Вавилон и Христовото доаѓање (Матеј 23,15), дури првите христијани биле тие што го ширеле евангелието со голема брзина и во големи размери (Колошаните 1,23).

Исто како што Израелците му носеле на Господа жито како дар во Неговиот храм, така му носеле и мисионерите дар. Но, тие требало да ги донесат како дар „сите ваши браќа од сите народи“ (Исаија 66,20). Како што дарот во жито било жртва на Бога што не се колела, така и обратениците биле доведени кај Бога како „жива жртва“ (споредете со Римјаните 12,1). Во прилог на тврдењето дека можат луѓе да се принесат како еден вид жртва на Бога, забележете дека многу порано Левитите биле посветувани „како принос пред Господа, во име на Израелевите синови“ (4. Мојсеева 8,11).

**Какво е значењето на Божјото ветување дека „ќе си земам од нив свештеници, левити“ (Исаија 66,21)?**

______________________________________________________________

Заменката „нив“ во стих 21 се однесува на „вашите браќа од сите народи“, споменати во претходниот стих. Тоа се пагани, меѓу кои Бог ќе избере некои да бидат водачи на богослужението заедно со свештениците и Левитите. Тоа е револуционерна промена. Бог претходно ги овластил само потомците на Арон да служат како свештеници и само припадниците на Левиевото племе да им помагаат. Паганите не можат буквално да станат потомци на Арон или Леви, но Бог овластил некои од нив да служат во тоа својство, што претходно било забрането дури и за повеќето Евреи.

**Прочитајте го текстот 1. Петрово 2,9.10. Кому му пишува Петар? Што вели тој? Каква порака има тој за нас, како припадници на денешниот „свет народ“? Дали ние сме поуспешни од првобитниот свет народ (2. Мојсеева 19,6)?**

## ЗАЕДНИЦА НА ВЕРАТА (ИСАИЈА 66,21)

Израелците биле „царство на свештеници и свет народ“ (2. Мојсеева 19,6), со посебен ред на свештеници одвоени за да го претставуваат народот како водачи на богослужението. Но, во иднина, и некои пагани ќе станат водачи на богослужението (Исаија 66,21).

**Како оваа промена ќе влијае на обновената заедница на верата? Видете Матеј 28,19; Дела 26,20; Галатјаните 3,28; Колошаните 3,11; 1. Тимотеј 3,16.**

________________________________________________________________

Според Божјиот „нов светски поредок“, паганите не само што ќе му се придружат на Божјиот народ, туку ќе станат рамноправни учесници со Евреите во мешовита заедница на верата, која ќе претставува „царство на свештеници“. Затоа, разликата меѓу Евреите и паганите ќе стане функционално небитна.

**Кога се остварило тоа пророштво на Исаија?**

Павле, мисионер меѓу незнабошците, изјавил: „Нема веќе ни Јудејци, ни Елини... зашто сите вие сте едно во Христос Исус. А, ако сте, пак, вие Христови, тогаш сте Авраамово семе, и по ветување наследници“ (Галатјаните 3,28.29).

Тоа што станале наследници на ветувањето, а со тоа и возвишено „царство на свештеници“, не било повод за умислен елитизам, туку налог да им се придружат на Евреите во објавувањето на „совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина“ (1. Петрово 2,9; споредете со текстот Исаија 66,19).

Издигнувањето на паганите не им давало право на Евреите да се жалат дека Бог е неправеден затоа што им ја дава истата награда. Ниту, пак, им дава право на паганите да се однесуваат кон еврејските браќа и сестри со непочитување, не повеќе од работниците најмени подоцна во текот на денот, кои не требало да ги омаловажуваат оние што се вработени порано (види Матеј 20,1-16). На Евреите најпрво им биле „доверени Божјите објавувања“ (Римјаните 3,2) како Божји канал на откровението. Павле им рекол на обратениците од паганството: „Ако, пак, некои од гранките се скршени, а ти, кој си дива маслинка, си бил прикалемен на нивното место и си станал заедно со нив соучесник во сочниот корен на маслинката, не биди горделив пред гранките!“ (Римјаните 11,17.18)

**Зошто, во светлината на Крстот, во светлината на евангелскиот налог, духовниот, етничкиот, па дури и политичкиот елитизам, во каков било облик, е толку омразен во Божјите очи? Внимателно преиспитајте се и видете дали негувате некакво чувство на духовна или етничка супериорност? Ако е така, покајте се!**

## ТАКА ЌЕ ПОСТОИ И ПОТОМСТВОТО ВАШЕ И ИМЕТО ВАШЕ (ИСАИЈА 66,22-24)

**Прочитајте го текстот Исаија 66,22. Што ни кажува тој? Каква надеж можеме да најдеме тука?**

____________________________________________________________

Едно од најубавите ветувања од Книгата на пророк Исаија се наоѓа во Исаија 66,22. Прочитајте го внимателно. На новото небо и на новата земја, нашите потомци и нашето име ќе постојат – засекогаш. Нема да има повеќе бришење, сечење, калемење, кубење или искоренување. Тука го имаме ветувањето за вечен живот во еден обновен свет – свет без грев, без смрт, без страдање. Тоа ќе биде ново небо и нова земја, конечно и целосно исполнување на нашата христијанска вера, кулминација на она што Христос го остварил за нас на Крстот.

**Зошто Месеците („нова месечина“, според преводот на Константинов или „младина“) се паралелни со Саботите во описот на новото небо и новата земја, запишан во Исаија 66,23?**

Иако постојат најразлични начини на кои можеме да го разгледаме овој тежок текст, еден од пристапите е следниов: Бог ја создал саботата пред да биде воспоставен жртвениот систем (1. Мојсеева 2,2.3). Затоа, иако саботите се почитуваат според ритуалниот систем, тие не зависат од него. Според тоа, тие продолжуваат да се празнуваат без прекин во текот на периодот на обновување, како и на новата земја. Но, во Библијата нема показатели дека „новите месечини“ биле легитимни денови на богослужение, одвоени од жртвениот систем. Можеби тоа ќе бидат денови на богослужение (но не задолжително и денови за одмор како седмичните сабbooти) на новата земја, веројатно во врска со месечниот циклус на дрвото на животот (Откровение 22,2).

Без оглед на конкретното значење на текстот Исаија 66,23, се чини дека клучната мисла е дека Божјиот народ ќе го обожава својот Господ низ целата вечност.

**Зошто Исаија завршува со негативна слика од спасени луѓе кои гледаат трупови на одметници што Бог ги уништил (Исаија 66,24)?**

Како сликовито предупредување за луѓето од неговото време, Исаија ја резимира спротивноста меѓу верните што ќе го преживеат уништувањето на Вавилон и бунтовниците кои ќе бидат уништени. Тоа не се вечни маки – бунтовниците се мртви, изгорени од „огнот“ на уништувањето кој нема да се изгасне сè додека не ја заврши својата работа – за да може да започне обновувањето на Ерусалим.

Предупредувањето на Исаија однапред укажува на конечното исполнување на пророштвата опишани во Откровението: уништување на грешниците и на сатаната и смрт во огненото езеро (Откровение 20), проследено со создавање на „ново небо и нова земја“, светиот „нов Ерусалим“, во кој нема да има повеќе плач и болка „зашто првото помина“ (Откровение 21,1-4; споредете со Исаија 65,17-19). Тоа ќе биде едно ново постоење, вечен живот за сите кои се откупени од оваа земја.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во врска со конечното чистење на планетата Земја од гревот, прочитајте ја главата „Големата борба е завршена“ во книгата *Големата борба* од Елена Вајт, стр. 662-678, оригинал.

„Како годините на вечноста поминуваат, ќе донесуваат сѐ побогати и почудесни откровенија на Бога и Христа. Со зголемувањето на знаењето ќе расте и нивната љубов, нивната страхопочит и среќа. Колку повеќе луѓето ќе знаат за Бога, сѐ поголемо ќе биде нивното восхитување за неговиот карактер. А кога Исус ќе го открива пред нив богатството на откупувањето и вчудовидувачките резултати од големата борба со сатаната, срцата на откупените ќе пламтат со сѐ поголема љубов. Со восхитена радост ќе ги земаат своите златни харфи и десет илјади по десет илјади и илјада илјади гласови ќе се слеат во силен хор на фалбоспев.

’Секое создание, и на небото, и на земјата, и под земјата, и во морето – сѐ што е на нив и во нив, зборува: На Оној што седи на престолот и на Јагнето благослов и чест, слава и власт во век векови‘ (Откровение 5,13).

Големата борба е завршена. Грев и грешници нема повеќе. Целата вселена е чиста. Во целата неизмерна вселена владеат потполна хармонија и радост. Од Оној кој создал сѐ тече живот, светлина и радост низ сите светови во бесконечното пространство. Од најмалечкиот атом до најголемиот свет, сѐ што е создадено, и живата и неживата природа, во својата непоматена убавина и совршена радост зборуваат дека Бог е љубов“ (Елен Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 678 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Зошто ветувањето за вечен живот на новото небо и новата земја е толку суштински важно за нашата христијанска вера? Од каква полза би била нашата вера без тоа ветување?**
2. **Прочитајте го текстот 2. Петрово 3,10-14. На кој начин овие стихови ја одразуваат истата мисла дадена во 66. глава од Книгата на пророк Исаија?**

### ЗАКЛУЧОК

Исаија изнесува визија со восхитувачки размери. Не само што Бог ќе ја очисти и обнови својата заедница во верата, туку и ќе ги прошири нејзините граници за да ги опфати сите народи. На крајот, новото создавање на Неговата заедница ќе води до ново создавање на планетата Земја, на која Неговото присуство ќе биде конечна утеха на Неговиот народ.

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈАНУАРИ

## БОЖЈАТА РЕЧ И НЕГОВИТЕ ДЕЛА

### МОЈА ОДБРАНА ВО ИСКУШЕНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Петок* | **Псалм 119,105.** | *„Светлина за патеката моја.“* |
| *2. Сабота* | **Псалм 119,11.** | *Моја одбрана во искушение* |

### КНИГА ШТО ОПСТОЈУВА

| | | |
|---|---|---|
| *3. Недела* | **2. Коринќаните 1,20.** | *Нејзините ветувања ми припаѓаат на мене* |
| *4. Понеделник* | **1. Петрово 1,21.** | *Учебник за целиот човечки род* |
| *5. Вторник* | **2. Коринќаните 4,7.** | *Библија од небото* |
| *6. Среда* | **2. Тимотеј 3,16.** | *Целата Библија е вдахновена* |
| *7. Четврток* | **Псалм 12,6.** | *Непогрешливо откровение* |
| *8. Петок* | **Римјаните 11,33.** | *Тајни кои не можеме да ги сфатиме* |
| *9. Сабота* | **Матеј 24,35.** | *Книга што опстојува* |

### ХРИСТОС ЖИВА РЕЧ

| | | |
|---|---|---|
| *10. Недела* | **Псалм 34,8.** | *Искуствен доказ* |
| *11. Понеделник* | **Јован 1,14.** | *Христос жива Реч* |
| *12. Вторник* | **Псалм 119,9.** | *Тајната на силата* |
| *13. Среда* | **1. Петрово 1,23.** | *Наново родени од Словото* |
| *14. Четврток* | **Лука 4,4.** | *Храна за мојата душа* |
| *15. Петок* | **Јован 6,63.** | *Живот во Божјата Реч* |
| *16. Сабота* | **Јован 6,54.55.** | *Трпеза поставена „пред мене“* |

### ПРИРОДАТА ЗБОРУВА ЗА БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *17. Недела* | **2. Петрова 1,4.** | *Поврзани со божественото* |
| *18. Понеделник* | **Евреите 11,3.** | *Потекло од создавањето* |
| *19. Вторник* | **Лука 12,27.** | *Природата зборува за Бога* |
| *20. Среда* | **Исаија 40,26.** | *Небесата објавуваат [...]* |
| *21. Четврток* | **Псалм 33,6.** | *Создавање, а не еволуција* |
| *22. Петок* | **Колошаните 1,17.** | *Бог ја одржува природата* |
| *23. Сабота* | **1. Мојсеева 1,27.** | *Круна на создавањето* |

### ПОСВЕТЕНИ ЗА СЛУЖБА НА БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *24. Недела* | **Лука 12,23.** | *Што е твојот живот?* |
| *25. Понеделник* | **1. Мојсеева 2,2.3.** | *Воспоставен пред создавањето* |
| *26. Вторник* | **Псалм 111,4.** | *Свет споменик* |
| *27. Среда* | **Езекиел 20,12.** | *Посебен знак* |
| *28. Четврток* | **2. Мојсеева 20,8.** | *Подготовка за светиот ден* |
| *29. Петок* | **Псалм 122,1.** | *Посветени за служба на Бога* |
| *30. Сабота* | **Исаија 58,13.14.** | *Најрадосниот ден во седмицата* |

### ЌЕ СЕ ПРАЗНУВА И ВО ВЕЧНОСТА

| | | |
|---|---|---|
| *31. Недела* | **Исаија 66,23.** | *Ќе се празнува и во вечноста* |

УТРИНСКИ СТИХОВИ – ФЕВРУАРИ

# ТРОЈЦА ВЕЛИКОДОСТОЈНИЦИ НА НЕБОТО

## ВЕРЕН И ВИСТИНИТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | **1. Коринќаните 8,6.** | *Нашиот небесен Татко полн со љубов* |
| *2. Вторник* | **1. Летописи 29,11.** | *Неговото величие и возвишеност* |
| *3. Среда* | **Евреите 1,1-3.** | *Личен Бог* |
| *4. Четврток* | **Псалм 111,9.** | *Неговото име е свето...* |
| *5. Петок* | **Малахија 3,6.** | *Верен и вистинит* |
| *6. Сабота* | **1. Јованово 3,1.** | *Израз на Неговата чудесна љубов* |

## ТОЈ УМРЕ ЗА НАС

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | **Матеј 5,48.** | *Совршен на сите негови патишта* |
| *8. Понеделник* | **Јован 3,16.** | *Божји дар за човечката раса* |
| *9. Вторник* | **Јован 17,5.** | *Неговото вечно постоење* |
| *10. Среда* | **2. Мојсеева 3,14.** | *Великиот „ЈАС СУМ“* |
| *11. Четврток* | **1. Тимотеј 3,16.** | *Отелотворен Создател* |
| *12. Петок* | **Јован 14,30.** | *Неговиот беспрекорен живот* |
| *13. Сабота* | **Римјаните 5,8.** | *Тој умре за нас* |

## УТЕШИТЕЛ И УЧИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | **Јован 10,10.** | *Исусовото воскресение и новиот живот* |
| *15. Понеделник* | **2. Коринќаните 13,13.** | *Третото лице на Божеството* |
| *16. Вторник* | **Дела 2,38.** | *Божји дар за тебе* |
| *17. Среда* | **Јован 3,8.** | *Таинствено и нежно присуство* |
| *18. Четврток* | **Римјаните 5,5.** | *Посредник во откупувањето* |
| *19. Петок* | **Јован 14,26.** | *Утешител и Учител* |
| *20. Сабота* | **1. Јованово 3,24.** | *Духот што живее во нас* |

## БОГ Е ЉУБОВ

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | **Ефесјаните 4,30.** | *Не жалостете го Духот* |
| *22. Понеделник* | **1. Јованово 4,8.** | *Бог е љубов* |
| *23. Вторник* | **Дела 10,34.35.** | *Бог не гледа кој е кој* |
| *24. Среда* | **Наум 1,7.** | *Бескрајно мудар и добар* |
| *25. Четврток* | **Псалм 139,7.8.** | *Божјото присуство е секогаш со нас* |
| *26. Петок* | **1. Петрово 5,7.** | *Неговата нежна грижа, полна со љубов* |
| *27. Сабота* | **Римјаните 8,28.** | *Божјото спасоносно провидение* |

## ОНОЈ КОЈ ГИ САКА СИТЕ ЛУЃЕ

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | **Ефесјаните 3,14.15.** | *Оној кој ги сака сите луѓе* |

УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАРТ

# САТАНАТА И ГОЛЕМИОТ БУНТ

## ПАЗЕТЕ СЕ ОД НЕВИСТИНИ!

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | **Исаија 59,2.** | *Растење на бунтот* |
| *2. Вторник* | **Мудри изреки 10,22.** | *Амбицијата носи мака* |
| *3. Среда* | **Мудри изреки 16,28.** | *Гордоста доаѓа пред пропаста* |
| *4. Четврток* | **Ефесјаните 6,14.** | *Пазете се од невистини!* |
| *5. Петок* | **Римјаните 7,13.** | *„Грев – премногу грешен“* |
| *6. Сабота* | **Римјаните 6,23.** | *Живот или смрт?* |

## СПАСИТЕЛ ОД ВЕЧНИ ВРЕМИЊА

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | **Римјаните 16,20.** | *Бунтот ќе биде задушен* |
| *8. Понеделник* | **5. Мојсеева 5,29.** | *Човековото самоволие* |
| *9. Вторник* | **Мудри изреки 13,15.** | *Патот на престапникот* |
| *10. Среда* | **1. Мојсеева 3,15.** | *Првото ветување за откупување* |
| *11. Четврток* | **Ефесјаните 1,3.4.** | *Спасител од вечни времиња* |
| *12. Петок* | **1. Мојсеева 17,7.** | *Божјиот план да го откупи човекот* |
| *13. Сабота* | **Галатјаните 2,16.** | *Човекот не е способен сам да се спаси* |

## ВО ХАРМОНИЈА СО НЕБОТО

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | **Евреите 1,14.** | *Ангелите – наши пријатели и чувари* |
| *15. Понеделник* | **Псалм 111,7.8.** | *Божјите заповеди се сигурни* |
| *16. Вторник* | **Даниел 7,25.** | *Недозволено менување на Божјите заповеди* |
| *17. Среда* | **Јован 7,17.** | *Човекот како слободно морално суштество* |
| *18. Четврток* | **Псалм 119,165.** | *Во хармонија со небото* |
| *19. Петок* | **Псалм 119,18.** | *Она што е чудесно во Божјиот закон* |
| *20. Сабота* | **Јован 15,10.** | *Исусовиот пример во држењето на законот* |

## ВЕРА ШТО ДЕЛУВА

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | **Јован 14,15.** | *Големиот принцип на законот* |
| *22. Понеделник* | **Еремија 29,13.14.** | *Нашата беспомошна состојба во гревот* |
| *23. Вторник* | **Јаков 1,17.** | *Евангелието за двата заветни периоди* |
| *24. Среда* | **Римјаните 6,14.** | *Обилна благодат за послушност* |
| *25. Четврток* | **Евреите 11,6.** | *Вера што делува* |
| *26. Петок* | **Јаков 2,17.** | *Како се усовршува верата* |
| *27. Сабота* | **Римјаните 2,23.24.** | *Дали постапуваме спротивно на она што го исповедаме?* |

## СПАСОНОСНАТА СИЛА НА ИСУС

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | **Римјаните 3,31.** | *Дали верата ја исклучува послушноста?* |
| *29. Понеделник* | **Ефесјаните 2,8.9.** | *Важен фактор на спасоносната сила* |
| *30. Вторник* | **Псалм 119,32.** | *Молитва за пошироко искуство* |
| *31. Среда* | **2. Коринќаните 12,9.** | *Спасоносната сила на Исус* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јануари*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Мојс. 1-3 |
| **2.** | 4-6 |
| | |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-12 |
| 5. | 13-15 |
| 6. | 16-19 |
| 7. | 20-23 |
| 8. | 24-26 |
| **9.** | 27-30 |
| | |
| 10. | 31-33 |
| 11. | 34-36 |
| 12. | 37-39 |
| 13. | 40-42 |
| 14. | 43-46 |
| 15. | 47-50 |
| **16.** | 2. Мојс. 1-3 |
| | |
| 17. | 4-6 |
| 18. | 7-9 |
| 19. | 10-12 |
| 20. | 13-15 |
| 21. | 16-18 |
| 22. | 19-21 |
| **23.** | 22-26 |
| | |
| 24. | 27-29 |
| 25. | 30-31 |
| 26. | 32-34 |
| 27. | 35-37 |
| 28. | 38-40 |
| 29. | 1-4 |
| **30.** | 5-7 |
| | |
| 31. | 8-10 |

## *Февруари*

| | |
|---|---|
| 1. | 3. Мојс. 11-13 |
| 2. | 14-16 |
| 3. | 17-19 |
| 4. | 20-23 |
| 5. | 24-27 |
| **6.** | 4. Мојс. 1-3 |
| | |
| 7. | 4-6 |
| 8. | 7-9 |
| 9. | 10-13 |
| 10. | 14-16 |
| 11. | 17-19 |
| 12. | 20-22 |
| **13.** | 23-26 |
| | |
| 14. | 27-29 |
| 15. | 30-32 |
| 16. | 33-36 |
| 17. | 5. Мој. 1-3 |
| 18. | 4-6 |
| 19. | 7-9 |
| **20.** | 10-13 |
| | |
| 21. | 14-16 |
| 22. | 17-19 |
| 23. | 20-22 |
| 24. | 23-25 |
| 25. | 26-28 |
| 26. | 29-31 |
| **27.** | 32-24 |
| | |
| 28. | И. Навин 1-3 |

## *Март*

| | |
|---|---|
| 1. | И. Навин 3-4 |
| 2. | И. Навин 5-9 |
| 3. | 10-13 |
| 4. | 14-17 |
| 5. | 18-21 |
| **6.** | 22-24 |
| | |
| 7. | Судии 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| 9. | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| 11. | 13-15 |
| 12. | 16-18 |
| **13.** | 19-21 |
| | |
| 14. | За Рута 1 и |
| 15. | 3 и 4 |
| 16. | 1. Сам. 1-3 |
| 17. | 4-6 |
| 18. | 7-9 |
| 19. | 10-12 |
| **20.** | 13-17 |
| | |
| 21. | 18-20 |
| 22. | 21-23 |
| 23. | 24-26 |
| 24. | 27-31 |
| 25. | 2. Сам. 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| **27.** | 7-11 |
| | |
| 28. | 12-14 |
| 29. | 15-17 |
| 30. | 18-20 |
| 31. | 21-24 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Јануари*

1. Псалм 1
**2.** Псалм 2
3. Псалм 3
4. Псалм 4
5. Псалм 5
6. Псалм 6
7. Псалм 7
8. Псалм 8
**9.** Псалм 9
10. Псалм 10
11. Псалм 11
12. Псалм 12
13. Псалм 13
14. Псалм 14
15. Псалм 15
**16.** Псалм 16
17. Псалм 17
18. Псалм 18,1-15
19. Псалм 18,16-30
20. Псалм 28,31-50
21. Псалм 19
22. Псалм 20
**23.** Псалм 21
24. Псалм 22,1-15
25. Псалм 22,16-31
26. Псалм 23
27. Псалм 24
28. Псалм 25
29. Псалм 26
**30.** Псалм 27
31. Псалм 28

## *Февруари*

1. Псалм 29
2. Псалм 30
3. Псалм 31,1-14
4. Псалм 31,15-24
5. Псалм 32
**6.** Псалм 33
7. Псалм 34
8. Псалм 35,1-14
9. Псалм 35,15-28
10. Псалм 36
11. Псалм 37,1-19
12. Псалм 37,20-40
**13.** Псалм 38
14. Псалм 39
15. Псалм 40
16. Псалм 41
17. Псалм 42
18. Псалм 43
19. Псалм 44,1-12
**20.** Псалм 44,13-26
21. Псалм 45
22. Псалм 46
23. Псалм 47
24. Псалм 48
25. Псалм 49
26. Псалм 50,1-5
**27.** Псалм 50,16-23
28. Псалм 51

## *Март*

1. Псалм 52
2. Псалм 53
3. Псалм 54
4. Псалм 55
5. Псалм 56
**6.** Псалм 57
7. Псалм 58
8. Псалм 59
9. Псалм 60
10. Псалм 61
11. Псалм 62
12. Псалм 63
**13.** Псалм 64
14. Псалм 65
15. Псалм 66
16. Псалм 67
17. Псалм 68
18. Псалм 69 ,1-16
19. Псалм 69,17-36
**20.** Псалм 70
21. Псалм 71,1-15
22. Псалм 71,15-24
23. Псалм 72
24. Псалм 73,1-15
25. Псалм 73,16-28
26. Псалм 74
**27.** Псалм 75
28. Псалм 76
29. Псалм 77
30. Псалм 78 ,1-14
31. Псалм 78,15-28

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ЈАНУАРИ 2021 – ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1. | 8. | 15. | 22. | 29. |
| Виница | 16:09 | 16:16 | 16:23 | 16:32 | 16:41 |
| Колешино | 16:10 | 16:16 | 16:24 | 16:32 | 16:41 |
| Стар Дојран | 16:11 | 16:17 | 16:25 | 16:33 | 16:41 |
| Куманово | 16:12 | 16:18 | 16:26 | 16:34 | 16:43 |
| Неготино | 16:12 | 16:19 | 16:26 | 16:35 | 16:43 |
| Струмица | 16:10 | 16:17 | 16:24 | 16:32 | 16:41 |
| Кочани | 16:09 | 16:16 | 16:24 | 16:32 | 16:41 |
| Велес | 16:13 | 16:19 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Кавадарци | 16:13 | 16:19 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Дебар | 16:18 | 16:25 | 16:32 | 16:41 | 16:49 |
| Скопје | 16:13 | 16:20 | 16:27 | 16:36 | 16:45 |
| Битола | 16:17 | 16:23 | 16:31 | 16:39 | 16:47 |
| Кичево | 16:17 | 16:23 | 16:31 | 16:39 | 16:48 |
| Лаки | 16:09 | 16:15 | 16:23 | 16:31 | 16:40 |
| Чифлик | 16:12 | 16:18 | 16:26 | 16:34 | 16:43 |
| Штип | 16:11 | 16:17 | 16:25 | 16:33 | 16:42 |
| Тетово | 16:15 | 16:22 | 16:29 | 16:38 | 16:47 |
| Јегуновце | 16:14 | 16:21 | 16:28 | 16:37 | 16:46 |
| Росоман | 16:13 | 16:19 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Гевгелија | 16:12 | 16:18 | 16:26 | 16:34 | 16:42 |
| Свети Николе | 16:11 | 16:18 | 16:26 | 16:34 | 16:43 |
| Делчево | 16:08 | 16:14 | 16:22 | 16:31 | 16:39 |
| Валандово | 16:11 | 16:17 | 16:25 | 16:33 | 16:42 |
| Охрид | 16:18 | 16:25 | 16:32 | 16:41 | 16:49 |
| Радовиш | 16:10 | 16:17 | 16:24 | 16:33 | 16:41 |
| Прилеп | 16:15 | 16:21 | 16:29 | 16:37 | 16:46 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ФЕВРУАРИ 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 5. | 12. | 19. | 26. |
| Виница | 16:50 | 16:59 | 17:07 | 17:16 |
| Колешино | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:15 |
| Стар Дојран | 16:50 | 16:59 | 17:07 | 17:16 |
| Куманово | 16:52 | 17:01 | 17:10 | 17:19 |
| Неготино | 16:52 | 17:01 | 17:10 | 17:18 |
| Струмица | 16:50 | 16:59 | 17:07 | 17:16 |
| Кочани | 16:50 | 16:59 | 17:08 | 17:16 |
| Велес | 16:53 | 17:02 | 17:11 | 17:19 |
| Кавадарци | 16:53 | 17:01 | 17:10 | 17:18 |
| Дебар | 16:58 | 17:07 | 17:16 | 17:24 |
| Скопје | 16:54 | 17:03 | 17:12 | 17:20 |
| Битола | 16:56 | 17:05 | 17:13 | 17:22 |
| Кичево | 16:57 | 17:05 | 17:14 | 17:23 |
| Лаки | 16:49 | 16:58 | 17:07 | 17:15 |
| Чифлик | 16:52 | 17:01 | 17:09 | 17:18 |
| Штип | 16:51 | 17:00 | 17:09 | 17:17 |
| Тетово | 16:56 | 17:05 | 17:13 | 17:22 |
| Јегуновце | 16:55 | 17:04 | 17:13 | 17:21 |
| Росоман | 16:53 | 17:01 | 17:10 | 17:19 |
| Гевгелија | 16:51 | 17:00 | 17:08 | 17:17 |
| Свети Николе | 16:52 | 17:01 | 17:10 | 17:18 |
| Делчево | 16:48 | 16:57 | 17:06 | 17:15 |
| Валандово | 16:51 | 16:59 | 17:08 | 17:16 |
| Охрид | 16:58 | 17:07 | 17:15 | 17:24 |
| Радовиш | 16:50 | 16:59 | 17:08 | 17:16 |
| Прилеп | 16:55 | 17:03 | 17:12 | 17:20 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАРТ 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | *5.* | *12.* | *19.* | *26.* |
| **Виница** | **17:24** | **17:32** | **17:40** | **17:48** |
| **Колешино** | **17:23** | **17:31** | **17:39** | **17:47** |
| **Стар Дојран** | **17:24** | **17:32** | **17:40** | **17:47** |
| **Куманово** | **17:27** | **17:36** | **17:44** | **17:51** |
| **Неготино** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:50** |
| **Струмица** | **17:24** | **17:32** | **17:40** | **17:48** |
| **Кочани** | **17:25** | **17:33** | **17:41** | **17:49** |
| **Велес** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:51** |
| **Кавадарци** | **17:27** | **17:35** | **17:42** | **17:50** |
| **Дебар** | **17:32** | **17:40** | **17:48** | **17:56** |
| **Скопје** | **17:29** | **17:37** | **17:45** | **17:53** |
| **Битола** | **17:30** | **17:37** | **17:45** | **17:53** |
| **Кичево** | **17:31** | **17:39** | **17:47** | **17:54** |
| **Лаки** | **17:24** | **17:32** | **17:40** | **17:48** |
| **Чифлик** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:49** |
| **Штип** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:49** |
| **Тетово** | **17:30** | **17:39** | **17:47** | **17:54** |
| **Јегуновце** | **17:30** | **17:38** | **17:46** | **17:54** |
| **Росоман** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:50** |
| **Гевгелија** | **17:25** | **17:33** | **17:40** | **17:48** |
| **Свети Николе** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:50** |
| **Делчево** | **17:23** | **17:31** | **17:39** | **17:47** |
| **Валандово** | **17:24** | **17:32** | **17:40** | **17:48** |
| **Охрид** | **17:32** | **17:40** | **17:47** | **17:55** |
| **Радовиш** | **17:25** | **17:33** | **17:41** | **17:48** |
| **Прилеп** | **17:29** | **17:36** | **17:44** | **17:52** |

*Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).**

# ЕВРОАЗИСКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Белоруска | 66 | 28 | 3,837 | 9,467,000 |
| Кавкаска | 135 | 67 | 7,601 | 30,761,081 |
| Источно-руска | 82 | 39 | 5,064 | 22,707,619 |
| Далекоисточна | 51 | 17 | 2,162 | 6,154,807 |
| Молдавска | 140 | 98 | 8,658 | 3,543,000 |
| Јужна | 70 | 45 | 4,050 | 111,642,000 |
| Транскавкаска | 27 | 15 | 1,180 | 6,959,000 |
| Украинска | 810 | 267 | 45,208 | 42,037,000 |
| Западноруска | 378 | 296 | 27,744 | 95,218,493 |
| Кримска | 26 | 6 | 1,748 | 1,912,000 |
| **ВКУПНО** | **1,785** | **878** | **107,252** | **330,402,000** |

**ПРОЕКТИ:**

1. Изградба на трокатна претшколска установа, основно и средно училиште во Украинскиот адвентистички центар за високо образование во Буча, Украина.
2. Изградба на двокатна претшколска установа, основно и средно училиште при Адвентистичкиот универзитет Заокски во округот Тула, Русија.